МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Факултет за Правни Науки

Студиска програма: Казнено право

Магистерски труд:
КОМПАРАТИВЕН ОСВРТ НА КАЗНЕНО ПРАВНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ

Студент: Анџело Трајков
Број на индекс: М217022
Ментор: Марија Гроздановска

Свети Николе, 2023 година

КОМПАРАТИВЕН ОСВРТ НА КАЗНЕНО ПРАВНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ

Краток извадок

Законитоста во определувањето на кривичните дела и на пропишувањето на кривичните санкции значи дека на никого не може да му биде изречена казна или друга кривична санкција за дело кое, пред да е сторено, не било со закон или со меѓународните договори ратификувано како кривично дело согласно со Уставот на Република Северна Македонија и за кое не била пропишана казна со закон. Ова е еддна од премисите врз која почива системот на казненото право во Република Северна Македонија и прв член од Кривичниот Законик.

Компарацијата на казненото право на Република Северна Македонија, неговата еволуција низ годините со останати казнени системи и правни системи воопшто, ни ја дава големата слика за вистинската ефикасност на пенетенцијарниот систем. Без компарацијата, а со тоа и компаративното право, еден правен систем не би можел да се развива и усовршува. Најчесто правните системи се споредуваат со правни системи на држави кои во својот развој се понапредни од основниот систем и тогаш доаѓаме до следни точки за подобрување на истиот. Во магистерскиот труд казнениот систем на Република Северна Македонија ќе биде спореден со казнениот систем на Соединетите Американски Држави. Големите различности се вредни за согледување како импровизирачки ситуации, анализирање на позитивната правна рамка и практичните примери. Казнениот систем на Соединетите Американски држави важи за напреден и еминентен систем, кој изобилува со бројни позитивни пракси, континуиран напредок во законската рамка на истиот.

Клучни зборови: казнено - правен систем, компарација, развој, казнена постапка, материјално - казнено право.

КОМПАРАТИВЕН ОСВРТ НА КАЗНЕНО ПРАВНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ

Abstract

Legality in the determination of criminal acts and the prescription of criminal sanctions means that no one can be sentenced to a penalty or other criminal sanction for a crime that, before it was committed was not ratified by law or international agreements in accordance with the Constitution of the Republic North Macedonia defined as a crime and for which no punishment was prescribed by law. This is one of the premises on which rests the criminal law system in the Republic of North Macedonia and the first article of the Criminal Code.

The comparison of the penal law of the Republic of North Macedonia its evolution over the years with other penal systems and legal systems in general gives us the big picture of the true efficiency of the penitentiary system. Without comparison and thus comparative law a legal system could not develop and improve. Most often, legal systems are compared with legal systems of countries that are more advanced in their development than the basic system and then we come to the following points for improving it. In the master's thesis, the penal system of the Republic of North Macedonia will be compared with the penal system of the United States of America. The great differences are worth perceiving as improvisational situations, analyzing the positive legal framework and practical examples. The penal system of the United States of America is considered an advanced and eminent system which abounds with numerous positive practices, continuous progress in its legal framework.

Key words: criminal - legal system, comparison, development, criminal procedure, material - criminal law.

СОДРЖИНА

ВОВЕД....8

1. ПРВА ГЛАВА....10

1.1. Историјат на римското право во однос на казнено правниот систем на Република Северна Македонија....10

2. Историски развиток на кривичната постапка....16

2.1. Акузаторна кривична постапка....17

2.2. Инквизиторна кривична постапка....18

2.3. Мешовита кривична постапка....21

3. Казненото право во македонскиот современ казненоправен систем....24

4. Поим на казненото процесно право....26

5. Извори и важење на казненото процесно право....26

5.1. Домашни извори....27

5.2. Главни домашни извори....27

5.3. Споредни домашни извори....29

5.4. Меѓународни извори....29

5.4.1. Главни меѓународни извори....30

5.4.2. Дополнителни меѓународни извори....30

5.4.3. Споредни меѓународни извори....31

6. Судска практика....32

7. Начела на кривичната постапка....32

7.1.Основни начела....33

7.1.1. Барање на вистината....33

7.2. Правична постапка....35

7.2.1. Теорија на правично одлучување....36

7.2.2. Теорија на правата....37

7.3. Начело на правична постапка....38

7.4. Претпоставка за невиност(пресумпција на невиност)....40

8. Начела кои се однесуваат на поведување на постапката....40

8.1. Акузаторност....40

8.2. Официјалност....41

8.3. Легалитет....43

8.4. Начело на опортунитет....43

9. Начела кои се однесуваат на водењето на кривичната постапка....45

9.1.Контрадикторност....45

9.2.Усност....46

9.3.Јавност....46

9.4. Непосредност....48

10. Субјекти на кривичната постапка....50

10.1.Судови 50
10.1.1. Поим 50
10.2. Надлежност 51
10.2.1.Стварна надлежност (rationae materiae) 52
10.3. Месна надлежност(rationae loci) 54
10.3.1. Редовна месна надлежност 55
10.3.2.Вонредната месна надлежност 55
10.4. Ненадлежност 56
10.5. Судир на надлежност 57
10.6. Состав на судот 58
10.7. Избор, мирување и престанок на функцијата и разрешување на судиите 60
10.7.1.Избор 60
10.7.2. Посебни услови 61
10.7.3. Престанок на судската функција 62
10.8. Избор и престанок на фукцијата судија-поротник 62
10.8.1.Избор 62
10.8.2.Општи услови 62
10.8.3.Посебни услови 63
10.8.4.Престанок 63
10.9. Изземање 63
10.9.1. Причини за изземање 64
10.9.2.Постапка за изземање 65
11. Јавен обвинител 66
11.1. Надлежност, права и должности 66
11.1.1. Раководна функција на ЈО во предистражната постапка 67
11.2. Организација 68
11.3. Именување и избор, мирување, престанок, разрешување и изземање 70
11.3.1. Општи услови 70
11.3.2.Посебни услови 70
11.3.3.Престанок и разрешување 71
12. Приватен тужител 72
13. Оштетен и жртва 73
13.1. Оштетен 73
13.1.1. Поим 73
13.1.2. Процесната положба на оштетениот 74
13.1.3.Права на оштетениот 74
13.2. Жртва 75
14.Обвинет 76
14.1. Процесна положба на обвинетиот 77
15.Бранител 80
15.1.Поставување на бранител 81
15.2. Процесна положба на бранителот 82

15.3. Права и должности на бранителот....83
16. Органи со посебни овластувања....83
16.1. Правосудна полиција....83
16.1.1.Должности на правосудната полиција....84
16.2. Финансиска полиција....84
16.3. Царинска управа....84
17. Објект на кривичната постапка....85
17.1. Општи белешки....85
17.2. Кривично дело....85
17.3. Конекситет....86
17.4. Имотноправни барања (Атхезиона постапка)....88
17.4.1.Расправање на имотноправно барање и негов предмет....88
17.4.2. Одлучување за имотноправното барање....89
17.4.3.Поднесување на имотноправно барање....89
17.4.4.Откажување од предлогот за остварување имотноправно барање....90
17.4.5.Поништување на правна работа....90
17.4.6.Враќање на предмети....91
17.5. Прејудициелни прашања....91
17.6.Трошоци на кривичната постапка....92
18.Одлуки во Кривичната постапка....93
18.1.Поим....93
18.2. Видови одлуки....94
18.2.1. Пресуда....94
18.2.2.Решение....94
18.2.3 Наредба....94
18.3. Начин на донесување на одлуките....95
18.3.1.Распоред на прашањата за кои се гласа....95
18.4.Доставување на одлуките....96
18.5. Правосилност на судските одлуки....97
19. Стадиуми на кривичната постапка....98
19.1. Претходна постапка....98
19.2. Предистражна постапка....99
19.3. Полициски извиди – прва фаза во предистражната постапка....100
19.4. Прибирање потребни известувања на јавниот обвинител....102
19.5. Истражна постапка....104
19.6. Доказно рочиште....106
20. Обвинување....107
20.1. Обвинителен акт....107
20.2. Рочиште за оцена на обвинителен акт....109
20.3. Обвинителен предлог....110
20.4. Приватна тужба....110
21. Главна расправа....110

2. ВТОРА ГЛАВА 114
1.Вовед во кривичното право на Соединетите Американски Држави 114
2.Принципи на кривичното право во Соединетите Американски Држави 114
2.1. Common law и code law 115
3.Извори на казненото право на Соединетите Американски Држави 116
3.1.Устав на Соединетите Американски Држави 117
4.Законодавство 119
5. Поротата во САД 121
6. Полициско постапување 122
6.1. Претрес 123
6.2. Апсење 126
6.3. Исклучување на доказите 128
6.4. Испитување 129
7. Кривична судска постапка 130
7.1. Изведување пред судски службеник 130
7.2. Начини на обвинување 131
7.3. Прелиминарно сослушување 132
7.4.Предсудски предлози 133
8.Судење 133
8.1. Карактеристики на судењето 133
8.2. Судење во разумен рок 134
8.3. Јавно судење 134
8.4. Поротно судење 135
9. Тек на судење 135
9.1. Воведни говори 135
9.2. Дејствија на странките 136
9.3. Улога на судијата 137
9.4. Улога на жртвата 138
9.5. Завршни обраќања 138
9.6. Улогата на поротата и начин на донесување на одлука 139
10. Дејствија по завршување на судењето 139
10.1. Казнување 139
10.2. Жалба 140
3.ТРЕТА ГЛАВА 141
3.1. Сличности и разлики помеѓу кривично – правниот систем на Република Северна Македонија и кривично – правниот систем на Соединетите Американски Држави 141
Истражување 150
Заклучок 156
Користена литература 158

ВОВЕД

Римската казнена постапка несомнено има влијание врз развитокот на казнената постапка во сите земји од континентална Европа, па и на казнената постапка и казнено - правниот систем во Република Северна Македонија. Како доказ за ова сведочи присутноста на елементи од акузаторната и инквизициската постапка од Римскиот правен систем, кои ќе бидат детално разработувани во магистерскиот труд кој следи.

Несомнено, значајноста на Римскиот казнен систем ја гледаме најпрво во фактот што тој бил првиот антички правен систем кој што поседувал целосна правна уреденост детално елаборирана во огромен број на закони и уште тогаш целосно средена и целосно јасна правна нормативa. Понатаму, Римската Империја зафаќала територија скоро на цела континентална Европа, па влијанието на правниот поредок во државите кои ја зафаќаат таа територија, било неминовно.

Европското општество почнува и продолжува да функционира на база на модифицираните Римски принципи, па за тоа до ден денес согледуваме круцијални елементи на Римските принципи, како и остатоци од некој од неговите системи кои еволуирале низ годините. Република Северна Македонија, како правен систем и казнено - правен систем, кој ги има имплементирано овие елементи на Римските принципи постои и претставува една систематска правна структура организирана беспрекорно и концепциски. Секаде постои простор за подобрување и овде настапува компаративното право, кое сега го имплементираме како модерен систем кој што може да се споредува со македонскиот казнено - правен систем колку и истиот да е различен или сличен со оној со кој што се споредува.

Казнено - правниот систем во Република Северна Македонија, во овој труд ќе биде споредуван со казнено - правниот систем на Соединетите Американски Држави. Со цел хармонично презентирање на „вечноста“ на принципите и институтите на овие две држави, нивните принципи и од каде истите доаѓаат. Во современите казнени законодавства најпрво тргнуваме од дефинирање на основните поими во казненото право и казненото процесно право.

Во таа смисла, во Соединетите Американски Држави се сретнуваме со истите правни термини, како и во било кој казнено - правен систем, па така и во казненено - правниот систем на Република Северна Македонија. Дефинициите се скоро исти, а нивната примена и понатамошно толкување е она што ги разликува правните системи во одделни држави.

На пример: „Противправно дело кое што со закон е определено како кривично дело, согласно со начелото nullum crimen, nulla poena sine lege stricta.“

Каков е законот во однос на определувањето на противправните дела е она што ги разликува системите на Република Северна Македонија и оној на Соединетите Американски Држави. И, не само овој пластичен пример, туку и многу подлабоко толкување и разработување на правната рамка на овие две држави со цел увидување на нивните различности и согледување на можноста и просторот за подобрување.

1. ПРВА ГЛАВА

1.1. Историјат на римското право во однос на казнено правниот систем на Република Северна Македонија

Во македонскиот Кривичен Законик, кривичното дело е дефинирано како: „противправно дело кое што со закон е определено како кривично дело и чии обележја се определени со закон“.[1]

Според Римското право за да едно дело биде квалификувано како кривично дело истото треба задолжително да ги исполнува кумулативно, следните услови:

- Кривичното дело настанува со извршување на некое надворешно дејствие, или delicta in commissione, а по класичното право е утврдено пак дека кривичното дело може да се изврши и со несторување односно определено како delicta omissione. Намерата да се превземе или да се пропушти одредено дејствие доколку не била соопштена ниту пак остварена самата намера, не претставувала кривично дејствие.
- За кривичното дело се барало превземаното дејствие да и претходи на одредена последица. Ако дејствието кое што е превземено не и претходи на последицата или последицата отсуствува се сметало дека кривичното дело исто така не постои. Таквото дејствие било оценувано како обичен обид за крвично дело, односно обид да се стори кривично дело.
- Кривично дело постои само тогаш кога помеѓу дејствието што и претходело на последицата и самата последица постои вистинска причинска врска или каузален нексус. Ако врската помеѓу тоа дејствие и последицата од дејствието била само временска и привидна, тогаш, повторно, не постои кривичното дело.
- За постоењето на кривичното дело било потребно превземаното дејствие да биде најпрво противправно, а неговата последица пак да биде нанесување на штета на друг. Но превземените противправни дејствија и покрај предизвикувањето на повреди на туѓи добра ја губат противправноста доколку се работело за случаи на самоодбрана и состојба на нужда, уште позната како inculpata tutela.

[1] Член 7, од Кривичниот законик на РМ (“Службен весник на РМ” бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09, 51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013).

- За настанувањето на кривичното дело во римското право се барало сторителот на дејствието да биде свесен за истото, или барем да може да биде свесен за последиците на своето дејствие. Со други зборови пак, за настанувањето на секој деликт се бара вина или одговорност за вина на деликвентот. Степени на одговорност биле "dolus" или умислата како и "culpa lata", односно груба небрежност и "culpa levis" или уште лесна небрежност. Dolus или умислата може да биде двоен односно како предвидување на последицата и истовремено желба таа да се оствари, како dolus directus и dolus indirectus, или пак предвидување на последицата и лекомислена увереност на сторирителот дека таа нема да се оствари или уште dolus eventualis. Меѓутоа, не секогаш одговорноста на сторителот се утврдувала врз основа на субјективната вина. Во старото право, важеле правилата и на објективната одговорност како и одговорноста за делата предизвикани од трети лица.
- Последен елемент за настанување на кривичното дело, е се разбира, истото да биде санкционирано како впрочем и сега. Доколку станувало збор за delicta publica, тогаш казната била во вид на физичко зло кое што му се заканувало на телото на сторителот или пак била парична казна што секако се исплатувала во полза на државната благајна во односната држава. Доколку пак, станувало збор за delicta privata, од друга страна сторителите биле санкционирани или со надомест на штета или со poena privata односно со парична казна која што обвинетиот му ја исплаќал на оштетениот со кривичното дело.

Под поимот кривичен закон Римските правници уште тогаш не подразбирале хиерархија од посебни кривични дела, туку видови на обвиненија кои што можеле да бидат поднесени и процедуралните и пеналните последици, кои што ги трпеле обвинетиот и обвинителот од тие обвиненија. Под помот „казнена постапка“ пак, современото право подразбира систем кој што е збир од процесни дејства кои ги превземаат одредени државни органи и лица во случај на основано сомнение односно во случај на веројатност дека е извршено казниво дело кои имаат за цел да се утврди дали навистина е извршено кривично дело, а доколку е извршено кој е неговиот сторител и дали во согласност со

одредбите од материјалното кривично право треба да се примени казна и доколку треба, истата да се одреди квалитативно и квантитативно.

На овој начин можеме накусо да ја дефинираме казнената постапка во Римското право со оглед на тоа дека и кај неа постоеле три групи на процесни дејства и одделни субјекти кои што се носители на тие процесни дејства.

При тоа, може да се констатира дека носечките принципи на кривичното процесно право во Рим се дел и од денешните кривично процесни законодавства и тоа е она што со овој историјат се цели да се долови, односно како, еволуирала казнената постапка од Римското право па се до современото право.

Така, она што императорот Трајан тогаш го декларирал денес е правило веќе на секое демократско кривично законодавство. Тој рекол дека: „Никој не смее да биде осуден за кривично дело во негово отсуство и дека подобро би било виновен човек да помине неказнето, отколку невин да биде казнет“. Ова водечко правило сега стои и е цел на секој современ кривично процесен законик.

Така, во член 1 од Македонскиот ЗКП[2] стои дека: „Овој закон ги утврдува правилата со кои се осигурува никој невин да не биде осуден, а на виновникот да му се изрече кривична санкција под условите што ги предвидува Кривичниот законик и врз основа на законито спроведена постапка“.

Други начела врз основа на кои се заснова процесното Римско право се следниве:

А. Начело на јавност

Целиот тек на постапката се одвивал пред јавноста и без никакви ограничувања. На денот на судењето можела да присуствува целата заинтересирана јавност во зависност од просторните услови.

Доколку станувало збор за судења за кои се претпоставувало дека ќе има многу заинтересирани тогаш локацијата на судскиот процес била во некој од Римските форуми. Не постоеле исклучоци од ова правило во смисла на заштитата на моралот или заштитата на малолетниците кои се типични за современото начело на јавност. Ова останува вака и во денешното право на Република Северна Македонија, со неколку исклучоци за кои

[2] Член 1, од Законот за Кривична Постапка (Службен весник на РМ бр.150 2010год.)

понатаму во овој магистерски труд ќе бидат обработувани, секако како резултат на еволуцијата на казненото право. Се разбира принципот на јавност и во римското право не се применувал во делот на донесувањето на одлуката и во истрагата. Гласањето било тајно, а се со цел да се гарантира слободата во донесувањето на одлуката.

B. Начело на писменост и усност на доказите

Во доказната постапка, како доказни средства можеле да се користат и писмени исправи и сведоци. Сведочењето при тоа морало да биде доставено на писмен начин и запечатено со печат уште пред самото судење. Истото било читано во присуство на сведокот и тој одговарал на прашањата во врска со својот. Сведоците претходно давале заклетва за вистината. Начелото на писменост и усност постои и во македонското кривично законодавство.

C. Начело на законитост

Ова начело делумно се применувало во Римското право. Всушност, начелото на законитост не важело за казнените дела extra ordinem. Начелото на законитост постои и денес, изменето и прилагодено кон македонското законодавство.

Ова се некои од поглавните начела врз основа на која се засновала казнената постапка во Рим. Постојат и други начела и принципи кои ќе бидат споменувани во продолжение на овој параграф.

Казнената постапка во Рим била заснована на принципи кои што се објективни, рационални и имаат универзален авторитет. Постои генерално мислење дека овие принципи се перфектно утврдени, а своевремено ја докажале својата перфекција со тоа што, како што беше и споменато, и ден денес се дел од казнените системи на современите држави и во Република Северна Македонија.

Поротните судења кои била главна карактеристика на судскиот казнен систем во периодот на Републиката и на контрадикторната постапка во периодот на раната империја, а кои се согледувани низ институтот quaestiones perpetuae се главниот корен всушност на Англо – Американското поротно судење.

Првиот таков суд кој што бил формиран е Quaestio de repetundae и овој суд бил надлежен исклучиво за судење на коруптивни дела, како што се сите видови на корупција, во судството и корупција во државните органи.

Така, поранешниот генерален секретар на Охајо – Кофи Анан[3] во еден наврат, истакнува дека: „Дури ни Обединетите Нации немаат капацитет, механизми на контрола, флексибилност, енергија, ниту пак транспарентност за да праведно ги спроведат мултибилионските глобални операции“.

Постојат мислења, дека Римјаните биле преплашени од зафатот на корупцијата и коруптивните дела во социјалниот живот што истите ги навело да створат посебен и детално елаборирaн правен систем, кој важи исклучиво за казнената постапка против коруптивните кривични дела. Развитокот на овој посебен казнен суд го забрзува развитокот на кривично правниот систем воопшто. Појавата на quaestio de repetundae, буквално се преведува како “чин на истражување “ , а се употребува во истражната постапка како нешта што треба да бидат истражени и поправени, вратени и слично.

Појавата на quaestio de repetundae ги става современите темели на античкото кривично Римско право како и на античката казнена постапка и ја дава насоката на неговото развивање. Како што веќе беше и споменато, формирањето на посебниот суд за коруптивни кривични дела не е чиста случајност, туку истата е дел од стратегијата за формирање на правен систем кој што не може да се разбие а ниту пак да се злоупотреби.

Најистакнатите одлики на Римската казнена постапка во однос на донесувањето на пресудата се денес дел од Шкотскиот казнен систем. Во таа смисла пак не е неопходно поротниците да гласаат едногласно за одлуката, туку за да се донесе одлука е потребно мнозинство од гласовите на поротниците. Исто така во Шкотското право, исто како и во Римското право, поротата може да донесе пресуда што претставува среден курс помеѓу „виновен“ и „невин“ и гласи „не е докажано“. Ова правило важело и во Римскиот казнен систем, но до 70тите години пред новата ера.

Она што е најмногу присутно од Римското кривично право во денешните модерни системи е казнената терминологија. Така и Република Северна Македонија сеуште користи остатоци во својата казнена терминологија од казнената терминологија на Римското право.

[3] Annan,2016,Advisory Commission on Rakhine State

Римското право ни остави во наследство прецизна терминологија која што недвосмислено ги изразува комплексните правни концепти. Исто така, Римската терминологија ги поврзува различните правни системи, па дури и оние кои што настанале во сосема поинакви општествено – економски услови. Римското право ќе го доведе и концизниот, јасен и елегантен стил во формирањето на правните правила.

Извадоците од правната литература која ја оставиле старите Римјани сеуште се цитира во Република Северна Македонија, со цел да се објасни некој институт и да се покаже оригиналноста во неготово потекло. Правосудните системи на повеќето од државите од континентална Европа во својата основа ги имаат принципите, организираноста и категориите на Римското право.

Некои од римските уставни концепти преживеале до ден денес и се дел од современите уставни уредувања на многу земји. На пример, вакви случаи се и поделбата на власта, принципот на вето правилата за кворум, изборните принципи од кои посебно се присвоени правилата за спречување на корупцијата за време на избори и гласање, импичмент и слично.

На пример, денешните изборни правила на Соединетите Американски Држави се базираат на Римскиот Устав и ова е еден од сегментите каде македонскиот правен систем и правниот систем на Соединетите Американски Држави се подудираат.

Велиме македонскиот правен систем, затоа што како што и до сега докажавме, најмногу елементи од кои понатаму е оформен и еволуирал се базирани на римското право. Барајќи ги есенцијалните елементи на римското право во денешните казнени законодавства заклучуваме дека неговиот придонес е најголем во развитокот на правниот сенс, развитокот на атмосферата на правно и правилно резонирање.

Римското право има оставено извор на компаративни материјали од кои што до денес се цитираат одделни фрагменти со цел да се добие на тежина во изјавите. Оттука, можеме да констатираме дека принципите на Римското право се основа на современите казнени системи и несомнено основа на казниот систем на Република Северна Македонија.

На самиот крај, заклучуваме дека реципирањето на Римското право и тоа како на процедуралните институти така и на правните шеми е еден природен феномен. Оваа

рецепција на Римското право е вистинска и добро позната на историјата и на искуството. Затоа „Најразвиените општества служат како модел за останатите, а останатите општества го присвојуваат овој модел при што во него ја вклучуваат правната култура на доминантната нација“.

Ова право ја надживеа земјата која што го креираше. Па така, како што не може да се учи современата филозофија без да се совлада античката грчка филозофија, така и не може да се изучува современото право без да се знае Римското право. Може да констатираме дека Римското кривично право се изучува за да се најде патот до перфекција на современото право.

2. Историски развиток на кривичната постапка

Структурата и карактерот на кривичната постапка воопшто, а и во македонската кривична постапка е во непосредна корелација со општествено – политичкиот, правниот и економскиот систем на една држава. Врз карактеристиките на кривичната постапка во определени случаи знаат да влијаат и компаративните искуства во примената на одделни процесни институти кои се покажале во практиката како успешени, поедноставни и практични начини за разрешување на одделни видови на кривични предмети. Во одредена историска епоха уредувањето на кривичната постапка на една држава е условено од ставот на државата кон личните права на своите граѓани.

Во робовладетелството и раниот феудализам кривичната постапка ги имала карактеристиките на акузаторна постапка, а инквизиторната постапка се јавила во епохата на средниот век. По француската буржоаска револуција се јавува и мешовита кривична постапка, а во последните десетлетија од 20тиот век пак, на европското тло мешовитата кривична постапка добива и адверзијални карактеристики. Развитокот на овие постапки ќе го објаснам во продолжение и тие всушност ќе ја дадат целосната слика за историскиот развој на кривичната постапка.

2.1. Акузаторна кривична постапка

Акузаторната кривична постапка својот назив го добива од латинскиот збор “accusator” што значи тужител, или “accusare” што значи-обвинувам. Акузаторната постапка имала за цел да ги зачува основите на тогашното општествено уредување и тоа е првата форма на кривична постапка што се применувала во робовладетелските држави на античкиот свет, односно во стара Грција и Рим како и во раниот феудализам.Таа се применува и денес во Англија, САД и во државите под нивно правно влијание во модификувана форма.

Од волјата на тужителот зависело започнувањето на постапката и нејзиниот тек, па од оваа постапка произлегува максимата “нема судија без тужител” (nemo judes,sine actore). Акузаторната постапка се одвивала во вид на спор меѓу две странки кои се рамноправни-тужителот кој со кривичното дело бил оштетен и обвинетиот како лице за кое се сметало дека е сторител на кривичното дело.

Спорот се одвивал пред судот кој бил пасивен и независен арбитер и неговата улога се состоела единствено во пресудување за тоа која од странките во спорот е во право. Во почетокот од примената на акузаторната постапка, како овластен тужител кој давал иницијатива за поведување на кривичната постапка се јавувало лицето оштетено со кривичното дело. Ова било како резултат од сфаќањето дека со извршување на кривичното дело се врши повреда на индивидуалните интереси и права и во овој временски период најголемиот број на кривични дела се сметале за дела чии сторители треба да бидат гонети од страна на оштетеното лице. Станува збор за delicta privata.

Како тужител во определени периоди од примената на акузаторната постапка можел да настапи било кој граѓанин што претставува прифатен систем на популарна тужба (quivis ex populo,action popularis). Во римската кривична постапка од периодот на републиката постоел таков систем, и тоа за дела коишто биле насочени директно против општественото уредување, односно delicta publica.

За тие дела како тужител во почетокот можел да се јави секој граѓанин, од што логично произлегува дека во улога на тужители односно субјекти кои го пријавувале кривичното дело честопати се јавувале самите сведоци. Многу ретко во акузаторната

кривична постапка од чист тип се среќава како тужител јавен, односно државен орган. Во оваа постапка како тужители се јавуваат приватните лица. По службена должност(ex oficio) се гонеле делата што се сметале како дела против општественото уредување на римската држава. Kako тужители се јавувале т.н triumviri capitals.

Тужителот бил должен да ја докаже основаноста на својата тужба во чистата акузаторна постапка, односно да докаже дека кривичното дело за кое се товари обвинетиот е сторено од негова страна и да наведе факти со кои се оправдува казната што треба да се изрече кон сторителот. Затоа се вели дека товарот на докажувањето паѓал врз тужителот (onus probandi). Ако тужителот основаноста на тужбата не успеал да ја докаже ,судот обвинетиот морал да го ослободи (actore non probante,reus apsolvitur).

Втора странка во спорот е обвинетиот,односно лицето за кое тужителот тврдел или тврди дека сторило кривично дело и барал да му биде изречена соодветна казна. Единствената должност на обвинетиот била да се впушти во процесот. Тој имал обврска да се појави пред судот и да одговори на тужбата,односно да изјави дали тужбата ја смета за основана или за неоснована.

2.2. Инквизиторна кривична постапка

Централистичкиот апсолутизам како нова политичка форма на владеење се одразила директно врз начелата на кои правниот систем почивал, а со тоа и карактеристиките и природата на кривичната постапка.

Процесните начела и институти на инквизиторната кривична постапка се дијаметрално спротивни од оние својствени за акузаторната кривична постапка. Инквизиторната кривична постапка ги негира целосно слободите и елементарните права на обвинетите и содржи формализам кој е нагласен.

„Инквизиторна“ кривична постапка како израз , доаѓа од латинскиот средновековен збор „inquisitio“ што значи истрага. Со оглед на фактот што доминантно значење имала истрагата , целата постапка името го добива од овој збор, односно се нарекува инквизиторна постапка. Инквизиторната постапка која ја анализираме накратко

во овој дел, е всушност постапката која што се спроведувала пред органи кои се световни и кои се надлежни за кривично пресудување и гонење , а не за црковната инквизиција.

Оваа инквизиторна постапка има два дела, односно два стадиуми и тоа истрагата како прв и пресудувањето како втор. Истрагата е спроведувана од страна на истражител кој се нарекува инквирент. Тој кога на кој било начин ќе дознаел дека е сторено кривичното дело ја започнувал истрагата , а за пријавителот пријава која е лажна не повлекувала одговорност. Инквирентот преземал различни процесни дејствија кои помагале при истражувањето во постапката, односно тој ги испитувал вештаците, сведоците, обвинетиот со цел да се разјасни случајот во мера што ќе овозможува пресудување.

Со оглед на постоењето на легалната теорија на доказите според која не можела да се донесе осудителна пресуда за сите кривични дела ако не признае обвинетиот дека е виновен, инквирентот всушност со сите средства настојувал да добие од обвинетиот признание кое пак признание имало статус и сила на доказ над доказите – probatio probatissima, односно како што тогаш се сметало за царица на доказите – regina probationem и овој термин останал да се користи до ден денес кога се објаснува инквизиторната кривична постапка.

За добивање на докази од обвинетиот служела тортурата, која што се применувала кога обвинетиот не сакал доброволно да признае, а неговата вина пак не можела да се докаже со искази на најмалку двајца сведоци односно очевидци на настанот. Тогаш инквирентот барал судот да донесе одлука дали ќе се подложи под тортура обвинетиот. Обвинетиот одбраната што морал да ја докаже можел да ја изнесе. Се составувал записник за секое процесно дејствие во истрагата , кој заедно со другите судски одлуки донесени во текот на истрагата го сочинувале списот на предметот.

По завршувањето на истрагата, инквирентот целиот предмет со сите списи го доставувал до судскиот совет – transmission actorum ad collefium iurisperitorum кој донесувал одлука во однос на кривичната одговорност на обвинетиот. Судот, во чиј состав не учествувал дотогашниот, односно истражителот во постапката, својата пресуда ја донесувал само врз основа на списите. Она што во списите го нема се смета дека

воопшто и не постои во постапката – quod non est in actis, non est in mundo и ова било всушност начелото според кое и се одлучувало.

Имено, судот, донесувал пресуда без воопшто да има контакт со обвинетиот и сведоците и без воопшто истите и да ги види, туку само врз основа на записниците од истрагата кои се донесени пред судот од страна на истражителот во постапката. Освен осудителна и ослободителна пресуда, судот можел да донесе и пресуда со која од судењето – absolutio ab instantia обвинетиот се отпушта. Тој не се огласувал ниту за виновен ниту се ослободувал, туку останувал сомнителен и понатаму со образложение дека доволно докази не се собрани. Таквата процесна положба со оглед на фактот што во секое време постапката против обвинетиот можела повторно да биде активирана била многу несигурна, а тој можност за правна заштита немал бидејќи предметот немал статус на пресудена работа – res judicata.

Во инквизиторната кривична постапка трите различни фунцкии се концентрирани во рацете на инквирентот, односно на судот. Функцијата на гонење ја вршел инквирентот, а бидејќи можноста на обвинетиот да се брани самиот најчесто отсуствувала и била многу ограничена од инквирентот се очекувало дека во истрагата ќе ги застапува и интересите на обвинетиот. Инквирентот бил сконцентриран во својата функција да ги собере доказите врз чија основа, како што беше и споменато, судскиот совет ќе донесе одлука за пресуда.

Кумулација на различните функции во рацете на инквирентот, а истовремено немањето на право да биде дел од судскиот совет при носење на одлуката се истакнува како главен недостаток на инквизиторната кривична постапка. Основни начела кои ја карактеризираат инквизиторната кривична постапка, а по кои таа се разликува суштински од акузаторната, се следните :

• Писменост на постапката, основа за донесување на пресудата биле записниците од истрагата и ниедно дејствие не се преземало усно ;

• Инквизиторната постапка имала таен карактер , односно никој не можел да присуствува на процесните дејствија освен овластени лица за нивно преземање.

Понатамошна карактеристика на оваа постапка е неконтрадикторноста, односно ова значи дека обвинетиот бил пасивен и не можел да му се спротивставува на тужителот.

Тој не бил странка, ниту имал својство на субјект, туку всушност во постапката пред судот обвинетиот бил објект без право на одбрана и немал можност во сопственото судење да учествува.

Во оваа постапка нема порота, односно не бил застапен лаичкиот елемент, туку исклучиво суделе само професионални судии. Некои од овие начела на инквизиторната кривична постапка се применуваат и денес во современата кривична постапка.

2.3. Мешовита кривична постапка

Се јавила жестока критика на инквизиторната кривична постапка во периодот на просветителството. Многу автори кои биле познати од овој период, како на пример Волтер и Бекарија, нејзините недостатоци ги критикувале од социјално – психолошки аспект , но и од аспект на таканаречена школа на природното право.

Во Франција непосредно по револуцијата од 1789 година, воведени се најважните конструктивни елементи на англиската кривична постапка, како што се одлучување за вината врз основа на начелото на слободно судиско уверување, судење пред порота. За време на Наполеон и неговото владеење, тие се дополнети и изменети. Француската буржоаска – демократска револуција од 1789 година довела до либерализација на политичките права и слободи на граѓаните како одраз на економскиот либерализам во новосоздаденото капиталистичко општество и до промена на општествено – економскиот систем.

Инквизиторната постапка не соодвествувала на либералната буржоазија со своите неприкриени форми на класна присилба и негација на личните права и слободи на граѓаните и третирање на обвинетиот како објект на постапката и затоа била укината и заменета со нова, која во теоријата е позната како мешовита кривична постапка.

Мешовитата постапка, како што покажува и самото име, претставува комбинација на елементите од акузаторната и инквизиторната постапка и кривичните постапки на современите европски континентални држави спаѓаат во овој тип мешовита кривична постапка. Францускиот Code d'intruction criminelle, односно Законик за кривична истрага,

кој бил на сила во Франција од 1808 па се до 1958 година е прототип на речиси сите законици за кривична постапка на европските држави. Законикот за кривична истрага не не ја регулирал само истрагата туку целата кривична постапка така што називот не одговарал на содржината. Во тој законик до израз за прв пат доаѓа новиот мешовит тип на кривична постапка, кој денес, со извесни разлики, во речиси сите европски континентални држави е акцептиран.

Мешовитата постапка има елементи и од акузаторната кривична постапка и од инквизиторната кривична постапка и претставува синтеза на две антитези. Новиот модел на мешовита постапка треба да се сфати како нов квалитет, а не како механичко соединување на елементите од обете постапки. Поделбата на основните процесни функции помеѓу трите основни субјекти, постоењето на процесните странки и нивната рамноправна положба која истите во текот на постапката ја добиваат, а која се карактеризира со начелата како што се: контрадикторност, непосредност, јавност, учеството на поротата, право на порота и слично е преземана од акузаторната постапка.

Претходната постапка, односно истрагата со нејзината, писменост, тајност и неконтрадикторност, која во претходниот поднаслов беше објаснета понатаму поделбата на постапка во стадиуми и постоење посебен орган за гонење на сторителите на кривични дела е преземена од инквизиторната постапка. Во сите европски држави мешовитата постапка е структурирана во стадиуми: постапка на обвинување со евентуална контрола на обвинението пред неговата правосилност или позната како претходна постапка и главен претрес со донесување и објавување на пресудата.

Претходната постапка е уредена по углед на истрагата од инквизиторната постапка, само што разбирливо забранета е примена на недозволени средства за добивање изјави и на тортурата. Без оглед на тоа дали оштетениот граѓанин се согласува со кривичното гонење постапката започнува на иницијатива на државен орган, по службена должност. Меѓутоа, во многу држави органот кој дава иницијатива за започнување на кривичната постапка не е овластен да ја води постапката.

Функцијата на гонење се состои во застапување на интересите на кривичното гонење и поднесување барање за спроведување на истрагата. Јавниот обвинител ја врши функцијата на гонење, а истражниот судија функцијата на истражување. Се поголем е

бројот на држави во кои е застапен мешовит модел на кривичната постапка, а каде што ваква поделба на функциите во истрагата не постои така што обете функции ги врши ист орган, односно тие се доверени на јавниот обвинител под контрола на судијата на претходната постапка и ова е случај во Хрватска, Италија, Германија, Босна и Херцеговина.

За секое преземено дејствие во текот на претходната постапка се составува записник и во овој дел од постапката таа е неконтрадикторна. Во различни европски држави правото на одбрана во различен степен е ограничено особено правото на конктатот со бранителот пред да се изврши испитувањето на обвинетиот, а ова има за цел да ја спречи злоупотребата на правото на одбрана заради попречување на истрагата. Исто така и правото на увид во списите е ограничено.

Во текот на претходната постапка, обвинетиот може да се брани со молчење, а исто така има можност да ја изнесе и својата одбрана. Откако претходната постапка ќе биде завршена списите на предметот се доставуваат до јавниот обвинител кој треба да одлучи дали ќе се откаже од натамошно гонење на сторителот или ќе поднесе обвинение. Во случај обвинението да биде поднесено и да влезе во правна сила постапката преминува на главниот претрес односно третата фаза.

Во претходната постапка преовладуваат главно елементи на инквизиторната постапка, на главниот претрес можеме да забележиме дека посебно се применуваат и доаѓаат до израз елементите на акузаторната постапка. Како прв акузаторен елемент кој што во текот на главниот претрес се забележува е тоа што судот пресуда донесува врз основа на спроведен главен претрес ,односно ја донесува својата пресуда врз основа на постапка која е контрадикторна и во која земаат учество судот и рамноправните странки. За време на главниот претрес и двете страни ги застапуваат своите тези и своите ставови ,во нивна поткрепа предлагаат докази кои ги побиваат наводите на спротивната странка и вршат изјаснување за вредноста на изнесените докази.

Обвинетиот во постапката , за да може да ја постави својата одбрана, располага со широки можности . На главниот претрес се среќаваат и застапени се начелата на усност, јавност и непосредна оцена на доказите и контрадикторност со иста вредност како и во акузаторната постапка.

Главниот претрес е елемент на мешовитата постапка кој несомнено е превземен од акузаторната постапка, но сепак во своите процесни постапки содржи и инквизиторни карактеристики. На пример, најизразениот инквизиторен елемент се состои во положбата на претседателот на судскиот совет на главниот претрес, каде што наместо судот да биде пасивен арбитер тој во докажувањето во мешовитата постапка има активна улога може по сопствена иницијатива да изведува докази со цел вистината за фактите врз кои ќе ја заснова пресудата да ја утврди, при што во остварување на оваа задача му помагаат доказните предлози од странките .

Судот има уште еднаш инквизиторна улога, односно ова се гледа и во начинот на испитувањето на лицата што се повикани пред судот. Имено, првин судот ги испитува обвинетиот, сведоците и вештаците, а дури потоа странките со негова дозвола може да им се поставуваат прашања, но испитувањето се врши преку судијата, а не непосредно со обраќање кон лицето на кое што се поставуваат прашања.

3. Казненото право во македонскиот современ казненоправен систем

Казнената политика во современите казненоправни системи е чувствителна сфера на примена на казнените санкции со цел ефикасно спротивставување на криминалитетот. Република Северна Македонија се потпира на континенталниот систем на правото и многу начела како што се начелото на законитост, начелото на слободното судиско уверување, начелото на индивидуализацијата на казната, презумпција на невиност и други се дел од истото и се вградени во највисоките правни акти како што се Уставот и законите.

Меѓу другото, во овој Магистерски труд, ќе ги елаборирам кривично – правните, материјални и процесноправни аргументи за обезбедување ефикасна казнена политика во Република Северна Македонија.

Неспорно е дека владеењето на правото е темелна општествена и уставна вредност и е гаранција за остварувањето на човековите слободи и права, со Уставот на Република Северна Македонија, регулирани во членот 8[4]. Оваа констатација исто така се однесува и

[4] Член 8, од Уставот на РМ(Службен весник на РМ бр. 52/1991)

на примената на законските прописи при изречувањето на казнените санкции, како најтешки зафаќања, односно влијанија врз права и врз слободите наменети за оние кои посегнале по туѓите вредности од кој и да е вид за сторителите на кривичните дела.

Од тука, судовите мора рационално да ги применуваат законските прописи во практичната нивна примена, на казнено – правните одредби, при утврдувањето на вината, како и при одмерувањето на казните, како најтежок вид на казнени санкции. Ова е со цел, покрај остварувањето на правдата и:

• Спречување на сторителот да врши кривични дела и негово превоспитување;

• Воспитно да се влијае врз другите да не вршат кривични дела.

Како што е законски определена и целта на казнувањето со членот 32 од Кривичниот законик на Република Северна Македонија[5].

Со други зборови пак, целта на казнената политика е со примена на присилни мерки предвидени со казненото законодавство да се делува во насока на успешно сузбивање на криминалитетот, односно кривичното законодавство во Република Северна Македонија да се направи поефикасно.

Во вториот дел од третата глава на општиот дел од Кривичниот Законик, кој што е посветен на одмерување на казните, со одредбите од членот 39[6] , па се до членот 47[7] се регулирани општите правила за одмерување на казната, ублажувањето на истата, границите на ублажувањето на казната, ослободувањето од истата, посебната основа за ослободување од казната, ослободување од казна заради отстранување на штетните последици во случај на стек на кривични дела, продолжено кривично дело, одмерувањето на казната на осуденото лице и засметување на притворот и на поранешната казна.

[5] Член 32 од Кривичниот Законик на РМ(Сл.весник бр 37/96, бр. 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09 година, 51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013.)

[6] Член 39 од Кривичниот Законик на РМ(Сл.весник бр 37/96, бр. 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09 година, 51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013.)

[7] Член 47 од Кривичниот Законик на РМ(Сл.весник бр 37/96, бр. 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09 година, 51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013.)

4. Поим на казненото процесно право

Во поширока смисла казненото право опфаќа: материјално право, процесно право и право на извршување на санкциите спрема сторителите на кривичното дело.

Казненото процесно право е систем од правни норми со кои се регулираат овластувањата и положбата на процесните странки и другите субјекти кои учествуваат во кривичната постапка формата, видот и условите за преземање на процесни дејствија. Формално кривично право ,врши нормирање на формата на процесни дејствија од кои се состои кривичната постапка.

Кривичното материјално право ги пропишува условите и содржината на правото на државата на сторители на кривични дела да изрекува санкции.

Кривичното процесно право, условите и постапувањето за реализација на материјалното право се надополнуваат и се во функционално единство .

Казнено процесно право е позитивна научна дисциплина која користи апстрактни правни норми и во текот на кривичната постапка превзема конкретни процесни дејствија.

Во зависност од примената и природата на правните норми, казненото процесно право може да биде: посебно или општо во зависност од тоа дали кривичното постапување е регулирано во еден законски акт за сите или само за определени категории сторители на кривични дела, на пример: малолетници против вооружените сили и слично;
основно или дополнително – во Законот за Кривичната постапка, или во други законски текстови се одредбите кои имаат кривично процесен карактер ;
главно или споредно – во главното спаѓаат основното и дополнителното право, а во споредното актите кои уредуваат некоја друга област, но содржат одредби кои се однесуваат на кривичната постапка;
внатрешно и меѓународно, во зависност од органот кој ги донел.

5. Извори и важење на казненото процесно право

Изворите на правото во зависност од тоа дали потекнуваат од обичајното право и практиката или се преточени во пишана форма во посебен правен акт може да бидат

материјални и формални. Бидејќи обичајното право и судската практика не се сметаат за извори на правото, континенталната правна наука познава само извори во формална смисла. Извор во формална смисла е општ правен акт кој е донесен од страна на надлежен државен орган во пишана форма.

Казненото процесно право е позитивна правна дисциплина и негови извори се уставните и законските прописи и меѓународните договори што пропишуваат норми кои немаат релевантно влијание. Сосема е разбирливо што измените во уставните односно соодветните законски прописи имаат соодветно влијание врз казненото процесно право, каракетерот на казнено процесното право, начинот на кој се врши преземање на процесните дејствија, текот на постапувањето , како и во однос на органите што се јавуваат да превземаат определени процесни дејствија како овластени субјекти.

Формалните извори на правото се делат на неколку подгрупи и тоа :

- Во зависност од органот кој ги донел - домашни и меѓународни;
- Во зависност од рангот што го имаат -уставни, законски и подзаконски;
- Според значењето од аспект на казненото процесно право - главни и споредни

5.1. Домашни извори

Домашните извори во овој Магистерски труд, тргнувајќи од значењето и важноста што за казненото процесно право ја имаат одделни домашни правни акти ќе бидат претставени според поделбата, која води сметка за значењето на правниот акт од аспект на казненото процесно право на главни и на споредни извори.

5.2. Главни домашни извори

Уставот на Република Северна Македонија, Амандманите 1 и 2, Амандманот 3, од четвртиот Амандман па се до 18 – тиот, Амандманот 19, Амандманите од 20 до 30 – имаат третман на главен извор на казненото процесно право затоа што содржат одредби кои се однесуваат на кривичната постапка од кои поважни ги издвојувам следниве:

- Лицето обвинето за казнено дело ќе се смета за невино се додека со правосилна пресуда не биде утврдена неговата вина – член 13;
- Никој не може повторно да биде суден за дело за кое веќе бил суден и за кое е донесена правосилна судска одлука – член 14 ;
- Забрана на секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување – член 11;
- Неприкосновениот статус на слободата, исклучокот дека само со одлука на судот и во случаи и во постапка утврдена со закон таа може да биде ограничена ;
- Лицето повикано, приведено или лишено од слобода ,со причините за неговото повикување, приведување или лишување од слобода мора веднаш да биде запознато и во полициската и во судската постапка има право на бранител;
- Лицето лишено од слобода мора веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од моментот кога е лишено од слобода да биде изведено пред суд. Притворот по поднесување на обвинението, по одлука на суд може да трае најдолго 180 дена од денот на притворањето;
- Правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд (член 15)

(Издвоени како најважни домашни извори, секако постојат и други)

Законот за кривичната постапка на Република Северна Македонија, кој се применува за кривичните постапки што се започнати до отпочнување на примена на новиот ЗКП – закон за кривичната постапка, исто така претставува еден од домашните извори на кривичното право, како и законот за кривичната постапка на Република Северна Македонија, кој претставува македонски казнено процесен закон со кој се регулира подрачјето на казненото процесно право и тоа во однос на редовната и посебните кривични постапки, основните начела, процесните институти, субјектите, доказите и доказните средства, објектите на кривичната постапка, стадиумите на постапката, донесувањето пресуда , прашањата сврзани за правните лекови, итн..

5.3. Споредни домашни извори

Изворите што содржат одредби од процесно правен карактер и што регулираат некои други области од правосудната сфера се нарекуваат споредни домашни извори . Во споредни домашни извори спаѓаат :

• Закон за судовите;
• Закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија;
• Закон за правда за децата;
• Закон за јавното обвинителство;
• Закон за Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија;
• Закон за внатрешни работи;
• Закон за полиција;
• Закон за финансиска полиција;
• Закон за адвокатура;
• Закон за заштита на сведоците;
• Закон за царина ;
• Кривичниот законик;
• Закон за следење на комуникациите;
• Закон за меѓународна соработка во кривичната материја;
• Закон за извршување на санкциите.

5.4. Меѓународни извори

Од аспект на нивното значење за казненото – процесно право и можноста за непосредна примена во судската практика, меѓународните извори на казненото право може да се поделат на главни, споредни и дополнителни.

Меѓународниот договор само ако е ратификуван во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и тоа според член 18 од истиот, може да биде извор на правото. Со тоа станува дел од внатрешниот правен поредок и не може да се менува со закон.

5.4.1. Главни меѓународни извори

Тоа се меѓународни договори, кои имаат особено значење за домашното казнено процесно право кое мора да е усогласено со гаранциите регулирани во одредбите на овие меѓународни договори . Во нив спаѓаат :

- Меѓународниот пакт за граѓански и политички права на ООН од 19.12.1966 година, кој во сила стапил на 23.03.1976 година, ратификуван од поранешната СФРЈ;
- Факултативниот протокол на Меѓународниот пакт за граѓански и политички права на ООН од 16.12.1966, кој во сила стапил на 23.03.1976 година; и
- Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи на СЕ од 04.11.1950 година, која во сила стапила во 1953 година.

5.4.2. Дополнителни меѓународни извори

Тоа се меѓународните договори ,кои се однесуваат на укажување меѓународна правна помош во кривичната материја и кои ги дополнуваат домашните правни норми. Се применуваат одредбите од Законот за меѓународна соработка во кривичната материја. Доколку со меѓународниот договор не е нешто поинаку определено, одредбите од овој закон имаат супсидијарен односно дополнителен карактер. Во дополнителните меѓународни извори, спаѓаат:

- Европската конвенција за екстрадиција од 1957 година со дополнителниот протокол;
- Европска конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја од 1959 година со дополнителниот протокол ;
- Втор дополнителен протокол на Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја ;
- Европската конвенција за пренос на казнените постапки од 1972 година;
- Конвенција за трансфер на осудени лица со дополнителниот протокол од 1983 година ;

5.4.3. Споредни меѓународни извори

Споредни меѓународни договори на кривичното право се следниве:

- Виенската конвенција за дипломатските мисии од 18.04.1961 година, ратификувана од поранешна Југославија на 24.04.1964 година;
- Виенската конвенција за конзуларни односи од 24.04.1963 година, ратификувана исто така од поранешна Југославија на 24.04.1967 година;
- Конвенцијата на ООН против тортура и други сурови, нечовечки или деградирачки казни и постапки, склучена на 10.12.1984 година, ратификувана од поранешна СФРЈ, преземена од Република Северна Македонија и ратификувана на 02.12.2004 година;
- Факултативниот протокол кон Конвенцијата на ООН против тортура и други сурови, нечовечки или деградирачки казни и постапки, ратификуван на 30.12.2008 година;
- Европската конвенција на СЕ за заштита од тортура и нехуман или деградирачки третман или казнување, склучена на 26.11.1987 година, заедно со протоколите 1 и 2 ратификувана на 14.05.1997 година;
- Конвенцијата на СЕ за перење, следење, привремено одземање и одземање на приноси стекнати со кривично дело, склучена на 08.10.1990 година, ратификувана на 02.09.1999 година;
- Конвенцијата на ООН против транснационален организиран криминалитет од 2000 година, ратификувана од Република Северна Македонија за 28.09.2004 година; и
- Римскиот Статус на Меѓународниот кривичен суд, усвоен од ООН на 17.07.1988 година, а стапи во сила на 01.07.2002 година, ратификуван од Република Македонија на 30.01.2002 година.

6. Судска практика

Под судска практика се подразбира воедначена примена на иста правна норма во повеќе случаи кои имаат иста фактичка и правна основа. Судската практика во зависност од природата на правосудниот систем, има различен третман од аспект на нејзино вбројување помеѓу изворите на правото.

Во англосаксонските држави каде што постои прецедентна практика односно пресудите имаат статус на судски прецеденти и начинот на кој еден суд одлучил во определен случај е задолжителен за другите судови кога ќе одлучуваат за ист таков случај, судската практика претставува извор на правото.

Во државите од континентална Европа, со исклучок на државите кои имаат касационен систем и каде што одлуките на касационите судови имаат задолжителна сила во однос на пониските судови, судската практика не претставува извор на правото.

Судската практика начелно не се смета за извор на правото во Република С.Македонија , што произлегува од определбата на Уставот На Република Македонија – Амандман 25, според која судовите судат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

Од ова, произлегува дека судовите во своите одлуки не се повикуваат на претходно донесени одлуки од друг суд и ги применуваат законските одредби . Сепак, треба да се каже дека судската практика во однос на воедначена и единствена примена на законите има клучна улога. Преку активноста на Врховниот суд на Република Северна Македонија, оваа функција на судската практика се остварува и тој според Уставот е должен да го обезбеди единството во примената на законите од страна на судовите.

7. Начела на кривичната постапка

Начелата на кривичната постапка овозможуваат подобро разбирање на процесните процеси и нивна систематизација. Во однос на субјектите кои ги применуваат тие може да

се сфатат како еден вид на помагала во толкувањето на прописите, особено таму каде што тие содржат определени правни празнини кои треба да се пополнат или определени правни стандарди.

Начелата содржински може да се поделат на :

- ✓ Начела кои се однесуваат на поведувањето на постапката (официјалност,акузаторност и легалитет)
- ✓ Начела кои се однесуваат на водењето на кривичната постапка (контрадикторност,непосредност,јавност,усност и правичност) и
- ✓ Вистината и правичноста се нешто повеќе од само начела на постапката-тие претставуваат основни цели и вредности врз кои е дизајнирана и заснована постапката.

Формулирањето на основните начела има значење за правилна примена на процесното право и за конструкција на системот на процесот. Но, претераното придавање на значење на основните начела доведува до губење предвид дека тие не се непроменливи и води кон нивно фетишизирање.

7.1.Основни начела

7.1.1. Барање на вистината

Целта на кривичната постапка е никој невин да не биде осуден , а виновникот да ја добие кривичната санцкија .За оваа цел да биде остварена, таа сама по себе бара утврдување на низа факти. Барањето на вистината во кривичната постапка се нарекува понекогаш и начело на материјалната или објективната вистина. Во стандардот на докажување е главната разлика помеѓу кривичната и граѓанската постапка.Имено во граѓанската постапка претежност на доказите е она што е стандард, па така онаа страна која што има повеќе и поубедливи докази ќе го добие спорот.

Наспроти граѓанскиот, кај кривичниот спор спротиставени се поединецот и државата поради што презумпцијата на невиност и значењето на спорот кој може да заврши на штета на имотот и слободата на обвинетиот бара повисок стандард на

докажување кој ќе може кривичната санкција да ја оправда морално. Затоа, во кривичната постапка се бара вината на обвинетиот да се докаже со доволно докази,кои ќе бидат законито изведени.

Силен интерес за утврдување на вистината постои во секој правен систем. Оттука, кривичната постапка се стреми да ја оствари оваа цел на начин конзистентен со низа ограничувања кои одразуваат други вредности на постапката. Оттука, се јавува и конфликтот помеѓу ефикасното трагање по вистината и заштитата на човековото достоинство, зачувувањето на општата атмосфера на слобода и приватноста.

Од друга страна, моделот на правично судење би бил негативен модел бидејќи би ја запоставил вистината и би се засновал исклучиво врз правата на човекот. Овој модел би водел поставување пречки, но без постоење на правец на кој тие треба да се постават. Затоа минимум позитивна содржина обезбедува грижа за прецизност при утврдувањето на фактите. Ова резултира во еден модел кој е хибриден , но воедно отвара и можност за внатрешен конфликт помеѓу грижата за индивидуалните права и желбата за точно утврдување на фактите. Кривичната постапка има двојна цел и тоа :виновниот да се осуди, а невинот да се ослободи.

Постојат два спротиставени модела по повод утврдувањето на вистината, односно:

1. Акузаторниот, кој се пронаоѓа во англосаксонската пракса. Тој е заснован врз уверувањето дека најдобар механизам за утврдување на вистината е вкрстеното испрашување кое го водат странките .
2. Инквизиторниот модел е модел во кој се верува дека вистината најдобро ќе се утврди ако судот самиот активно ја истражува бидејќи странките некогаш се позаинтересирани да ја скријат, а не да ја откријат вистината.
3. Во РМ се воведува и мешовит тип со влегувањето во сила на ЗКП во 2010година и овој модел претставува хибрид од двата модели. Па така, ЗКП првично го задолжува судот да изврши утврдување на вистината , непристрасно и целосно, се со цел странките потоа да се мотивираат активно да учествуваат во обезбедувањето, изведувањето и предлагањето на доказите.

Според ЗКП, судот по сопствена иницијатива не е должен да собира докази туку е ограничен на доказниот материјал кој странките го изнеле. Меѓутоа постојат одредби кои

не функционираат во насока на утврдување на вистината, туку напротив го отежнуваат истото. Поради тоа:

1. Иако е извесно дека токму општењето на обвинетиот може да придонесе за разјаснување на спорните факти и за утврдување на вистината на обвинетиот, ЗКП на обвинетиот му гарантира право на молчење.
2. Законодавецот предвидел категории на лица кои не можат да сведочат, а тоа се лица кои должноста за чување на службена, воена или деловна тајна би ја повредиле со својот исказ како и лица кои од должноста за сведочење се ослободени , пример : роднини на обвинетиот, неговиот брачен другар и сл.

Како исклучок од начелото на вистината претставува забраната за reformation in peius, односно преиначување на полошо што значи дека во случаи кога жалбата на пресудата е изјавена само во корист на обвинетиот, повисокиот суд не може да ја преправи на негова штета. Оваа забрана може во извесни случаи да го попречи утврдувањето на вистината, но нашето право ја предвидува од причина што обвинетиот понекогаш од страв дека може да претрпи штета би се воздржал да изјави жалба.

Меѓутоа, од постоењето на овој исклучок не значи дека ЗКП се откажува од утврдувањето на вистината туку се работи за рестрикција на средствата во нејзиното утврдување поради некои други начелно повисоки вредности.

7.2. Правична постапка

Целта на кривичната постапка на прв поглед изгледа едноставна, односно примената на казненото право значи да се утврди дали обвинетиот е виновен или не. Оттука, вредностите кои ги признаваме во кривичната постапка се и оние кои се појавуваат како ограничувања во спроведувањето на доказните правила, истрагите и сл.

Исто така, богатството и комплексноста на кривичната постапка добива со прашањето на правичноста која и самата е комплексен поим. Имено, постапките покрај правичноста на пресудата, отвараат сопствени проблеми на правичноста. Дали и самите

постапки може да се оценуваат како фер или не, без притоа да се доведат во врска со ништо друго кое бара посебна елаборација. Ова е она што нас посебно не засега.

7.2.1. Теорија на правично одлучување

Проблемите кои ги имаат судските постапки укажуваат дека тие се дисфункционални во однос на утврдувањето на вистината, со што фокусот од точноста се свртува кон правичноста на постапката. Теориите кои инсистираат на правичноста поаѓаат од тоа дека судењата не се сигурен начин да се открие вистината. Согласно со нив,обезбедување на процедурата за решавање на кривични спорови е таа да биде правична и ова е најдоброто кое може да се извлече . Оттука се јавуваат:

- Елементи на контрадикторност

  Тие овозможуваат гаранции за неприсрасност на судот и определен степен на процесна контрола на странките. За правичноста тие придонесуваат со тоа штонудат потенцијал за еднаков натпревар на спротиставените страни пред одлучувач кој е непристрасен.

- Права на обвинетиот

  Правата на обвинетиот треба во однос на предноста што државата ја има во расположливите ресурси да обезбедат баланс,и притоа правата на обвинетиот не се само средство што треба да придонесе за точноста на исходот.

Со спојување на теориите за судењето како инструмент и теориите за правичност, најдобро може да се објасни структурата на современата кривична постапка. Оттука, во таа смисла вистината и правичноста се набљудуаат како тесно поврзани ,а не како спротиставени.Едноставна е идејата што ги поврзува, а тоа е дека правичната постапка претставува прифатлив начин и подобно средство за откривање на вистината. Тоа е така бидејќи:

- ✓ Прво, до погрешно утврдување на фактите може да доведе постапката што не е фер.

- ✓ Второ, постои потреба да се надомести за дисфункционалноста на судењата по однос на утврдувањето на вистината.

7.2.2. Теорија на правата

Обидот да се одговори на тоа зошто општеството толерира систем на кривична постапка за кој знае дека на некој начин е дефектен како средство за утврдување на вистината нѐ води до тоа да смислата на современата кривична постапка го бараме кај човековите права. Правата на обвинетиот во кривичната постапка, се дизајнирани за на власта делумно да и отежнат во осудата на поединци. Оттука, политичката цел поради која е структурирана кривичната постапка е да се обезбеди овластување на кривичен прогон, односно да не се злоупотреби како некакво општо овлатување за вознемирување и прогонување на граѓаните.

Во таа смисла, сите граѓани ги штитат правата на обвинетиот од можните злоупотреби на државната власт. Несоменено, едно од најсилните оружја на државата е казненото право и тоа во историјата неретко било користено за преку присилни мерки да се контролира населението. Денес, кривичните постапки се дизајнирани за да ги ограничат државните овластувања воопшто и се гледаат како форум за остварување на режимот на човековите права. Оттука, на листата на фундаменталните човекови права заштитени со уставните и меѓународните иструменти за човекови права се државните овластувања за примената на сила, претреси, апсења и надзор.

Ова кажува дека современата кривична постапка е дизајнирана да обезбеди форум кој ќе овозможи ефикасна заштита на човековите права. Во оваа насока, иако судењата можат да личат на нерамноправен натпревар тие не се неправични спрема власта пред се бидејќи човековите права во суштина претставуваат соодветна контрола врз власта, односно сосема очекувана и прифатлива во секое демократско општество. Повредата на било кое од овие права,и покрај фактот што тие самите по себе можат да бидат веродостојни може да претставува причина за исклучување на противправно прибавените докази од кривичните судења.

7.3. Начело на правична постапка

За праведен третман на граѓанинот, правичната постапка е неопходен, но не и доволен услов. Меѓутоа, фактот што неопходен услов за праведност е процедуралната правичност повлекува со себе спротивен заклучок дека за да постои неправда е доволно отсуството на ваквата правичност. Би можело да се каже дека секоја осуда која според независниот критериум за оцена на праведноста на исходот би била праведна, сепак ќе биде неправедна без примената на соодветна и правична судска постапка пред непристрасен и независен суд.

Денес како правично судење се смета она во кое доказите кои се подложни на контрадикторно тестирање ќе бидат презентирани пред суд кој е независен . Имено, се бара обвинетиот да има адекватна шанса да го информира судот од своја перспектива за фактите и аргументите кои се релевантни за обвинението. Од друга страна, не треба да се превиди дека со правото треба да се презентира дека одбраната го унапредува и поттикнува барањето на вистината.

Согласно со наведеното, нашиот ЗКП прокламира дека овој закон е тој кој ги утврдува правилата со кои се овозможува правично водење на кривичната постапка, таа да биде правична и јавна и во разумен рок, никој невин да не биде осуден, а на сторителот на кривичното дело да му се изрече кривична санкција под условите предвидени во КЗ врз основа на законито спроведена постапка.

Поимот правична постапка во континенталното европско право е разработен во праксата на ЕСЧП и е од значење за сите држави членки на Советот на Европа. Според таа пракса, прашањето за правичноста се однесува на постапката во целина, односно во сите нејзини делови и се оценува врз основа на два критериума, и тоа:

a) Општи елементи од поширок обем кои важат за секоја судска постапка
b) Посебни елементи, кои важат со оглед на специфичната природа на кривичната постапка.

А) Општи елементи на поимот правична постапка се:

- Право на странките да бидат сослушани пред донесување на одлуките и право да присуствуваат на дејствијата во постапката, со што судот мора на

секоја странка да и даде можност да се изјасни во однос на барањата наводите на процесниот противник.

Дали ќе го користи ефикасно правото на присуство и на изјаснување за фактичките и правните наводи на спротивната страна, зависи од самата странка. Еднаквост на оружјето значи право на странката во постапката да ги презема сите дејствија кои нејзиниот процесен противник може да ги превзема.Оттука, постапката не смее да се води и да се уреди и така што меѓу странките би дошло до неоправдана дискриминација.

- Судските одлуки не смеат да се засноваат врз докази кои се незаконити. Нашиот ЗКП предвидува исклучување на доказите кои се правно невалидни, пропишувајќи во основните начела дека доказите кои се набавени со кршење на слободите и правата не можат да се користат и врз нив не може да се заснова судската одлука. Истото важи и за доказите кои се набавени на незаконит начин.
- Судските одлуки мора да бидат образложени. Имено, општо е прифатено мислењето според кое должностаа за образлагање на судските одлуки значи тројна гаранција, и тоа:

1) Подигнување на квалитетот. Имено, образложената судска одлука подобро ја утврдува фактичката состојба
2) Создавање информациска база за одлуката која може да служи за понатака
3) Потврда на честа на достоинството на субјекти за чии права се одлучува.

Б) Посебните елементи на поимот правична постапка кои ЕСЧП изречно ги бара, и тоа:

- Независност, непристарасност и навременост

Независноста на судот значи независност од страните и од извршната власт. Било предложено дека исто така тоа треба да значи независност од интересните групи и од законската регулатива.

7.4. Претпоставка за невиност(пресумпција на невиност)

Пресумпцијата на невиност на обвинетиот содржи две правила: за товарот на докажување (ова правило значи дека обвинетиот својата одбрана не е правно должен да ја изнесува, ниту да ја докажува, туку товарот на докажување лежи на тужителот и на судот на претресот) и за распределбата на ризикот на недокажаноста на фактите на кривичното дело и вината (ова правило го распределува ризикот на недокажаноста на фактите за кривичното дело и вината, така што судот на претресот мора да донесе ослободителна пресуда, не само кога во невиноста на обвинетиот е потполно уверен , туку и кога не е потполно уверен во неговата вина, но и во неговата невиност).

- Посебни (минимални) гаранции за одбраната,(познати како-миранда правила):

1. Во најкраток рок,
2. На јазикот кој странката го разбира,
3. Странката да биде подробно известена за природата и причините на обвинението подигнато против него,
4. Да се брани лично или со помош на бранител по свој избор и, доколку не располага со средства да плати бранител, да добие бесплатен службен адвокат, кога тоа го наложуваат интересите на правдата,
5. Да користи бесплатна помош на преведувач, доколку не го разбира или не го зборува јазикот на којшто се одвива судењето
6. Да има доволно време и можности за подготвување на одбраната и сл.

8. Начела кои се однесуваат на поведување на постапката

8.1. Акузаторност

Начелото на акузаторност се состои во тоа што само ако постои барање од овластениот тужител, кривичната постапка може да се поведе и натаму да се води со што тој во основа е dominus(сопственик) на кривичната постапка.

Прифаќањето на ваквото начело овозможува поделба на трите основни функции во кривичната постапка, односно гонење, одбрана и пресудување, со што произлегува:

- Дека судот никогаш не може да поведе кривична постапка по своја иницијатива
- Дека со барањето на тужителот освен егзистентна врзаност , постои и тематска врзаност, односно дека процесот може да се води само против лице на кое се однесува барањето и само за кривично дело кое е опишано во барањето.
- Дека начелото на акузаторност и дава демократски карактер на постапката и овозможува исполнување на нејзината цел од што произлегуваат одредени предности, и тоа:

1. Непристрасност и објективност на судот со тоа што функцијата на гонење од функцијата на утврдување на фактите е одвоена.
2. Со тоа што функцијата на кривично гонење е доверена на посебен државен орган, концентрацијата на кривичното гонење во еден орган овозможува борбата против криминалот да биде поефикасна.
3. Со тоа што судот од иницијативата за поведување на постапката е ослободен и функцијата на гонење е доверена на посебен субјект, додека одбраната на друг субјект начелото на акузаторноста овозможува обвинетиот да постигне процесна положба на странка која е рамноправна со тужителот, односно другата странка.

8.2. Официјалност

Официјалноста значи дека службена должност на државните органи е започнувањето и водењето на постапката и таа се врши во општествен интерес, независно од волјата на лицето кое со кривичното дело е оштетено. Во таа насока, во согласност со начелото на официјалност, Јавниот Обвинител преку донесување на наредба за спроведување на истрага ја води претходната постапка.

Притоа, ЈО дејствува независно од волјата на оштетеното лице. Јавниот обвинител е единствен овластен тужител во постапките спрема децата. Во КЗ се определени отстапувања од начелото на официјалност, и тоа:

А) Кривично гонење по приватна тужба

Б) Кривично гонење по предлог

А) Кривично гонење по приватна тужба

Приватната тужба е вид обвинение кое може да го поднесе оштетениот,односно физичко или правно лице кое со посебен пропис е овластено за тоа и тоа за помал број полесни кривични дела. Исто така, во рок од 3 месеци откако дознал за кривичното дело и сторителот, приватниот тужител е должен да поднесе приватна тужба. Во започнатата постапка тој како и јавниот обвинител ги има сите права освен оние кои нему му следат како на државен орган.

Кривичните дела, кои се гонат по приватна тужба според КЗ се:

- Телесна повреда;
- Изнесување лични и семејни односи;
- Омаловажување со префрлање на кривично дело;
- Кражба на предмети со помала вредност ;
- Присилба.

Б) Кривично гонење по предлог

Постапката за определени кривични дела се поведува по иницијатива на оштетеното лице или други овластени лица. Таа иницијатива има форма на предлог за гонење што се поднесува до јавниот обвинител во рок кој е ист како и за приватната тужба. Доколку во текот на постапката , судот утврди дека нема предлог или истиот е повлечен,поради постоење на процесни пречки должен е да ја запре постапката, односно да донесе пресуда со која обвинението се одбива.

Јавниот обвинител откако ќе го поднесе предлогот, натаму постапува според начелото на легалитет на кривично гонење. Ако тој не поднесе обвинителен акт или ако се откаже од гонење, овластеното лице на предлогот може да го обжали ова решение на јавниот обвинител до повисокиот обвинител, но кривичното гонење нема право самостојно да го преземе.

По предлог се гонат:

- Кривичните дела на изнесување лични и семејни односи кои се извршени кон државен орган или кон негов претставник, службено или воено лице.
- Оштетување туѓи права
- Осигурителна измама
- Неовластено примање подароци
- Телесна повреда при семејно насилство

8.3. Легалитет

Јавниот Обвинител е должен според начелото на легалитет да преземе кривично гонење, за кривичните дела кои се гонат по службена должност секогаш кога законските услови се исполнети, без оглед на тоа дали самиот е уверен во корисноста и целосообразноста на кривичното гонење во одделни случаи. Самиот Јавен Обвинител врши оценување дали се исполнети овие услови и тоа треба да биде подложено на определена надворешна контрола.

Главни аргументи кои одат во прилог на начелото на легалитет се:

- ✓ Обезбедување рамноправен третман на граѓаните и еднообразна примена на законите
- ✓ Елиминирање на надворешнте влијанија
- ✓ Елиминирање на политички интервенции.

8.4. Начело на опортунитет

Иако во нашиот правен систем е прифатено начелото на легалитетот на кривичното гонење, постојат три ситуации во кои се прифаќа начелото на опортунитет, според кое јавниот обвинител доколку смета дека целесообразноста на некоја ситуација не го изразува јавниот интерес, може да одлучи да не пристапи кон гонење на определено дело, иако се исполнети сите законски услови тоа дело да биде прогонувано. Па така, начело на опортунитет постои:

1. Во постапката за примена на мерки за одвраќање(чл. 75-77 од ЗПД) по прием на пријава за кривично дело за кое е пропишана парична казна или затвор до 3 години ,а делото е сторено од дете постаро од 14 години, а притоа надлежниот обвинител одлучил дека случајот е јасен и зад тоа стои добиена согласност од детето неговиот бранител, законски застапник и оштетениот, како и извештај прибавен од Центарот за социјална работа.
2. Јавниот обвинител може во рок од 30 дена од приемот на пријава за сторено кривично дело , да донесе одлука да не поведе постапка против дете кое сторило дело за кое е пропишана казна затвор до 5 години , ако од природата на ситуацијата лично оцени дека е нецелесообразно да биде поведена дотичната постапка. Јавниот Обвинител пред носењето на ваквата одлука, може да побара известување од родителите, од други лица или установи, како и мислење дадено од центарот за социјални работи во однос на целесообразноста за поведување на дадената постапка.

Одлуката да ја примени целесообразноста, Јавниот обвинител е должен да ја соопшти на оштетениот со наведување на причините поради кои не ја повел постапката. Оттука, оштетениот во рок од 8 дена може да бара од советот за деца да донесе одлука за поведување на постапката.

Јавниот Обвинител може во согласност со оштетениот за дело за кое е пропишана парична казна или затвор до три години, да го одложи кривичното гонење ако осомничениот е подготвен да исполни определени обврски со кои се намалуваат или отстрануваат штетните последици на кривичното дело и притоа да се однесува според упатствата на обвинителството.

Ваквото решение во основа гледа што повеќе да го задоволи и јавниот и интересот на жртвата преку исполнување на определени обврски , како на пример: враќање на одземените предмети, плаќање на паричен придонес во полза на буџетот, отстранување или надоместување на штетата, и слично.

Во нашата кривична постапка е прифатен и принципот на мутабилитет. Јавниот обвинител може во случаите предвидени со закон да се откаже од барањето за гонење се до завршувањето на кривичната постапка. Судот пак ,ја запира кривичнатата постапка со

решение , во фазата на контрола на обвинението, односно пред започнувањето на главната расправа.

9. Начела кои се однесуваат на водењето на кривичната постапка

9.1.Контрадикторност

Начелото на контрадикторност е произлезено од правото за процесна положба на странките во постапката и правото за правично судење. Имено, лицето кое е обвинето за кривично дело има право да ги оспорува обвиненијата против него ,во правично и јавно судење пред независен и непристрасен суд. Исто така има право во своја одбрана да предлага и изведува докази. Според ова начело, судот и другите државни органи се должни и двете странки меѓу кои се води кривичноправниот спор да ги сослушаат.

Контрадикторноста во нашата кривична постапка во која товарот на докажување во целост е пренесен врз странките доаѓа до полн израз. Имено, се постигнува контрадикторност со давање право на странките , да даваат критична оцена за дејствијата, да стават предлози и да расправаат за нив, да ги изнесуваат своите заклучоци и мислења, да поставуваат прашања и слично. Законот се со цел да дојде до остварување на тие права ,гарантира физичко присуство на странките во постапката, преку благовремено запознавање на странките со времето за преземање на процесни дејствија и со материјалот на постапката , како и со можноста за давање на предлози и изјави. Суштина на современиот концепт на фер судење е начелото на контрадикторност, така што целата постапка се заснова врз чесна прилика одбраната да ги оспорува доказите на обвинителството.

Доследната примена на начелото на контрадикторност во нашата кривична постапка, овозможува:

- Придонес кон утврдување на вистината. Имено, контрадикторноста овозможува секој доказ одделно да се провери, затоа што забелешки на недостатоците на одделен доказ има право да става секоја од странките така што извесни нелогичности, нејаснотии и непотполности ќе може да се отстранат.

- Судот заземе правилен став во однос на извесни спорни правни прашања, односно правилно толкување и примена на правните норми. Имено, во процесот неопходно се наметнува утврдување на извесни правни прашања во врска со еден конкретен предмет како на пример квалификација на кривичното дело, примена на одделни институти како крајна нужда, нужна одбрана, небрежност, умисла и слично.
- Еднаков третман на странките во процесот. Тоа особено важно е за обвинетиот, бидејќи против него е насочено кривичното гонење и тој се наоѓа во загрозена положба. Еднаквиот третман е важен и за заштита на индивидуалните права на граѓаните.

9.2.Усност

Усноста означува изнесување на сите докази во усна форма на јавен претрес пред судот и со можност за контрадикторна расправа. Според ова начело, обвинението иако е поднесено во писмена форма,мора да се прочита на главната расправа. Изведувањето на доказите на главниот претрес се состои или со читање на писмените исправи кои служат како доказ или во испитување на обвинетиот, сведоците и вештаците, кои своите искази ги даваат усно.

Начелото на усност, на странката и овозможува веднаш да се изјасни за наводите на својот процесен противник, овозможува да ги објасни веднаш нејаснотиите и недоразбирањата, додека на судот му овозможува насочување на постапката и брза реакција.

9.3.Јавност

Едно од основните начела врз кои се засновува секоја демократска кривична постапка на една правна држава е начелото на јавност. Според начелото на јавност треба

да биде мониторирана работата на сите државни органи и органите на правосудството, под контрола на јавноста. Имено:

- Во потесна смисла, јавноста значи право на странките и нивните застапници, како и трети лица кои се незаентересирани за исходот на постапката, да присуствуваат на дејствијата во постапката и главната расправа .
- Во поширока, јавноста освен правото на присуство на процесните дејствија опфаќа и можност за објавување на извештај за спроведените дејствија, можност да се дознае денот и часот на главната расправа и слично.

Постојат одредни случаи кога исклучувањето на јавноста на главната расправа претставува неопходност, и тоа:

- Ако тоа е потребно заради чување на тајната која може да биде од различен карактер, како на пример : државна, службена, воена тајна.
- Ако тоа е потребно заради чување на јавниот ред.
- Ако тоа е потребно заради заштита на личниот и интимниот живот на оптуженият, сведокот или оштетениот и заради заштита на моралот.
- Ако тоа е потребно за заштита на интересите на малолетникот, така што секој пат кога му се суди на малолетник јавноста е исклучена
- Кога има случаи на семејно насилство.

Советот по службена должност или по предлог на странките донесува решение за исклучување на јавноста од главниот претрес. Решението мора да биде јавно објавено и образложено. Решението може да се напаѓа само со жалба на пресуда што претставува гаранција од евентуални злоупотреби.

Меѓутоа, исклучувањето на јавноста не значи дека на главниот претрес никој не може да присуствува. Напротив, освен ако со ЗКП не е поинаку определено, исклучувањето на јавноста не се однесува на странките, оштетениот, нивните застапници и бранителот.

Од друга страна, на претрес на кој општата јавносте исклучена, со дозвола на советот, а по барање на обвинетиот и неговиот брачен другар и неговите роднини, може да присуствуваат определени службени лица, научни и јавни работници.

9.4. Непосредност

Непосредноста е начело на кривичната постапка според кое, изведувањето на сите докази и факти кои се потребни за формирање на одлука, мора да се одвива на јавен претрес пред судот кој во една контрадикторна расправа ќе донесе одлука. Па така:

- ✓ Тоа прво значи дека оној што одлучува за фактите истите ги осознава оригинерно со своите сетила, односно без посредување на други органи. И на тој начин за сиот доказен материјал стекнува непосредни впечатоци, врз кој неговата одлука ќе се заснова.
- ✓ Смислата на ова право на обвинетиот е многу јасна - обвинетиот сам или со помош на бранител потребно е да има има прилика која ќе биде адекватна и доволна за да ја тестира веродостојноста на сведочењата и другите докази против него, а притоа да може и сведоците и другите докази кои се во негова полза ,под истите услови како и доказите против него да ги изведе пред судот.
- ✓ Начелото на непосредност пред се,се однесува на доказите кои се состојат во давањето исказ на обвинетиот, вештаците и сведоците, но истото се однесува и во случаите кога судот е во директен контакт со изворот на податоците ,и има можност да го следи начинот на кој истите се соопштуваат.

Начелото на непосредност не е директно споменато меѓу основните начела на ЗКП, но како доказ за тоа се повеќе одредби на ЗКП, и тоа:

- Определено е дека судот својата одлука ја заснова само врз фактите и доказите кои се изнесени на главната расправа.
- Определено е дека странките и нивните застапници, сведоците и вештаците се повикуваат на главната расправа.
- Законот инсистира на постојано присуство на сите членови од судскиот совет на главната расправа, поради што со цел да ги заменат членовите на советот во случај на нивна спреченост, се определуваат да присуствуваат еден или двајца судии или судии-поротници.

Од искуството произлезено од важните повреди на кривичната постапка се гледа какво значење има перманентното присуство на судиите на главниот претрес бидејќи

повредата на таа должност е и суштествена повреда на законот, а тоа повлекува и укинување на пресудата.

Од начелата на непосредност и усност, постојат некои нужни отстапувања кои се точно определени во ЗКП, и тоа:

- По исклучок, записниците за дадените искази пред Јавниот Обвинител, со одлука на судот може да се изведат како доказ со читање или репродуцирање ако починало лицето кое го дало тој исказ, лицето душевно заболело или од логични причини останало недостапно.
- Изјавите собрани во истражната постапка како и исказите на сведоците може да бидат користени при побивање на изнесените наводи или при вкрстено испрашување, како и во одговор на побивање, заради оцена на веродостојноста на исказите дадени на главната расправа. Овие искази се користат како алатка за тестирање на веродостојноста на исказите дадени на главната расправа пред судот,и не се сметаат за докази.
- На главната расправа со одлука на судот како доказ може да се изведат и записниците за дадени искази на доказното рочиште, така што, истите ќе се прочитаат или ќе се репродуцираат. Се смета дека странките имале доволна и соодветна прилика да ги тестираат овие докази на доказното рочиште.
- Доколку по започнувањето на главната расправа се појават индиции врз основа на кои може да се заклучи дека сведокот бил изложен на насилство, ветување на пари,закана или некоја корист, со цел на главната расправа лажно да сведочи или воопшто да не сведочи , исказите на сведокот дадени пред Јавниот обвинител во претходната постапка може да се изведат како доказ со одлука на судот.
- Доколку пак, на главната расправа обвинетиот не даде исказ или пак за одделни факти или околности даде поинаков исказ, Јавниот обвинител може да бара исказот на обвинетиот даден претходно во постапката да се прочита или репродуцира.

10. Субјекти на кривичната постапка

Лицата и органите кои според процесната положба што ја имаат превземаат определени процесни дејствија се нарекуваат субјекти на кривичната постапка. Субјектите во текот на постапката се јавуваат како носители на определени права и обврски. Поаѓајќи од поделбата на процесните функции, како главни процесни субјекти се јавуваат судот,обвинетиот и овластениот тужител.

Како потесен поим од процесните субјекти, странки во кривичната постапка се овластениот тужител и обвинетиот. Тие имаат странечка способност (legitimatio ad causam) – која е апстрактна правна можност да се биде тужител или обвинет во кривичната постапка. Странка е субјект кон кого е насочена судската одлука,односно субјект кој бара донесување судска одлука во определен правец. Други учесници во постапката се : оштетениот, сведоците, вештаците, толкувачите и други лица кои во текот на кривичната постапка земаат учество.

Освен субјектите на основниот кривичнопроцесен однос (судот, тужителот и обвинетиот), постојат и други субјекти во постапката на кои законот им признава извесни права и им наметнува определени должности. Тоа се споредни процесни субјекти: оштетениот со кривичното дело, органите за внатрешни работи и други овластени службени лица кои имаат определни должности и права во постапката и др.

10.1.Судови

10.1.1. Поим

Судовите ја вршат судската власт како самостојни и независни органи кои судат и своите одлуки ги засноваат врз основа на Уставот на РМ, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Судот се јавува во својство на процесен субјект кому функцијата на пресудување му е доверена и има право и должност преку одредбите на казненото процесно право да овозможи примена на казненото материјално право врз конкретен случај и да го спроведува кривичното правосудство. Судската власт

во нашиот судскиот систем ја вршат основните судови, апелационите судови, Управниот суд на РМ и Врховниот суд на РМ. Во кривичното правосудство судат основните судови, апелационите судови и Врховниот суд.

Вкупно постојат 27 основни судови кои судат во прв степен, кои се делат на основни судови со основна надлежност и основни судови со проширена надлежност.

Апелациони судови се вкупно 4 на број и се основаат за подрачјето на повеќе судови од прв степен, а седиштата на апелационите судови се во Битола, Гостивар, Скопје и Штип.

Врховниот суд на РМ има седиште во Скопје и ја врши судската власт на целата територија на државата.

Видовите судови, основањето, нивната надлежност, организацијата, составот и укинувањето, се уредуваат согласно Законот за судови.

Целите и функциите на судската власт се:

- Независно од положбата и својството на странките, непристрасно применување на правото.
- Почитување,заштита и унапредување на основните слободи и човековите права
- Обезбедување рамноправност, еднаквост, правна сигурност врз основа на владеење на правото и недискриминација по било кој основ.

10.2. Надлежност

Надлежноста се дефинира како подобност во конкретен случај да се врши власт, а правото и должноста на еден суд да расправи определен кривично-правен предмет се дефинира како судска надлежност. Судот е должен на својата надлежност да внимава и штом ќе забележи дека не е надлежен, има должност да се огласи за ненадлежен, да донесе решение за утврдена ненадлежност и со тоа предметот да го упати до надлежниот суд. Надлежноста може да биде стварна и месна. Надлежноста која се определува според природата на кривичното дело односно според материјата се нарекува стварна надлежност (rationae materiae).

Надлежност според местото на извршувањето на кривичното дело односно според територијата и според местото на седиштето на судот се нарекува месна надлежност (rationae loci).

10.2.1.Стварна надлежност (rationae materiae)

Стварната надлежност е должност и законски нормирано право на еден суд во текот на кривичната постапка да презема процесни дејствија и кривичното дело да го пресуди согласно неговата природа. Македонскиот законодавец, стварната надлежност во однос на полнолетните сторители ја определува со одредбите на Законот за судовите,а во однос на малолетните сторители на кривични дела со одредбите на Законот за правда за децата. Согласно со стварната надлежност утврдена во Законот за судовите, основните судови судат во прв степен и се основаат како:

- Основни судови со основна надлежност

  Тие претставуваат органи надлежни за подрачјата за кои се основани, односно се надлежни да одлучуваат во скратена постапка за кривични дела за кои како главна казна со Кривичниот законик на РМ е определена казна затвор до 5 години. Исто така, овие судови се надлежни и за дела каде надлежност на друг суд не е законски предвидена, како и за кривични дела за кои со посебен закон е определена надлежност на суд со основна надлежност така што се надлежни да постапуваат во забрзаните постапки, исто така надлежни се да одлучуваат за приговори и жалби во постапките кои се во нивна надлежност.

- Основни судови со проширена надлежност

  Тие претставуваат органи кои за подрачјата за кои се основани се надлежни да одлучуваат за дела сторени од деца во судир со законот , за кривични дела за кои со закон е предвидена казна затвор над 5 години, за определување на мерки со кои се навлегува во индивидуалните права на обвинетиот, како на пример :определување , претрес на домот, одземање на предмети, продолжување на мерката притвор, примена на посебни истражни мерки и слично.

Исто така, судовите со проширена надлежност одлучуваат за оцена на основаната на обвинителниот акт, за законитоста на дејствијата преземени во претходната постапка, Постојат 12 основни судови со проширена надлежност, кои имаат седиште во: Скопје, Битола, Прилеп, Охрид, Струга, Куманово, Тетово, Гостивар, Струмица, Кочани, Велес и во Штип. Основните судови може да имаат и судски одделенија, може да судат надвор од седиштето на судот, како и да имаат судски денови надвор од седиштето на судот.

Во основните судови со проширена надлежност, за криминалитет на децата се формираат и специјализирани судски оддели. Овие оддели ги сочинуваат судии за деца, советници за деца и совети за деца . Во овие оддели има и стручни работници кои се назначуваат по предлог на Центарот за социјална работа , за вршење на работи како педагог или психолог. Овие стручни работници му помагаат на судијата во однос на децата и во однос на давање на совети при водењето на подготвителната постапката и главната расправа.

Според стварната надлежност, апелационите судови се второстепени судови кои решаваат за судирот на надлежноста меѓу судовите од прв степен на своето подрачје и решаваат по жалбите против одлуките на основните судови од своето подрачје. Покрај ова, тие имаат и надлежност по повод одржување на расправа во одделни случаи определени со Законот за кривична постапка, како и други работи определени со закон.

Советот за деца , во постапките спрема деца решава по редовни и вонредни правни лекови предвидени во Законот за кривична постапка и притоа работи на унапредување на судската пракса во оваа област и анализи поврзани со неа.

Врховниот суд на РМ е надлежен:

- ✓ Да решава во втор степен против одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон;
- ✓ Да решава во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови;
- ✓ Да решава за пренесување на месната надлежност;
- ✓ Да одлучува по барање на странките и другите учесници во постапката при повреда на правото на судење во разумен рок;

- ✓ Да решава во постапки утврдени со закон пред судовите во РМ во согласност со правилата и приниципите утврдени со Европската конвенција за човекови прави,согласно судската пракса на Европскиот суд за човекови права и сл.
- ✓ Да решава по вонредни правни лекови против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон, како и при решавање на судир на надлежности меѓу основните судови од подрачјето на различни апелациони судови.

10.3. Месна надлежност(rationae loci)

Месната надлежност претставува должност и право на стварно надлежен суд да презема процесни дејствија и да пресуди определено кривично дело поради поврзаноста на тоа дело со местото каде што се простира надлежноста на судот. Имено, т.н територијалната надлежност , се определува со Законот за судовите, при што одделно се пропишува каде основниот суд се основа и подрачјето на општините на кои месната надлежност на основниот суд се простира . Па така во Република Македонија се основани 24 основни судови.

Судското одделние на основниот суд за подрачјето на општините за кои е основано врши надлежности на основен суд. Во Република Македонија основани се 4 апелациони суда и тоа во Скопје, Гостивар, Битола, Штип.

Месната надлежност на Врховниот суд, се простира на територија на целата држава како највисок и единствен суд во судската организација.

Месната надлежност може да биде:

1. Редовна месна надлежност ;
2. Вонредна месна надлежност.

10.3.1. Редовна месна надлежност

Основен критериум за определување на месната надлежност е надлежноста која се определува според местото на извршување на делото. Имено надлежен е судот на чие подрачје кривичното дело е извршено или обидено.

Редовната месна надлежност се претставува и според местото на живеалиштето или престојувалиштето на обвинетиот што во суштина претставува супсидијарен критериум за определување на месната надлежност, кој се применува ако местото на извршување на кривичното дело не е познато , а ако тоа место е надвор од територијата на државата надлежен е судот на чие подрачје обвинетиот има живеалиште или престојувалиште. Исто така редовната месна надлежност подразбира надлеженост според местото каде обвинетиот е фатен или местото каде обвинетиот сам се пријавил.

Овој критериум се применува ако местото на извршување на делото не е познато, ниту пак живеалиштето или престојувалиштето на обвинетиот, при што оној суд на чие подрачје обвинетиот ќе биде фатен или самиот ќе се пријави на органите на прогонот се определува како месно надлежен.

10.3.2.Вонредната месна надлежност

Вонредната месна надлежност се дели на :

А) Определена месна надлежност

Имено, ако според одредбите на Законот за кривична постапка не може да се утврди кој суд е месно надлежен, Врховниот суд ќе определи таков прикладен. Ова се ретки ситуации, пример: Лице кое одговара за кривично дело што е извршено во странство , а е предадено на македонските власти во случаи на екстрадиција.

Б) Надлежност според меѓусебната врска на кривичните предмети

Настанува кога во определени случаи на определени кривични предмети се јавува меѓусебна поврзаност која условува спроведување на единствена постапка, спојување на предметите, како и донесување на пресуда која е единствена. Оттука, дела кои спаѓаат во

стварната и месната надлеженост на различни судови често пати се опфатени со поврзување.

Поврзаноста може да биде и субјективна, односно кога за повеќе кривични дела е обвинето исто лице, надлежен е оној суд кој прв ја започнал постапката по барање од овластен тужител. Судот до кој прво е поднесено барањето за поведување на постапката,ќе се смета за надлежен ако постапката уште не е започната. Ако оштетениот истовремено сторил кривично дело спрема обвинетиот,надлежноста се определува на овој начин.

Судот може да спроведе единствена постапка по предлог на Јавниот Обвинител, како и да донесе една пресуда во случај кога повеќе лица се обвинети за повеќе кривични дела, но само ако меѓу сторените кривини дела постои меѓусебна врска и исти докази.

В) Делегирана месна надлежност

Настанува со одлука на повисокиот суд, кој може да определи во извесни случаи , во еден конкретен предмет постапката да не ја спроведе судот кој е месно надлежен туку некој друг стварно надлежен суд од неговото подрачје.

10.4. Ненадлежност

Законодавецот пропишува дека должност на судот е да внимава на својата надлежност и штом ќе забележи дека не е надлежен, должен е да се огласи за ненадлежен со решение и по правосилноста на решението за ненадлежност, кривичничниот предмет да го упати до надлежниот суд. Притоа, според правилата за организација на судовите во современите судски системи,секогаш треба да се има во предвид дека, понискиот суд никогаш не може да постапува по предмет од стварна надлежност на повисокиот суд.

Ако станува збор за стварна надлежност, судот мора да се прогласи за ненадлежен без разлика на стадиумот до кој стасала кривичната постапка. Покрај стварната, ова важи и за месната надлежност со таа разлика што на стварната надлеженост судот е должен да внимава во сите фази, дури и по донесување на одлуката.

10.5. Судир на надлежност

И покрај тоа што прашањето за надлежноста е регулирано со законски одредби, во праксата е можно одделни судови тие одредби нееднаково да ги интерпретираат и разбираат, поради што е можен судир на надлежноста, односно појава на спор околу прашањето за тоа кој од повеќето судови во конкретен случај и одделен предмет има право и должност да постапува. Имено, до судир на надлежноста може да дојде во однос на стварната, но и во однос на месната надлеженост, а судирот се јавува во два облика, и тоа:

- ✓ Позитивен, односно судир на два или повеќе судови кои сметаат дека имаат надлежност да постапуваат по одделен предмет;
- ✓ Негативен, односно судир на два или повеќе судови кои сметаат дека немаат надлежност да одлучуваат по определен предмет.

Со оглед на фактот дека судирот на надлежноста може да се одрази негативно врз јавниот и индивидуалниот интерес,во законот е определен механизам за надминување на судирот на надлежноста, со цел да се елеминираат штетните последици од судирот на надлежноста. Додека тој не се реши, секој од судовите има должност да ги презема оние дејствија во постапката за кои постои опасност од одлагање.

Кога судирот на надлежност е меѓу два апелациони суда или помеѓу основните судови од територијата на два различни апелациони судови , таквиот судир го решава Врховниот суд. Оттука, евентуалниот судир на надлежност меѓу судовите и општинските органи или меѓу судовите и органите на управата ги решава Управниот суд на Република Македонија. Самите судови меѓу кои настанал судирот ја иницираат постапката за решавањето на судирот на надлежноста, и тоа:

- ✓ Во случај на позитивен судир на надлежност, оној суд кој смета дека е надлежен да постапува и одлучува, ја иницира постапката, укажувајќи дека предметот треба да му се отстапи од судот каде што предметот се наоѓа.
- ✓ Ако пак, судирот на надлежноста е негативен, постапката ја иницира оној суд на кој предметот му е доставен на решавање, а тој смета дека судот кој му го доставил предметот или некој друг суд е надлежен да постапува и одлучува.

Непосредно повисокиот суд, кој е надлежен да одлучува за судирот на надлеженоста должен е пред да донесе одлука по повод судирот на надлеженоста да побара мислење од надлежениот јавен обвинител кога кривичната постапка се води по негово барање.

10.6. Состав на судот

Во рамките на судовите наспроти стварната надлежност, постои внатрешна организација и поделба при постапувањето. Па така има :

А) Инокосно постапување и одлучување во основните судови како првостепени судови.

Б) Колегијално постапување и одлучување во сите видови на редовни судови.

А) Инокосното постапување и одлучување во основните судови како првостепени судови е предвидено во случаи на:

- Судија поединец, кој постапува во постапка за кривични дела за кои како главна казна е предвидено затвор до 5 години или парична казна.
- Судија на претходна постапка, кој одлучува за правата и слободите на обвинетиот во текот на претходната постапка, пример: притвор, мерка за привремено обезбедување на имот и слично. Исто така,судијата врши и контрола на спроведувањето на доказното рочиште,на законитоста на лишувањето од слобода и слично.
- Судија кој врши оцена на обвинителниот акт, е надлежен да врши оценување на основаноста на обвинителниот акт кога тој е поднесен за кривично дело за кое според Кривичниот законик е пропишана затворска казна до 10 години.
- Судија за деца, кој претседава со советот за деца , ја спроведува подготвителната постапка, и врши други работи определени со Законот за правда за децата.

Б) Колегијалното постапување и одлучување во сите видови редовни судови е предвидено во следниот состав на судските совети:

- Во основните судови (прв степен) постапуваат :

1. Совети составени од еден професионален судија и двајца судии-поротници за дела каде е пропишан затвор до 15 години.
2. Совети составени од двајца професионални судии и тројца поротници за дела каде е пропишан затвор од 15 години или доживотен затвор.
3. Совет составен од тројца професионални судии , кој во пракса е познат и како кривичен совет, и одлучуваат за жалби против одлуките на судијата на претходната постапка и против други решенија наведени во Законот за кривична постапка. Тие надвор од главната расправа донесуваат одлуки во прв степен, стават предлози во случаите предвидени во Законот за кривична постапка или во друг закон, носат пресуда според одредбите за извршување на странска кривична пресуда утврдена со посебен закон. Исто така , ако во првостепениот суд не може да се оформи ваков совет по барање на претседателот на тој суд ,поради недоволен број судии претседателот на непосредно повисокиот суд ќе делегира судија од друг суд од своето подрачје.
4. Советот за оцена на обвинителниот акт е составен од тројца професионални судии ,и надлжежен е да врши оцена на основаноста на обвинителниот акт кога тој е поднесен за кривично дело за кое според Кривичниот законик е предвидена казна затвор од 10 години или потешка казна.
5. Совет за деца кој е оформен во судовите со проширена надлежност и како таков тој е составен од судија за деца како професионален судија и двајца судии поротници.

Во Апелационите судови од (втор степен) постапуваат:

1. Совети составени од тројца професионални судии за дела за кои е пропишан затвор во траење до 15 години.
2. Совети составени од петмина професионални судии за дела за кои е пропишан затвор од 15 години или доживотен затвор.
3. Совет составен од двајца судии и тројца поротници, кога пред апелациониот суд се суди во втор степен на расправа.
4. Совет составен од тројца професионални судии за постапување како кривичен совет на второстепниот суд.

5. Совет за деца на апелациониот суд, составен од судија за деца и двајца судии, кои одлучуваат за жалбите против одлуките на советот за деца на основниот суд, како и во други случаи определени со Законот за правда за децата.

- Во Врховниот суд од (трет степен) постапуваат:

1. Совети составени од петтмина професионални судии кога врховниот суд постапува во трет степен.
2. По барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда, Врховниот суд одлучува во совет составен од тројца професионални судии ако станува збор за кривични дела за кои со закон е пропишана казна затвор од траење до 15години, додека во совет составен од петтмина професионални судии ако станува збор за дело за кое е пропишан затвор од 15 години или доживотен затвор.
3. По барање за заштита на законитоста, Врховниот суд одлучува во совет составен од петтмина професионални судии, а доколку барањето е поднесено против одлука на некој совет на Врховниот суд за барањето одлучува општата седница на Врховниот суд.
4. Совет составен од тројца професионални судии, за оценка на судењето во разумен рок.
5. Совет за деца составен од петтмина професионални судии кој решава по редовни и вонредни правни лекови предвидени во Законот за правда за деца

10.7. Избор, мирување и престанок на функцијата и разрешување на судиите

10.7.1.Избор

За судија може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве општи услови:

- ✓ да е државјанин на Република Македонија,
- ✓ да е работоспособен и да има општа здравствена способност за што се вршат здравствени прегледи,
- ✓ активно да го владее македонскиот јазик,

- ✓ да е дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии со просек од најмалку осум или дипломиран правник со стекнати 300 кредити според Европскиот кредит – трансфер систем (ЕКТС), со просек од најмалку осум во секој од двата циклуса на универзитетските студии, или нострифицирана диплома од правен факултет во странство за стекнати 300 кредити,
- ✓ да има положено правосуден испит во Република Македонија,
- ✓ активно да познава еден од официјалните јазици на Европската унија, од кои задолжително англискиот јазик,
- ✓ да ужива углед, да поседува интегритет за вршење на судиската функција и да поседува социјални способности за вршење на судиската функција, за што се спроведуваат тестови за интегритет и психолошки тестови
- ✓ практична работа со компјутери.

10.7.2. Посебни услови

Посебни услови за избор на судија во основен суд, апелационен суд и во Врховниот суд на РМ се:

- ✓ за судија на основен суд може да биде избрано лице што ја има завршено почетната обука во Академијата за судии и јавни обвинители,
- ✓ за судија на апелационен суд може да биде избрано лице кое до моментот на пријавување за избор има работно искуство од најмалку четири години непрекинат судиски стаж како судија во основен суд.
- ✓ за судија на Врховниот суд на Република Македонија, може да биде избрано лице кое има работно искуство од најмалку шест години непрекинат судиски стаж како судија во апелационен суд до моментот на пријавувањето за избор и кое од страна на Судскиот совет на Република Македонија во последната година е оценето со највисока позитивна оцена.

Судската функција може да мирува во случаите кога судијата е именуван или избран за член на ССРМ, судија на Меѓународен суд, судија на УСРМ, или директор на Академијата за обука на судии и јо. Судската функција мирува за времето додека судијата ја врши должноста за кој е именуван, а по истекот на мандатот на таа должност тој има право да се врати во судот од кој заминал на вршење на другата должност.

10.7.3. Престанок на судската функција

Судската функција може да престане: ако судијата сам побара, ако судијата трајно ја загуби способноста за вршење на судската функција, со навршување на 64 годишна старост, ако судијата е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку 6 месеца и ако судијата биде именуван или избран на друга јавна функција(освен кога судската функција е во мирување).

Судијата се разрешува од судската функција кога постои некоја од следниве причини:

- Поради сторена потешка дисциплинска повреда пропишана со закон што за вршење на судската функција го прави недостоен(потешка повреда на правата на странките);
- Поради несовесно и нестручно вршење на судската функција (дискриминација, спротивно од начелото за судење во разумен рок, јавно изнесување на информации и податоци за судски предмети за кои не е правосилно одлучено и сл.).

10.8. Избор и престанок на фукцијата судија-поротник

10.8.1.Избор
10.8.2.Општи услови

За судија-поротник може да биде избрано лице што ги исполнува следниве услови од општ карактер : да е државјанин на Република Македонија, да е полнолетен и со

завршено најмалку високо образование, активно да го владее македонскиот јазик, да не е постар од 64 години и да ужива углед за вршење на оваа функција .

За судење на малолетници, судијата-поротник се избира од редот на лица со искуство во воспитанието и образованието на младите. Судија-поротник има мандат од четири години и со можност за реизбор.

10.8.3.Посебни услови

Посебни услови се :

- Полагање на психолошки тест ;
- Полагање на тест за интегритет;
- По изборот, судиите - поротници задолжително посетуваат специјализирана обука организирана од Академијата за судии и јавни обвинители;
- По завршувањето на обуката, судиите - поротници полагаат испит за завршената обука. Функцијата на судијата – поротник престанува доколку не го положи испитот.

10.8.4.Престанок

Функцијата на судија-поротник престанува: ако тој сам го побара тоа, ако трајно ја загуби способноста за вршење на должноста судија-поротник, ако несовесно и неуредно ја врши должноста судија-поротник ако е осуден за кривично дело на казна затвор од најмалку 6 месеца и со навршување на 60 години старост.

Постапката за престанок на функцијата судија-поротник по предлог од Претседателот на судот ја води Судскиот совет на Република Македонија.

10.9. Изземање

Тежнеењето за почитување на принципот за владеење на правото и негувањето на довербата што граѓаните треба да ја имаат во судството како една од трите власти во државата мора да води сметка за независноста на судовите како институции, но и за интегритетот, личната независност и непристрасноста на секој судија како поединец. Сето тоа подразбира слобода од влијание, мешање или насочување во вршењето на судската функција без разлика од тоа за која од властите се работи.

Аспектите на личната независност подразбираат непристрасност во постапувањето и во одлучувањето, кое се заснова единствено врз владеењето на правото, професионализмот, искуството, умешноста и знаењето на самиот судија. Ако судиите и поротниците се наоѓаат во семејни, пријателски,имотни или други односи со определени лица, тоа во суштина може да предизвика сомневање во нивното одлучување во определен предмет и нивната објективност во постапувањето. Во вакви случаи се применуваат посебни мерки кои водат кон изземање на судијата, а институтот на изземање е од интерес за јакнење на вербата во правичноста и непристрасноста на примената на правото и одлучување во конкретниот случај.

10.9.1. Причини за изземање

Изземање на судиите и поротниците е можно доколку постојат определени причини или околности поради кои тие во постапката не смеат да учествуваат. Оттука, постојат две категории на причини за изземање:

- Апсолутни причини –изземањето е од задолжителен карактер. Станува збор за случаите кога:

1. Судијата или поротникот се јавува како лице кое е оштетено со кривичното дело.
2. Обвинетиот, неговиот бранител, тужителот, оштетениот , му е брачен или вонбрачен другар, роднина на судијата.
3. Ако судијата или поротникот чие изземање се бара со обвинетиот, неговиот бранител, тужителот или со оштетениот е во однос на старател, лице под старателство, посвоител, посвоеник, хранител или храненик.

4. Ако судијата или поротникот чие изземање се бара, учествувал во истиот предмет како судија на претходна постапка, учествува во оценатa на обвинението пред главната расправа или учествувал во постапка како тужител, бранител, законски застапник и сл.
5. Ако судијата или поротникот чие изземање се бара во истиот предмет учествувал како судија во претходна постапка, учествува во оценатa на обвинението пред главната расправа или учествува во постапката како тужител, законски застапник , полномошник, бранител на оштетениот или е испитан како вештак или сведок.
6. Ако судијата или поротникот зема учество во донесувањето на одлуката на понискиот суд или ако во истиот суд учествувал во донесувањето на одлуката која со жалбата се побива.

❖ Релативни причини претставуваат оние причини кај кои се цени дали постојат околности кои водат кон сомневање во непристрасноста на лицето што треба да се изземе. Имено, овие причини не водат кон обврска на судијата или поротникот да побара свое изземање, туку само ако се утврдат околностите кои иницираат негово изземање.

10.9.2.Постапка за изземање

Од страна на судијата или поротникот постапката се иницира по службена должност, доколку постои апсолутна причина за изземање, како и по барање на самите странки доколку сметаат дека располагаат со факти кои водат кон сомневање во објективноста на судијата или поротникот.

Судијата или поротникот доколку дознае дека постои некоја околност за изземање го известува за тоа претседателот на судот кој ќе му определи замена. Оттука, до почетокот на главната расправа изземање може да бараат и странките, а ако за причината за изземањето дознале подоцна, барањето го поднесуваат во моментот кога дознале. Барањето за изземање на судија на повисокиот суд, странката може да го наведе како основ во жалбата или во нејзиниот одговор.

Странката е должна своето барање да го образложи и да ги наведе во него околностите поради кои смета дека постои некоја од законските основи за изземање. Ако станува збор за изземање на претседателот на судот, тој самиот ќе си определи заменик од судиите на судот чијшто претседател е тој, а ако тоа не е можно ќе побара од повисокиот суд тоа да го стори.

11. Јавен обвинител

Јавниот обвинител е странка и субјект во кривичната постапка кој од името на државата дава иницијатива за започнување на кривично гонење за кривични дела,кои се гонат по службена должност. Јавното обвинителство е самостоен, а во исто време и единствен државен орган кој е надлежен да ги гони сторителите на кривичните дела кои со закон се утврдени како казниви дела, како и да врши други работи утврдени со закон.

Јавниот обвинител во вршењето на својата функцијата обезбедува граѓаните да бидат еднакви пред законот, независно од расата, полот, бојата на кожа, социјалното и национално потекло, верското и политичкото уверување и слично. Врз самостојноста и непристрасноста на Јавниот обвинител во вршењето на функцијата, не смее да влијае никој.

11.1. Надлежност, права и должности

Јавното обвинителство постапува, ако со закон не е поинаку определено,постапува во границите на својата стварна и месна надлеженост. Оттука, Јавниот обвинител ако тоа го бараат интересите на истражната постапка, ги презема истражните дејствија на подрачјето на кое е надлежен да постапува. Оттука, Јавниот обвинител во текот на истражната постапка, може согласно одредбите на ЗКП да преземе претрес, испитување на осомничениот, испитување на сведоци, привремено обезбедување и одземање на предмети или имот , определување на вештачење и слично.

Со цел да се овозможи добра подготовка на обвинетиот за негова одбрана, ЈО е должен обвинетиот да го запознае со доказите што против него ги прибавил во истражната постапка , како и да му ги открие доказите за кои дознал, а кои би можеле да му бидат од полза во постапката.

11.1.1. Раководна функција на ЈО во предистражната постапка

Јавниот обвинител е тој кој раководи со предистражната постапка и на располагање ја има правосудната полиција. Јавниот обвинител може сам да го преземе секое дејствие , кое е потребно за откривање на кривичното дело и гонењето и откривањето на неговиот сторител за кое со закон е овластено Министерството за внатрешни работи , финансиската полиција и сл.

Во оваа смисла, ЈО откако ќе ја прими кривичната пријава, може да ги повика подносителот но и други лица ако оцени дека за веродостојноста на наводите кои се содржани во кривичната пријава, може да придонесат нивните сознанија.

Во рамките на правото и должноста на ЈО во откривањето и гонењето на сторителите на кривичните дела за кои се гони по службена должност, спаѓаат следниве обврски:

- Насочување на дејствијата на органите кои се надлежни за откривање и пријавување на кривичните дела и нивните сторители;
- Предлага или издава наредба за преземање на посебни истражни мерки;
- Донесува наредба за истражна постапка и истата ја спроведува:
- Одлучување за одлагање на кривичното гонење:
- Предлага , обезбедува и пронаоѓа докази;
- Предлага издавање на казнен налог ;
- Предлага привремени мерки заради обезбедување на предмети или имот кои прибавени со кривично дело или заради извршување на конфискација.

Според овластувањата во Законот за кривична постапка кој го задржува начелото на мутабилитет, ЈО може во секој момент до завршување на кривичната постапката, да се

откаже од кривично гонење. Исто така , Јавниот обвинител може да се одлучи и за условно одлагање на кривичното гонење за кривично дело за кое е пропишана казна затвор до 3 години, во случај кога се исполнети два услови , и тоа:

- ✓ Да постои согласност од страна на оштетениот и кога осомничениот е подготвен да се однесува според упатствата на ЈО и со тоа
- ✓ Да ги исполни обврските кои ќе му бидат определени од Јавниот обвинител, а кои имаат за цел отстранување или намалување на штетни последици од кривичното дело крај на вознемирувањето што е резултат на кривичното дело, односно имаат за цел осомничениот да се реинтегрира.

Исто така, непреземање на кривично гонење е една од можностите кои на Јавниот обвинител му стојат на располагање при донесување на одлука дали да преземе кривично гонење или не , при што во три случаи е дозволено непреземањето и тоа:

- ✓ Кога постојат основите од кривичниот закон што се поврзани со можностите за ослободување од казна.
- ✓ Кога станува збор за соработник за правда како член на организирана група, банда или друго злосторничко здружение, кој со јавниот обвинител одлучил да соработува доброволно.
- ✓ Кога за кривичното дело казниво со затвор до 3 години, осомничениот покажал вистинско каење и го спречил настанувањето на штетните последици, односно ја надоместил целокупната штета што била предизвикана со кривичното дело.

Јавниот обвинител кога тоа е регулирано со ЗКП или посебен закон,поведува и учествува во забрзани и посебни постапки, односно во низа на т.н. неправи кривични постапки, како што е постапката за примена на мерките за безбедност,постапката за бришење на осудата,постапката за екстрадиција и слично.

11.2. Организација

Јавното обвинителство е организирано како Јавно обвинителство на Република Македонија , виши јавни обвинителства, основно јавно обвинителство за гонење на

организиран криминал и самите основни јавни обвинителства. Оттука, јавното обвинителство е организирано според приницпите на хирахиската субординација и централизам, но самостојноста и одговорноста на секој јавен обвинител при вршењето на функцијата не смее да биде загрозена од почитувањето на овие принципи.

Според централизмот како организациски принцип, иако има повеќе видови јавни обвинители со различна надлежност и организација , сите тие претставуваат единствен орган на чие што чело стои Јавниот обвинител на РМ , на кому му се подредени сите други јавни обвинители. Хиреархиската субординираност како организациски приницп се огледува во потчинетоста на пониските Јавни обвинителства на повисоките и како таква, опфаќа:

- Право и обврска на повисокиот Јавен обвинител , да му дава на понискиот задолжителни упатства за неговата работа
- Право на авокација, според кое повисокиот ЈО може да го преземе кривичното гонење, како и вршењето на одделни работи за кои е надлежен понискиот ЈО
- Право на делегација, според кое повисокиот Јавен обвинител може да му даде овластување на понискиот да презема определени дејствија од надлежност на друг Јавен обвинител или да води постапка по одделни предмети.

Јавното обвинителство се основа за подрачје на суд од соодветен степен, пред кој се постапува. Оттука, јавното обвинителство на РМ се основа за целата територија на државата и е со седиште во Скопје. Вишото Јавно Обвинителство се основа за подрачјето на апелациониот суд. Основното јавно Обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се основа за целата територија на државата и е со седиште во Скопје. Основното јавно обвинителство , се основа за подрачје на еден или повеќе основни судови. Обвинителската организација е составена од:

- Јавно обвинителство на РМ;
- Основно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција;
- 4 виши јавни обвинителства (Битола,Гостивар,Скопје и Штип);
- 22 основни јавни обвинителства.

Во Јавното обвинителство што е со поголем обем на историодни предмети, заради подобра специјализација и ефикасност во работата на јавното обвинителство,на одделно

потесно подрачје од неговата надлежност како внатрешни организациони единици може да се формираат одделенија. Јавен обвинител што е определен според годишниот распоред за работа на јавното обвинителство раководи со работата на одделението. Во основното ЈО за гонење на организиран криминал и корупција и во ЈО основано за подрачје на суд со проширена надлеженост, за следење и откривање на криминалитетот со посебна стручна служба се формираат специјализирани одделенија. Во јавните обвинителства што се основани за подрачје на суд со проширена надлежност се формираат и одделенија што се специјализирани за деца. Јавното Обвинителство се основа и се укинува со закон.

Прашањето за одговорност на Јавен обвинител од соодветен ранг детално е регулирано од Законот за Јавно обвинителство. Имено, повисокото Јавно обвинителство врши надзор над работата и постапувањето по конкретни предмети на пониските Јавни обвинителства . Јавното обвинителство на РМ врши надзор над работата и постапувањето по конкретни предмети на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција.

11.3. Именување и избор, мирување, престанок, разрешување и изземање

11.3.1. Општи услови

За Јавен обвинител може да биде избрано односно именувано лице што ги исполнува следните општи услови :

- ✓ да е државјанин на РМ,
- ✓ активно владеење на македонскиот јазик,
- ✓ да има општа здравствена способност и да е работоспособен ,
- ✓ да има стекнато универзитетска диплома за дипломиран правник во Р.М или нострифицирана диплома од странство и
- ✓ да има положено правосуден испит во Р.М

11.3.2.Посебни услови

Јавниот обвинител треба да ги исполнува следниве посебни услови:

- Работно искуство од најмалку 8години со потврдени резултати на правни работи по положен правосуден испит, или редовен или вонреден универзитетски професор кој предавал повеќе од 10години правен предмет од правосудна практика - за именуван Јавен обвинител на Р.М.
- Работно искуство од најмалку 8години со потврдени резултати на правни работи по положениот правосуден испит – за јавен обвинител во Јавното обвинителство на Р.М,
- Работно искуство од најмалку 5години стаж како јавен обвинител со потврдени резултати во работата – за виш јавен обвинител на вишо јавно обвинителство,
- Работно искуство од најмалку 5години со потврдени резултати на правни работи по положениот правосуден испит – за јавен обвинител во вишо јавно обвинителство,
- Работно искуство од најмалку 4години стаж како јавен обвинител со потврдени резултати во работата – за јавен обвинител на и јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција,
- Работно искуство од најмалку 3години стаж како јавен обвинител со потврдени резултати во работата или завршена обука во Академија за обука на судии и јавни обвинители – за основен јавен обвинител на основно јавно обвинителство.

11.3.3.Престанок и разрешување

Престанокот на функцијата го утврдува Советот на Јавни Обвинители на Република Македонија. Јавниот обвинител на Р.М пред истекот на мандатот се разрешува од функцијата во следниве случаи:

- поради незаконито,недоволно и ненавремено стручно вршење на функцијата,
- ако покажува со своето однесување и дејствување , дека не е способен за извршување на функцијата,
- ако за случаи предвидени со закон, не поднесува барање за започнување на кривична постапка,
- поради нарушување на угледот на функцијата.

Јавен обвинител од друг ранг може да се разреши од фукцијата поради:

- потешка дисциплинска повреда што го прави за вршењето на функцијата јавен обвинител недостоен , потешка повреда на правата и непочитување на достоинството и честа на странката и на другите учесници во постапката, пропишана со закон;
- потешка повреда на јавниот ред и мир ,недостојно однесување кон поединци, државни органи или други правни лица во врска со извршувањето на функцијата или надвор од неа, оневозможување на вршење надзор над работата на јавниот обвинител од страна на повисокото јавно обвинителство и повреда на начелото на недискриминација по било кој основ;
- нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител под услови утврдени со закон – под нестручност се подразбира недоволна стручност и професионалност што влијае на квалитетот во работата, непознавање на законите, ратификуваните меѓународни договори и други прописи и неквалитетно изготвување јавнообвинителски одлуки и други писмена, а под несовесност се подразбира грубо повредување на нормите на кодексот на јавните обвинители, незаконито, немарно или ненавремено вршење на функцијата јавен обвинител, пристрасно постапувањето по предметите , неовластено изнесување информации и податоци за обвинителски предмети, неовластено издавање класифицирани информации и др.

12. Приватен тужител

Согласно одредбите на Кривичниот законик,покрај кривичните дела кои се гонат по службена должност, постои и категорија на дела кои се гонат по приватна тужба. Имено, за кривичните дела со чиешто сторување се загрозуваат или повредуваат личните интереси на поединецот, гонењето е оставено на диспозицијата на засегнатото лице.

Тоа се кривични дела во кои овластен тужител е приватниот тужител,и се гонат по приватна тужба, ПР: присилба, телесна повреда, омаловажување со префрлање за

кривично дело, кражба на предмети од помала вредност, изнесување на лични и семејни односи сл.

Приватната тужба како акт на овластениот тужител има некои карактеристики, и тоа:

- Правото за нејзино поднесување не е лично право врзано за личноста на поединецот, туку тоа право поминува и на неговите роднини кои во ЗКП се таксативно наброени: неговиот брачен или вонбрачен другар, родителите, децата, посвоениците, браќата и сестрите, посвоителите кои може во рок од три месеци по неговата смрт да дадат изјава дека ја продолжуваат постапката односно да поднесат тужба;
- Приватната тужба е деллива, што значи дека ако со кривичното дело се оштетени повеќе лица гонењето ќе се преземе по приватна тужба на секој оштетен. Притоа, не е потребно сите оштетени лица да поднесат приватна тужба за започнување на кривичната постапката против сторителот на делото, туку таа ќе започне и кога само еден од оштетените ќе поднесе приватна тужба;
- Правото на поднесување на приватна тужба е временски органичено право.

Рокот за поднесување приватна тужба е три месеци од денот кога оштетеното лице дознало за кривичното дело и за неговиот сторител- кумулативен услов- за рокот да започне не е доволно да се знае само за еден од условите.

13. Оштетен и жртва

13.1. Оштетен

13.1.1. Поим

Оштетениот не претставува процесна странка и не е носител на ниту една од основните функции во кривичната постапка. Со тоа, тој има својство на споредeн процесен субјект. Оштетениот има одредена процесна положба и извесни процесни права, од самиот факт што тој има право да поставува имотноправно барање со можност да го реализира во кривичната постапка. Оштетен, покрај жртвата е и друго лице чие што имотно или лично право е загрозено или повредено со кривично дело. По тој повод, тоа

лице учествува во кривичната постапка заради остварување на имотноправно барање или со приклучување кон кривичното гонење.

13.1.2. Процесната положба на оштетениот

Процесната положба на оштетениот се состои во некое имотноправно барање кое може да се однесува на враќање на предмети или поништување на определена правна работа,на надоместок на штета, ќе се расправи по предлог од овластените лица во кривична постапка, ако со тоа оваа постапка значително не би се оддолжувала.

Со пресудата со која обвинетиот се огласува за виновен, судот целосно или делумно одлучува за имотноправното барање, додека за преостанатиот износ на имотноправното барање оштетениот го упатува да го остварува во спор.

Судот ќе го упати оштетениот на спор во следниве случаи:

- Кога судот ќе донесе пресуда со која обвинетиот од обвинението се ослободува;
- Кога судот ќе донесе пресуда со која обвинението се одбива;
- Кога судот ќе ја запре кривичната постапка со решение.

13.1.3.Права на оштетениот

Во различните стадиуми од постапката, положбата на оштетениот е определена со некои негови права:

- Да го користи својот јазик и писмо и правото на толкувач или преведувач;
- Да се стави предлог за остварување на имотноправно барање;
- Кога гонењето за делото зависи од предлогот, ЈО не може да поведе истражна постапка, ниту да поднесе обвинителен предлог или предлог за издавање на казнен налог, се додека предлогот не е поднесен од оштетениот;
- Оштетениот може да дава предлози на ЈО за преземање на определени дејствија и остварување на своите права во текот на истражната постапка;
- ЈО за времето и местото на извршување на истражните дејствија на кои оштетениот може да присуствува, е должен да го извести на погоден начин , освен кога постои страв од одлагање;

- Може да предлага докази и да укажува на факти;
- Да му се почитува правото на приватност;
- Да поднесе предлог за приватна тужба и гонење , согласно одредбите за КЗ;
- Да се произнесе по имотноправното побарување и по кривичниот настан како и да присуствува на главната расправа и да учествува во доказната постапка;
- Да побара враќање во поранешна состојба.

13.2. Жртва

Жртвата на кривичното дело во кривичната постапка може да учествува како оштетен со приклучување кон кривичниот прогон или за остварување на имотноправно барање за штета. Таа има право на внимание и посебна грижа од страна на субјектите и органите кои земаат учество во постапката, како и на психилошка и друга стручна поддршка и помош од страна на државата.

Имено, секое лице кое претрпело штета, ментална повреда, материјална загуба или друго слично загрозување на неговите права и интереси како последица на сторено кривично дело е жртва на кривично дело. Жртвата на кривичното дело во кривичната постапка може да учествува како оштетен со приклучување кон кривичниот прогон или за остварување на имотноправно барање за штета.

Полицијата, јавниот обвинител и судот спрема жртвите на кривични дела постапуваат со посебна грижа , давајќи им за нивните права поуки и при донесување на одлуки за кривично гонење, односно при преземање на дејствија во кривичната постапка се грижат за нивните интереси. Посебни права на жртви на кривични дела против половата слобода и половиот морал, човечноста и меѓународното право се:

- Правото жртвата пред испитување да разговара со бесплатен советник или полномошник, доколку во постапката учествува како оштетен;
- Правото жртвата да биде испитувана од лице кое е од ист пол во полицијата и во ЈО;

- Правото да не одговори на прашања кои се однесуваат на нејзиниот личен живот, а кои не се поврзани со самото дело;
- Право да бара јавноста да биде исклучена на главната расправа;
- Правото на жртвата да биде испрашана со помош на визуелно-тонски средства.

14.Обвинет

Обвинет е лице против кого е насочено кривичното гонење за определено кривично дело , и во постапката има својство на процесен субјект. Е сега, терминот обвинет е општ назив за лицето против кого се води постапката , но во ЗКП се користат различни термини. Имено, во претходната постапка се вика осомничен, обвинет е лице против кое обвинитниот акт е потврден , лице кое со правосилна пресуда е утврдено дека е кривично одговорно е осуден , а ослободен е лице кое се има стекнато со ослободителна пресуда. Основни права на обвинетиот се:

- ✓ да биде информиран навремено и детално , на јазикот што го разбира, за делата за кои се товари и за доказите против него,
- ✓ да има доволно време и можности да ја подготви својата одбрана, а особено да биде запознаен со доказите против него и во негова корист,да комуницира со бранител по сопствен избор и да има увид во списите,
- ✓ да се брани лично или со помош на бранител по сопствен избор и да биде суден во негово присуство ,а доколку нема средства да плати бранител, кога тоа го бараат интересите на правдата да добие бесплатен бранител,
- ✓ право да има можност да ја изнесе својата одбрана,
- ✓ да не биде присилен да даде исказ против себе или своите блиски или да признае вина,
- ✓ право да се изјасни за фактите и доказите што го товарат и да ги изнесе сите докази и факти што му одат во прилог,

- ✓ право сведоците против него да ги испита сам или преку бранител, како и право под исти услови да му се обезбеди присуство и испитување на сведоците во негова корист и
- ✓ право да се советува со својот бранител во текот на главната расправа, но не може да се договара како ќе одговори на поставено прашање.

14.1. Процесна положба на обвинетиот

Како на процесен субјект, на обвинетиот му припаѓаат со закон определени права, се со цел тој да може да се брани од обвинението. Неговата положба во постапката ,зависи од видот и обемот на тие права Имено, обвинетиот има двојна улога во постапката и тоа :

А) Како доказно средство

Б) Како процесен субјект

Во таа смисла, во Законон за кривична постапка може да се разликуваат правата кои обвинетиот ги има во постапката на:

- ✓ Права што тој ги има при преземање на определени дејствија и мерки спрема него, кои уште се нарекуваат и пасивни права. Пример: испитување, задржување, лишување од слобода, претресување, притворање и слично;
- ✓ Права кои тој ги има во функција на одбраната како странка во постапката, кои уште се нарекуваат и активни права. Пример: време и можности за подготвување на одбраната, информирање за обвиненијата и слично.

Оттука, првите се јавуваат при преземање на конкретните дејствија против обвинетиот, додека правата на одбрана ги ужива тој во текот на постапката, кога е релевантно во која фаза се наоѓа таа.

А) Во однос на обвинетиот како доказно средство, полицијата може да испитува само лице за кое постојат основи за сомневање дека извршило кривично дело. Ваквиот пристап кој за споредбеното право е невообичаен се должи на недовербата дека полицијата ќе има почитување во однос на правата и процедурите .

Сепак, спроед новиот ЗКП, изјавите кои обвинетиот во присуство на Јавен обвинител ќе ги даде пред полицијата, ќе може да се користат на судењето. Повикувањето на обвинетиот како доказно средство се врши со писмена покана, а ако лицето одбие, тоа повторно не може да се повикува за истата причина. Притоа, не смеат известувањата од граѓани да се собираат присилно, ниту со измама или малтретирање, а полицијата е должна да ја почитува личноста на граѓанинот и неговото достоинство.

Исто така, осомничените може да ги повикува и ЈО во функција на проверка на наводите во кривичната пријава во фаза на т.н. претходно прибирање на известувања. Овие искази, може да се користат како доказ во постапката,за разлика од оние дадени пред полицијата.

Во поглед на повикувањето и испитувањето на лицето во текот на истрагата се применуваат одредбите од ЗКП за повикување и испитување на обвинетиот. Имено, ЗКП ја пропишува т.н. гаранциска форма .ЗКП делумно ја пропишува и содржината на испитувањето. Во поглед на гаранциската форма, на обвинетиот најпрвин мора да му се соопшти кои се причините за сомневање против него и зошто се обвинува . Потоа, обвинетиот ќе се поучи дека својата одбрана тој не е должен да ја изнесе, ниту пак да одговара на прашањата, како и дека има право на бранител. Пропустот на овие предупредувања се санкционира.

Б) Обвинетиот како процесен субјект е странка во кривичната постапка и поради тоа ЗКП му ги гарантира правата со кои тој, во согласност со законските цели и смислата на функцијата на одбраната може да ги оствари своите интереси. Оттука, тоа се следиве права:

- ✓ Правото да го познава предметот на обвинението
- ✓ Правото да се брани сам или со помош на бранител по слободен избор
- ✓ Правото на предлагање докази
- ✓ Правото на соочување со доказите на обвинението
- ✓ Правото на увид во списите

Сепак секогаш начелно се поставува и изјаснувањето на обвинетиот за обвинението, односно дали законот на обвинетиот му овозможува веднаш да ја признае вината и со тоа да ја преземе одговорноста за кривичното дело. По даденото признание,

судијата е должен да испита дали дали обвинетиот е свесен за правните последици од признавањето и дали признието е доброволно

Треба да се прави диференција помеѓу признание и спогодување. Имено, согласно ЗКП предвидено е Јавниот обвинител и осомничениот ,до поднесување на обвинението ,да можат да поднесат предлог-спогодба со која бараат од судијата на претходната постапка да примени кривична санкција определена според видот и висината на законски определените рамки за кривичното дело, но не под законскиот минимум.

Важно обележје на положбата на обвинетиот во кривичната постапка е дека тој е субјект и процесна странка. Таквата негова положба е неопходна консеквенца на принципот на акузаторноста кој наложува поделба на основните функции во кривичната постапка и нивно доверување на одделни субјекти, додека на обвинетиот му е доверена функцијата на одбрана. Лицето обвинето за кривично дело ,ќе се смета за невино иако против него е поведено кривично гонење, се додека неговата вина со правосилна судска пресуда не биде утврдена. Имено, пресумпцијата на невиност е подигната на ранг на уставен принцип.

Исто така, на обвинетиот му се гарантира и правото на молчење, односно уште при првото испитување на обвинетиот ќе му се соопшти за што всушност се обвинува и ќе му се соопштат и основите на сомневањето кои стојат против него па обвинетиот се прашува што има да наведе во своја одбрана, а му се соопштува и дека не е должен својата одбрана да ја изнесе ,ниту пак да одговара на поставените прашања.

Наспроти досега изложеното за положбата на обвинетиот како субјект и како процесна странка, има извесни елементи кои покажуваат дека понекогаш обвинетиот во кривичната постапка е и објект. До ваков заклучок би можело да се дојде од анализирање на некои законски одредби кои кон обвнетиот допуштаат преземање на извесни присилни мерки. Така врз него лично и во неговиот дом и други простории може да се преземе претрес, ако е веројатно дека со претресот обвинетиот ќе биде фатен или дека ќе се пронајдат траги или предмети на кривичното дело кои се важни за кривичната постапка.

Сите овие ограничувања во интерес на постапката се допуштаат како нужно зло, имајќи предвид дека целата општествена заедница е заентересирана за сузбивањето на криминалитетот како општествено негативна појава, поради што се прифаќа дека тие

понекогаш се неопходни за остварување на целта на кривичната постапка. Затоа, ваквите ограничувања и мерки во ЗКП се точно определени, како и условите за нивно изрекување, примена и обем, што е гаранција против евентуални злоупотреби од страна на органите на кривичната постапка.

15.Бранител

Одбраната претставува процесна активност на спротиставување на обвинението. Имено, со оглед на тоа што кон обвинетиот е насочено кривичното гонење , тој е и најмногу заинтересиран да го негира постоењето на делото и да се брани и притоа, да предлага од своја страна докази што му одат во корист. Ваквата заштитна дејност односно активност на органите на кривичната постапка во корист на обвинетиот се нарекува материјална одбрана, додека пак под формална одбрана се подразбира дејноста на одбраната на обвинетиот од страна на неговиот бранител, како лице кое е овластено да укажува стручна правна помош.

Во принцип, правниот поредок на обвинетиот му дава можност за секое кривично дело да има бранител, без оглед на интензитетот на неговата општествена опасност.

Нашиот ЗКП предвидува три вида одбрана вршена од страна на бранител на обвинетиот , и тоа:

А) Облигаторна одбрана

Б) Факултативна одбрана

В) Одбрана на сиромашни

А) Облигаторна е онаа одбрана кога обвинителот мора да има бранител , а судот по службена должност ќе му постави бранител доколку самиот не го избере. Случаите кога облигаторната одбрана е случај, се точно наведени во ЗКП, и тоа:

- Ако обвинетиот е нем, глув или неспособен да се брани сам или за дела за кои е пропишана доживотна казна.
- Ако против обвинетиот е определен притвор за време додека трае притворот.

- По поднесениот обвинителен акт поради кривично дело за кое со закон е пропишана казна затвор од 10години или потешка казна затвор, обвинетиот во времето на доставување на обвинителниот акт мора да има бранител.
- Ако на обвинетиот му се суди во отсуство.
- Во текот на постапката за преговарање и спогодување со обвинителот за признавање на вината.
- Законот за правда за детето, предвидува дека одбраната на малолетникот како сторител на кривично дело, во сите фази на постапката е задолжителна.

Бранителот на малолетникот го именува судот по службена должност,од редот на адвокатите, ако самиот малолетник или неговиот законски застапник не обезбедат бранител.

Б) Според Уставот на Република Македонија , право на бранител во преткривичната и судската постапка има секое лице. Факултативната одбрана претставува право на обвинетиот да земе бранител и слобода да одлучи дали во постапката ќе се послужи со истиот.

В) Во Законот за кривична постапка предвидена е посебен вид на факултативна одбрана, која се нарекува одбрана на сиромашни. Имено ако согласно својата имотна состојба ,обвинетиот не може да ги поднесе трошоците на одбраната, на обвинетиот може да му се постави бранител по негово барање , кога интересите на правдата тоа го бараат , а особено сложеноста на случајот и тежината на кривичното дело. Во барањето обвинетиот може самиот да посочи определен адвокат за свој бранител,кој ќе го избере од листатата на адвокати во соодветната адвокатска заедница.

15.1.Поставување на бранител

Секое лице кое е осомничено или обвинето ,во текот на целата постапка има право на бранител. Обвинетиот мора да биде поучен пред првото испитување ,дека по свој избор има право на бранител ,и дека со тој бранител може насамо да се советува и дека бранителот може да присуствува на неговото испитување.

Од слободната оцена на обвинетиот зависи и изборот на бранител ,односно тој самиот бира кој ќе биде негов бранител. Во нашето законодавсто е одредено дека бранител може да биде само адвокат, а за дела за кои е предвидено казна затвор над 10години ,бранител мора да биде адвокат со искуство од 5 години по правосудниот испит. Законодавецот определува дека доколку обвинетиот не се противи негов бранител можат да обезбедат и неговиот законски застапник, брачниот или вонбрачниот другар и слично . Бранителот се легитимира со полномошно.

Ако тоа не е во спротивност со интересите на одбраната ,повеќе обвинети лица можат да имаат заеднички бранител, а воедно и еден обвинет може да има повеќе бранители.Законодавецот е оној кој го определува кругот на лица кои бранителската функција немаат право да ја вршат. Па така бранителската функција не можат да ја вршат оштетениот, брачниот другар, жртвата, сведок во постапката. Неуредното вршење на должноста од страна на назначениот бранител претставува основа тој да биде разрешен од страна на претседателот на судот, со согласност на обвинетиот или по негово барање.

15.2. Процесна положба на бранителот

Во однос на местото на бранителот во правосудниот систем и на неговата начелната позиција , честопати тој се третира како помошник на обвинетиот, што не ретко е критикувано од некои процесуалисти, кои велат дека бранителот од наредбите на обвинетиот е независен и дека не може исклучиво да се смета како застапник на обвинетиот и неговите интереси.

Како најлогично сфаќање за начелната позиција на бранителот е дека тој треба да се третира како процесен полномошник на обвинетиот, бидејќи таквото сфаќање одговара најмногу на позитивното право и на вистинската позиција која тој ја има во современиот процес. Имено, иако бранителот има свои самостојни права и обврски кои му се пропишани со закон, сепак тој од обвинетиот не е наполно независен, бидејќи против неговата волја тој не може да постапува.

15.3. Права и должности на бранителот

За да може да ја врши одбраната, бранителот има свои определени права кои мора да ги искористи кога тоа го бараат интересите на обвинетиот. Некои од тие права се однесуваат на определен стадиум на кривичната постапка , а други на целата постапка.

Прво и основно право и должност на бранителот е да во кривичната постапка преземе се што е од интерес на обвинетиот или сите дозволени средства кои правниот поредок на една држава му ги признава. Покрај ова, на бранителот му припаѓаат и други многубројни права, и тоа:

- ✓ Право да ги разгледа списите и предметите кои служат како доказ
- ✓ Право на непосреден личен и писмен контакт со обвинетиот кој е во притвор
- ✓ Право да присуствува при испитување на обвинетиот
- ✓ Право да присуствува на одделни истражни дејствија
- ✓ Право да присуствува на главниот претрес
- ✓ Право да поднесе приговор против обвинителниот акт
- ✓ Право да вложува редовни и вонредни правни лекови против одлуките со кои се завршува кривичната постапка
- ✓ Право на бранителот во сите фази на постапката да прибира докази за одбрана на обвинетиот
- ✓ Право на надомест на трошоците
- ✓

16. Органи со посебни овластувања

16.1. Правосудна полиција

Правосудната полиција е всушност криминалистичка полиција, која тесно соработува со јавното обвинителство. Под правосудна полиција се подразбираат припадниците на Финансиската полиција и полициските службеници од криминалистичката полиција во МВР како и лица на Царинската управа кои се овластени со закон, кои на јавното обвинителсто му се ставени на располагање во водењето на

истражната постапка и откривањето и гонењето на кривичните дела. Правосудната полиција работи по налог на надлежните јавни обвинители.

16.1.1.Должности на правосудната полиција

1. Правосудната полиција по службена должност или по наредба на јавниот обвинител, со цел откривање и криминалистичко истражување на кривични дела презема мерки и активности , спречување на натамошни последици на кривични дела, фаќање и пријавување на нивните сторители, обезбедување на докази и други мерки и активности што можат да се користат за непречено водење на кривичната постапка.
2. Правосудната полиција спроведува истражување и дејствија наложени или доверени од јавното обвинителство и судот.

16.2. Финансиска полиција

Управата за финансиска полиција има овластувања во случаите кога се работи за откривање и истражување за кривичните дела: недозволена трговија,перење пари и други приноси од казниво дело, даночно затајување и криумчарење , како и други кривични дела што се со противправна имотна корист од значителна вредност.

16.3. Царинска управа

Царинската управа има овластувања во случаите кога се работи за откривање и истражување за кривичните дела: производство и пуштање во промет штетни прехранбени и други производи, неовластено производство и пуштање во промет наркотички дроги, психотропни супстанции и прекурсори , производство и пуштање во промет на штетни средства за лекување, неовластено прибавување и располагање со нуклеарни материи, внесување опасни материи во земјата, изнесување, односно извезување во странство на добра под привремена заштита или културно наследство или природна реткост, перење

пари и други приноси од казниво дело,царинска измама, криумчарење, даночно затајување, прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама,трговија со луѓе и недозволено држење оружје и распрскувачки материи, сите од Кривичниот законик, кривични дела од Законот за акцизи и други кривични дела поврзани со извоз,увоз и транзит на стоки преку граничната линија.

17. Објект на кривичната постапка

17.1. Општи белешки

Најчесто како предмет во кривичната постапка се јавува едно кривично дело и едно лице ,кое е сторител на тоа дело. Меѓутоа во практиката има чести случаи каде повеќе кривични дела можат да бидат извршени од едно лице , како и случаи кога во извршувањето на едно кривично дело учествуваат повеќе лица.

Цел на кривичната постапка е да се утврди дали кривичното дело е навистина извршено и дали обвинетиот е виновен. Доколку одговорот е позитивен ,тогаш на ова се надовразуваат последиците кои произлегуваат од Кривичниот законик.

Како објект на кривичната постапка може да се јави:

- едно кривично дело и еден извршител,
- повеќе кривични дека извршени од страна на еден извршител,
- едно кривично дело извршено од повеќе сторители,
- повеќе кривични дела извршени од повеќе сторители.

17.2. Кривично дело

Кривично дело е противправно дело што со закон е определено како кривично дело и чии што обележја се определени со закон (член 7 од КЗ), чие пресудување е ставено во надлежност на судовите. Кривичното дело е поведение на човекот ,кое со закон е предвидено како кривично дело, кое е општествено опасно и противправно ,

поради тоа што загрозува или повредува општествени односи и вредности што се особено важни и истовремено укажува на опасноста на самиот извршител.

Предмет на кривичната постапка се само кривичните дела, а не и другите видови деликти, односно неправа.Така, предмет на кривичната постапка не може да бидат ниту дисциплинските престапи за кои е пропишана дисциплинска постапка и кои спаѓаат во областа на дисциплиснското право.

17.3. Конекситет

Во праксата често се случува повеќе кривични дела да бидат извршени од едно лице , како и едно кривично дело да е извршено од повеќе лица. Во такви случаи, помеѓу тие лица постои определен однос кој ги поврзува меѓусебно ,поради што тие лица или дела претставуваат објект на единствена кривична постапка.

Оттука, конекситет претставува врска која постои помеѓу повеќе лица или дела поради што се спроведува и единствена постапка и се донесува единствена пресуда. При определувањето на стварната надлежност на судовите, конекситетот има извесно влијание. Имено, конекситетот се јавува во два облика, и тоа:

- Субјективен или персонален конекситет , има кога едно исто лице е обвинето за повеќе кривични дела ,бидејќи субјектот е тој што сите кривични дела ги поврзува, додека меѓу самите дела нема никаква врска, односно тие се наполно самостојни.
- Објективен или реален конекситет , претставува конекситет каде повеќе лица учествуваат во извршување на едно исто кривично дело или ако повеќе лица извршиле повеќе кривични дела, така што постои определена заемна врска помеѓу тие дела.

Врската врз основа на која е базиран конекситетот се остварува преку кривичното дело во кое има нешто заедничко. Имено, кај објективниот конекситет судот кој е надлежен за извршителот на делото, воедно надлжен е и за учесниците ,прикривачите и сл. Објективниот конекситет постои тогаш кога повеќе лица самостојно и одделно извршиле повеќе кривични дела меѓу кои постои врска која е објективна и реална, со тоа

што едното од тие дела и едното лице се јавува како основно, односно како претпоставка за другите дела што се извршени од другите лица.

Така, со кривичното дело на сторителот во конекситет се кривичните дела на давање помош на извршителот на делото,помагање како и непријавување на сторителот и подготвувањето на кривично дело. Во вакви случаи, врската меѓу првото и второто дело е објективна и реална, и постои зависност, пред се бидејќи постоењето на првото во суштина значи претпоставка за извршување на второто, поради што и двете се објект на единствена постапка.

Исто така постои можност ,за повеќе кривични дела извршени од повеќе лица да се спроведе единствена постапка ,иако меѓу нив не постои ниту субјективен, ниту објективен конекситет. Потребно е претходно да постои поврзаност која не е правна туку фактичка, како и да постојат исти докази, за да дојде до спојување на постапката. Овие два услова во ЗКП се кумулативно предвидени . Но, одредбата за конекситет во таквите случаи не треба често да се применува и екстензивно да се толкува.

Конекситетот, односно спојувањето на постапката се оправдува со следниве причини, и тоа:

- Економичност на постапката
- Ефикасност на единственото постапување кога постои поврзаност меѓу повеќе кривични предмети.
- Се исклучува можноста од донесување на противречни одлуки кога се спроведува единствена постапка.

Тоа има особена важност при објективниот конекситет.

Меѓутоа, ако конекситетот се воспостави ,тоа не значи дека таа поврзаност треба да остане до крајот на постапката и под какви било услови. Напротив, во текот на постапката причините поради кои е извршено спојувањето можат да изчезнат, како и може да се појават други причини кои покажуваат дека спојување не е повеќе возможно или поволно . Ваквото раздвојување на постапката поради истите причини кои го оправдуваат воспоставувањето на конекситетот, наоѓа свое оправдување .

Пример : натамошната единствена постапка нема да има своја смисла,ако еден од обвинетите времено душевно заболи.

17.4. Имотноправни барања (Атхезиона постапка)

Кривичното дело може да има низа граѓанско-правни последици. Така, со извршување на кривично дело се нанесува најчесто и имотна штета со тоа што, освен казнувањето на самиот извршителот, се поставува и прашањето за надоместување на штетата. Пр. со кривичното дело тешка телесна повреда, освен нарушувањето на телесниот интегритет, се предизвикуваат и трошоци за лекување, па затоа е и логично двете барања да се расправаат во иста постапка и во исто време.

Причините кои што ја оправдуваат атхезионата постапка се:

- Оштетениот може со својата активност да придонесе за разјаснување на факти, помагајќи му на овластениот тужител во прибирањето на докази.
- Со атхезионата постапка се одбегнува да се донесат противречни одлуки доколку кривичниот и имотноправниот предмет се расправаат одделно.
- Од аспект на самата процедура, таа е поекономична.
- Правната квалификација за некои кривични дела зависи од висината на штетата направена со нив.

Имотно-правните барања се однесуваат на:

- Надомест на штета и тоа на сета штета што со извршувањето на кривичното дело е направена , односно на загубената заработувачка (lucrum cessans) и фактички претрпената штета (damnum emergens).
- Враќање на предмети – на оштетениот оној предмет кој бил одземен со извршувањето на кривично дело, да му се врати .
- Поништување на определена правна работа.- која настанала со извршување на некое кривично дело.

17.4.1.Расправање на имотноправно барање и негов предмет

1. Имотноправно барање кое што настанало поради извршување на кривично дело по предлог од овластените лица во кривична постапка ќе се расправи , ако со тоа оваа постапка значително не би се одолжувала.

2. Имотноправно барање може да се однесува на надоместок на штета, на поништување на определена правна работа или на враќање предмети или .
3. Имотноправното барање оштетениот може да го поднесе и спрема осигурително друштво,во случај на осигурување.

17.4.2. Одлучување за имотноправното барање

Судот е тој што одлучува за имотноправното барање. Со пресуда со која обвинетиот се ослободува од обвинението или со која се одбива обвинението или со решение со кое се запира кривичната постапка, судот ќе го упати оштетениот дека може да го остварува имотноправното барање во спор.

Судот одлучува целосно или делумно за имотноправното барање, со пресудата со која обвинетиот се огласува за виновен , а преостанатиот износ на имотноправното барање оштетениот го упатува да го остварува во спор (парнична постапка). Доколку доказите во кривичната постапка за целосно или делумно пресудување на имотноправното барање не даваат доволна основа, а за нивно дополнително обезбедување постои опасност од неоправдано одолжување на кривичната постапка, судот ќе го упати оштетениот во спор да го оствари своето имотноправно побарување.

17.4.3.Поднесување на имотноправно барање

1. Имотноправно барање во кривична постапка се поднесува до судот пред кој се води постапката или до органот до кој се поднесува кривичната пријава .
2. Барањето може да се поднесе пред првостепениот суд ,најдоцна до завршувањето на главната расправа.
3. Овластеното лице е должно да го наведе своето барање според видот и висината и да поднесе докази.

4. Ако овластеното лице не поднесе имотноправно барање во кривичната постапка до поднесување на обвинението, ќе се извести дека може тој предлог да го поднесе до завршувањето на главната расправа.

17.4.4.Откажување од предлогот за остварување имотноправно барање

1) Овластените лица можат да се откажат од предлогот за остварување на имотното право во кривичната постапка до завршувањето на главната расправа и да го остваруваат преку спор. Во случај на откажување од предлогот, таков предлог повторно не може да се стави.
2) Ако имотноправното барање по поднесениот предлог, а пред завршувањето на главната расправа преминало на друго лице според правилата на имотното право, тоа лице ќе се повика ,за да се изјасни дали останува при предлогот. Ако уредно повиканиот не се јави, се смета дека од ставениот предлог се откажал.
3) Кога судот ќе донесе пресуда со која обвинетиот се ослободува од обвинението или со која се одбива обвинението или кога со решение ќе ја запре кривичната постапка, ќе го упати оштетениот имотноправното барање да го остварува во спор. Кога судот ќе се огласи за ненадлежен за кривичната постапка, ќе го упати оштетениот имотноправното барање да го пријави во кривичната постапка што ќе ја започне или продолжи надлежниот суд.

17.4.5.Поништување на правна работа

Ако имотноправното барање се однесува на поништување на определена правна работа, а судот најде дека барањето е основано,во пресуда ќе изрече таа правна работа целосно или делумно да се поништи , со последиците што произлегуваат од неа, притоа не засегајќи во правата на трети лица.

17.4.6.Враќање на предмети

1. Ако во прашање се предмети кои несомнено му припаѓаат на оштетениот, а во кривичната постапка не служат како доказ, предметите и пред завршувањето на постапката ќе му се предадат на оштетениот.
2. Ако за сопственоста на предметите се спорат повеќе оштетени , ќе се упатат на спор, а судот ќе определи во кривичната постапка само чување на предметите како привремена мерка за обезбедување.
3. Предметите што служат како доказ ќе се одземат привремено и по завршувањето на постапката ќе му се вратат на сопственикот. Ако ваков предмет на сопственикот му е неопходно потребен , тој може да му се врати и пред завршувањето на постапката, со обврска да го донесе по барање.

17.5. Прејудициелни прашања

По својот карактер прејудициелните прашања можат да бидат најразлични и честопати од нивното постоење и утврдување зависи дали во поведение на еден човек е содржано обележје на некое кривично дело или не. Доколку врз примената на кривичниот закон влијае едно такво прашање, тоа е прејудициелно и треба претходно да се реши.

Аргументите кои го оправдуваат решавањето на прејудициелните прашања во кривичната постапка се:

- Неопходно е сите елементи од кои зависи одлуката за кривичниот предмет , да се утврдуваат од судот кој одлучува по него, бидејќи само на тој начин може да се донесе одлука која е правилна.
- Потребата од брзо постапување по кривичните предмети. Постапката значително би се одовлекла,ако таквото прашање би се решавало на некој друг суд.

Нашиот закон во однос на прејудициелните прашања има заземено став според кој, применувањето на одредбите на КЗ зависи од претходно решавање на некакво правно прашање за чие решение е надлежен некој друг државен орган или судот во некоја друга

постапка, со тоа што тоа прашање ќе се реши според одредбите кои важат за докажување во кривичната постапка.

Карактеристично е тоа што прејудициелните прашања кои се решаваат во кривичната постапка,иако тие имаат поинаква правна природа, кривичниот суд ги решава според одредбите за докажување во кривичната постапка.

Во ЗКП е расправено прашањето за врзаноста на кривичниот суд за одлуката која по претходното прашање ја донел суд во некоја друга постапка или друг државен орган , според кој ако за таквото претходно прашање судот веќе донел одлука во некоја друга постапка или друг државен орган веќе донел одлука, кривичниот суд таквата одлука не го врзува во однос на оцената дали е сторено определено кривично дело.

17.6.Трошоци на кривичната постапка

Во кривичната постапка, меѓу другото потребно е да има определување и на трошоците, кои се сметаат за задолжителен спореден предмет на постапката. Во секоја пресуда и решение со кое кривичната постапка се запира ,се носи одлука кој ќе ги поднесе трошоците на постапката и колку тие изнесуваат.Трошоците на кривичната постапка опфаќаат:

1. Трошоци за вештаци,сведоци , толкувачи ,преведувачи и стручни лица, ,трошоци за увид и трошоците за визуелно-тонско снимање и препис на снимките;
2. Издатоци за приведување на обвинетиот, односно на лицето лишено од слобода;
3. Трошоци на обвинетиот за превоз;
4. Превозни и патни трошоци на службените лица;
5. Трошоци за лекување на обвинетиот за време додека се наоѓа во притвор, како и трошоци за породување, освен трошоците што се наплаќаат од фондот за здравствено осигурување;
6. Награда и нужни издатоци на бранителот, нужни издатоци на приватниот тужител и на неговиот законски застапник, како и награда и нужни издатоци на неговиот полномошник

7. Паушален износ
8. Нужни издатоци на оштетениот и на неговиот законски застапник, како и награда и нужни издатоци на неговиот полномошник.

18.Одлуки во Кривичната постапка

18.1.Поим

Одлучувањето е посебен вид процесно дејствие во кривичната постапка со кое се врши применување на апстрактна правна норма врз конкретна фактичка ситуација. Одлуката е заснована врз целосна и совесна оцена на доказите,и е резултат од увереноста на органот што ја носи. Одлучувањето може да биде:

- Материјално одлучување – кое што се однесува на примената на кривичното материјално право.
- Процесно одлучување – кое што се однесува на решавање на прашања во текот на постапката.

Според својата природа, одлучувањето може да биде:

- Мериторно (суштествено) одлучување – Се состои во испитување на содржината на определен акт или дејствие, и претпоставува претходно испитување на фактичката состојба. Основаноста на мериторното одлучување се оценува и крајната оцена се манифестира со одлука, со која определено барање ќе се се усвои како основано или ќе се одбие како неосновано.
- Формално (процесно) одлучување – Не се состои во испитување на основаноста на барањето, туку во утврдување на постоењето на со закон определена пречка за судот да се впушти во мериторно одлучување.

18.2. Видови одлуки

18.2.1. Пресуда

Пресуда е одлука со која, во инстанца во која се донесува се расправа мериторно еден конкретен кривичен предмет. Во зависност од тоа дали одлуката се впушта во мериторно одлучување на кривичниот предмет или не, постојат материјални пресуди (осудителна и ослободителна) и формални пресуди (пресуда со која се одбива обвинението). Секоја пресуда која е изработена писмено ,се состои од три дела: вовед, диспозитив и образложение .

18.2.2.Решение

Решение е одлука со која по правило главниот предмет на постапката не се расправа, туку се решаваат одделни процесни прашања кои за текот на постапката и нејзиниот конечен исход се важни. Со решението се одлучува за прашања што во текот на постапката се појавуваат и иако решението врз конечниот исход на постапката најчесто не влијае, во определени случаи решението врз исходот на постапката може да има дејство, на пример, кога ќе се донесе решение со кое истрагата се запира.

18.2.3 Наредба

Наредба е одлука што се донесува во текот на целата кривична постапка, а со која се управува со постапката и се подготвува расправањето на кривичниот предмет. Текот на постапувањето при преземањето на одделни процесни дејствија , како на пример, наредба за определување главна расправа, наредба за вештање, наредба за приведување итн се регулира со наредба .

Наредбите најчесто содржат само диспозитив,и немаат определена форма. Постојат определени случаи во кои присуството на образложение во наредбата е задолжително,

пример: наредбата за претрес на дом и на лице, која мора да биде образложена и да биде во писмена форма.

18.3. Начин на донесување на одлуките

По усното советување и гласање,се врши донесување на одлуките. Одлуката е донесена кога мнозинството од членовите на советот гласале за не. Ако во однос на одделни прашања за кои се гласа, гласовите се поделат на повеќе различни мислења, така што од нив ниту едно нема мнозинство, прашањата ќе се раздвојат и додека не се постигне мнозинство гласањето ќе се повторува.

Ако не се постигне мнозинство на тој начин , одлуката ќе се донесе така што гласовите што за обвинетиот се најнеповолни ќе се придодадат кон гласовите што се помалку неповолни од овие, сé додека потребното мнозинство не се постигне. Членовите на советот ,за прашањата што ќе ги постави претседателот на советот не можат да одбијат да гласаат, но ако член на советот кој што гласал да се ослободи обвинетиот или да се укине пресудата и притоа останал во малцинство, не е должен да гласа за санкцијата. Ако не гласа, ќе се земе како да се согласил со гласот што за обвинетиот е најповолен.

18.3.1.Распоред на прашањата за кои се гласа

При одлучувањето прво се гласа за тоа дали судот е надлежен, дали е потребно постапката да се дополни, како и други претходни прашања. Кога одлуката за претходните прашања ќе се донесе , се преминува на решавање за главната работа.

При одлучувањето за главната работа прво ќе се гласа за тоа дали обвинетиот е кривично одговорен и дали сторил кривично дело, а потоа ќе се гласа за казната, за имотноправните барања ,за трошоците на постапката и за другите прашања за кои треба да се донесе одлука. Ако за повеќе кривични дела е обвинето исто лице, ќе се гласа за кривичната одговорност и за казната за секое од тие дела, а потоа за единствената казна за сите дела.

18.4.Доставување на одлуките

А) Начини на доставување на писмена

Писмената се доставуваат по пошта, по електронски пат, преку службено лице на државниот орган кој го упатува писменото или непосредно кај тој орган, или преку правно лице со посебни овластувања утврдени со закон. Судот на лицето кое нема да превземе дејствија на вршење на доставување на писменото,или што несовесно ќе го изврши доставувањето на писменото и со тоа ќе предизвика одложување на постапката ,може да му изрече парична казна во висина од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност.

Б) Место на достава на писмената

Органот што го изготвил писменото го доставува писменото до лицето за кое е испратено (примател), на адресата на која живее или престојува или на адресата каде што работи, а може да се испрати и на адреса на електрнско сандаче на примателот,како и на друга адреса на која примателот може да се затекне. Доставувањето на писмената на адвокати, правни и физички лица кои вршат јавни овластува, на правни лица и на органи на државна управа, се врши по електронски пат во електронско сандаче што е регистрирано согласно со закон. Доставувањето по електронски пат се врши преку информатичкиот систем на надлежниот орган на адресата на електронското сандаче на примателот на доставата.

Доколку обвинетиот, сведокот,оштетениот, вештакот или други физички лица кои се учесници во постапката, поучени од судот на главната расправа, се согласат доставата да им се врши по електронски пат и достават адреса на електронско сандаче, доставата на овие лица ќе продолжи да се врши преку информатичкиот систем на судот,по електронски пат. Доколку не постојат технички можности, доставата на писмената на адвокати, органи на државната управа,правни лица и на правни и физички лица кои вршат јавни овластувања се врши на адресата што е запишана во регистарот. Доколку доставата на таа адреса не успее , писменото ќе биде истакнато на огласна табла на судот и по истекот на осум дена од денот на истакнувањето, ќе се смета дека е извршена уредна достава.

На припадниците на полицијата, воените лица, на судската полиција,на припадниците на стража во установите во кои се сместени лица што се лишени од слобода и на работниците од сувоземниот, воздухопловниот и водениот сообраќај, доставувањето на писмена се врши со известување на непосредниот старешина и лично. На лицата што се лишени од слобода доставувањето се врши на управата на установата во која се сместени или во судот.

На лицата кои уживаат дипломатски имунитет во Република Македонија,ако меѓународните договори кои се ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија не определуваат поинаку, доставувањето се врши преку МНР. Ако не се применува постапката предвидена во прописите за меѓународна соработка во кривичната материја, доставувањето на државјаните на Република Македонија во странство се врши по пошта, по електронски пат или со посредство на дипломатско или конзуларно претставништво на Република Македонија во странската држава, под услов странската држава на таквиот начин на достаување да не му се противи ,и лицето на кое се врши доставувањето доброволно да се согласи да го прими писменото.

Овластениот работник на дипломатското или конзуларното претставништво, ако писменото е врачено во самото претставништво ,доставницата ја потпишува како доставувач, а ако писменото е доставено по пошта, тоа го потврдува на доставницата.Достават на правно лице што има седиште во странство може да се изврши преку неговото застапништво или претставништво во Република Македонија. На лицата што се вклучени во програма за заштита на сведоци, достават се врши преку органот што ја спроведува заштитата.

18.5. Правосилност на судските одлуки

Правосилноста е процесно – правен институт кој подразбира неможност едно лице повторно да биде судено или казнето за ист кривичен предмет ,односно неможност од повторно претресување на еден кривичен предмет во редовна постапка .

Начини на настапување на правосилноста, и тоа:

- Одрекување од правото на жалба, што претставува одлука на оштетениот и на странките, против првостепената одлука да не користат редовен правен лек.
- Откажување од веќе изјавена жалба
- Во случаеви кога обвинетиот до донесувањето на одлуката на апелација, од веќе изјавената жалба се откажал и тоа ако самиот ја изјавил, ако во негово име жалбата ја изјавил неговиот бранител или неговите блиски лица кои се овластени да изјават во негово име жалба.
- Неискористување на законскиот рок за поднесување жалба

Кога од своето уставно и законско право на жалба странките молкумно се откажале со протек на законски предвиденият рок настапува правосилноста.

Правилноста настапува во случај кога жалбата е отфрлена како недозволена или неблаговремена или истата се одбие како неоснована,а правосилноста настапува од денот кога е донесена одлуката од страна на второстепениот суд.

19. Стадиуми на кривичната постапка

Кривичната постапка во РСМ се состои од четири стадиуми , кои сочинуваат една систематска целина и се надоврзуваат еден на друг.Тоа се:

1. Претходна постапка;
2. Обвинување;
3. Главна расправа со донесување и објавување на пресудата и
4. Постапка по правни лекови.

19.1. Претходна постапка

Во претходната постапка се врши собирање на докази кои се неопходни и потребни, за да се дојде до заклучок дали кривичното дело е сторено и дали ќе му се суди на сторителот.Оваа постапка е поделена на неколку етапи,кои започнуваат по претходно барање од страна на јавниот обвинител или пак се покренува од полицијата доколку има

сомневање дека е сторено кривично дело кое се гони по службена должност.Во следната етапа, за да ја провери основаноста на сомневањето која подоцна преминува во истражна постапка, доаѓа до проверување од страна на јавниот обвинител.

19.2. Предистражна постапка

Предистражната постапка, започнува со тоа што од страна на правосудната полиција и јавниот обвинител се врши собирање на докази,се со цел да се дојде до заклучок доколку постои сомневање дека е сторено кривично дело, ова сомневање да премине во основано сомнение. Предистражната постапка е најраната фаза на кривичната постапка. На Јавниот обвинител при собирањето на доказите му помага правосудната полиција, но голема улога имаат и Дирекцијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Управата за јавни приходи, инспекторати и други државни органи. За кривични дела кои се сторени и кои се гонат по службена должност се дознава од извори кои за поведување на кривичната постапка претставуваат поводи и тие можат да бидат:

- ✓ Глас: кога се зборува дека е сторено кривично дело;
- ✓ Непосредно забележување: од страна на јавниот обвинител;
- ✓ Ноторност: познат факт кој покажува дека постои кривично дело.

На сите јавни институции и установи според ЗКП им е пропишана обврска доколку се известени или пак дознале за сторено кривично дело,истото да го пријават доколку станува збор за дело за кое е пропишано да се гони по службена должност. Освен што имаат обврска да пријават,нивна обврска е и наведување на докази кои им се познати и преземање на мерки за нивно зачувување кога станува збор за траги.

Кривичната пријава која што се поднесува до јавниот обвинител може да биде поднесена: по електронски пат, преку телефон писмено, усно и слично. Јавниот обвинител откако кривичната пријава ќе ја прими во рок од 30 дена е должен да започне со превземањето на дејствија за кој е овластен според законот односно да одлучи за

истата во рок од 90 дена. За доставената кривична пријава Обвинителот може да одлучи на три начина и тоа со:

- Наредба за истрага
- Решение за отфрлање
- Обвинителен предлог во скратена постапка.

Обвинителот доколку по поднесената кривична пријава во овој рок не одлучи има за обврска повисокиот Јавен обвинител, кој му е хиерарски претпоставен да го извести и да ги наведе причините поради неодлучување.

19.3. Полициски извиди – прва фаза во предистражната постапка

Кривичното дело сè уште не е откриено во оваа прва фаза во претходната постапка , така да овде се дознава за кривичното дело, за сторителот на кривичното дело , се собираат потребните податоци за жртвата и се собираат доказите кои во процесот на кривичната постапка ќе помогнат. Овие мерки полицијата може да ги превземе по налог на јавниот обвинител но и сама, односно полицијата може сторителот на казненото дело да го пронајде, да спречи негово сокривање, да го спречи од бегство, сите потребни известувања кои можат да бидат во корист на водење на делото да ги собере и трагите или предметите кои можат да послужат при утврдувањето на фактите во постапката да ги обезбеде.

Полициските извиди служат за да му обезбедат доволно материјал на Јавниот обвинител се со цел да се дојде до заклучок дека одредено лице сторило кривично дело. Овие извиди можат да бидат посебни и општи. Општи извиди се оние кои се поведуваат кога постојат основи на сомневање дека кривично дело кое се гони по службена должност е сторено , каде што за да му се помогне на јавниот обвинител да ја покрене постапката се собираат докази и податоци и посебни извиди се оние во кои само за одредени казнени дела уредени со закон се употребуваат посебни истражни мерки.

Јавниот Обвинител Според новиот ЗКП,во предистражната постапка добива поактивна улога и јавниот обвинител сите овие мерки може да ги превзема со помош на

правосудната полиција или сам . Јавниот обвинител дава оперативни наредби и насоки на полицијата и раководи со постапката. Во пракса за кривични дела кои се полесни полицијата без помош на јавниот обвинител сама ги превземе сите потребни мерки, додека за кривични дела кои се потешки јавниот обвинител превзема поактивна улога. Кога станува збор за потешки случаеви за кои е пропишана казна затвор над 5 години, јавниот обвинител може на полицијата со насоки и мислења да и посочи но, полицијата е таа која извидите ќе ги врши или јавниот обвинител може непосредно да ги води извидите со наредби за превземање на конкретни дејствија и мерки од страна на полицијата. Во оваа фаза се можни повеќе ситуации кога полицијата непосредно секогаш ги превзема неодложливите и итни дејствија за пронаоѓање на сторителот, обезбедувањето на предметите или трагите кои се опфатени со кривичното дело,спречување на негово бегство и потоа веднаш да го извести јавниот обвинител.

Полицијата за да дојде до степен на основано сомневање за да може подоцна да го извести јавниот обвинител се служи и со криминалистичко разузнавање:по информирањето на јавниот обвинител полицијата може да ги води извидите сама откако ќе собере докази во доволен број за да може да ја комплетира кривичната пријава; по информирањето полицијата извидите ги води под надзор на јавниот обвинител и мора за секој превземен чекор да го информира; доколку постапката се води против царински или полициски службеници јавниот обвинител постапката може со својот тим на соработници и инспектори да ја спроведе самостојно, затоа што оваа постапка се води тајно.

Постојат повеќе степени на сомневање според нашиот ЗКП и тоа: сознание, основи на сомневање и основано сомневање. Полицијата има право да ги повика на информативни разговори граѓаните,по писмен пат со покана во која ќе го наведе презимето и името на граѓанинот,називот и адресата на организационата единица на полицијата во која се повикува, местото и времето на повикување, причините за повикување и правото на бранител.

Доколку е потребно итност, повикувањето може да се направи и по пат на јавно информирање. Сослушувањето на граѓаните не се одвива во својство кое е формално ,односно повиканите граѓани не се повикуваат како можни сведоци или осомничени, но

доколку полицијата оцени дека граѓанинот што е повикан, може да се јави во својство на осомничен, мора за тоа веднаш да го информира јавниот обвинител.

19.4. Прибирање потребни известувања на јавниот обвинител

Јавниот обвинител за да може да почне да ги превзема овластувањата што ги има за да може да се соочи со овој кривично правен настан, најпрвин треба за истиот тој настан да биде известен.Доколку се работи за кривично дело за кое е пропишано казна затвор од најмалку 5 години, известувањето до јавниот обвинител од страна на полицијата,може да биде дадено усно или писмено.

На обвинителот секогаш е товарот на докажување дека постои кривично дело, односно јавниот обвинител е одговорен за гонењето и откривањето на сторителите на кривични дела во државата.Постојат и случаи кога по добивањето на кривичната пријава ,јавниот обвинител по истата не може да одлучи, и поради тоа почнува да собира нови докази и информации кои му се потребни за одлучувањето и тоа преку неговите соработници или самостојно.

Тој може и самиот да го повика подносителот на пријавата доколку тоа му е потребно за да ги утврди наводите во пријавата.Може да повикува и сведоци откако претходно ќе ги извести во кое својство ги повикува. Сведокот што ќе дојде на главната расправа , мора да биде лично испрашуван и не може да му се прочита изјавата којашто ја дал претходно пред јавниот обвинител .

Самиот осомничен може да биде повикан од страна на јавниот обвинител и неговата изјава јавниот обвинител има право да ја снима. Јавниот обвинител мора да состави записник за сите известувања коишто ги прибавил и во него да се содржани сите поуки за осомниченият или пак за сведоците , бидејќи во спротивно како доказ во текот на постапката не би можеле да се изведат.

Доколку се работи за кривично дело за кое е пропишана казна затвор над 5 години ,а лицата кои уредно биле поканети на разговор со јавниот обвинител не се појавиле ,

јавниот обвинител од судијата во претходна постапка може да побара и да нареди да се доведат присилно.

Јавниот обвинител во предистражната постапка има овластување и да бара привремено одземање на документи, предмети и пари, невообичаени транскации, потрага по имот стекнат со извршување на кривично дело и слично. Овие податоци може да ги бара од правни и физички лица, државни органи. Сите овие субјекти за му ги достават бараните податоци на јавниот обвинител имаат рок од 30 дена, и јавниот обвинител доколку не го сторат тоа има овластување да бара од судот да им изрече парична казна од 2500 евра до 5000 евра во денарска противредност на одговорното лице, и може во потребните информации и самиот да бара увид. Додека увидот во трансакциските сметки претходно претставуваше банкарска тајна, ова повеќе сега не постои.

Доколку пријавеното дело не е кривично дело кое се гони по службена должност , односно доколку делото се поведува со приватна кривична тужба, Јавниот обвинител може да донесе решение со кое ќе ја отфрли кривичната пријава. Кривичната пријава исто така може да биде отфрлена, доколку делото е опфатено со амнестија или пак настапило застареност. Доколку постојат услови кои ја исклучуваат кривичната одговорност на осомничениот, јавниот обвинител не може да ја отфрли кривичната пријава.

Оштетениот поради отфрлање на кривична пријава ,во рок од 8 дена има право до повисокиот јавен обвинител на жалба. Повисокиот јавен обвинител има рок од 30 дена по истата да одлучи , односно може жалбата да ја отфрли или пак понискиот јавен обвинител да го задолжи да ја продолжи постапката, што би значело да се прибават дополнителни докази или податоци или пак да се спроведе истрага. Јавниот обвинител и полицијата во текот на оваа постапка се должни да ја почитуваат презумпцијата на невиност во однос на даваните информации на медиумите, затоа што за тајна се сметаат сите нивни преземени дејствија.

19.5. Истражна постапка

Истражната постапка е надоврзување на предистражната постапка. Јавниот обвинител во оваа постапка има овластување во прилог на осомничениот или пак на негов терет да собира докази. Тогаш кога ќе дојде до заклучок дека постои основано сомневање дека осомничениот сторил кривично дело кое се гони по службена должност, истата започнува со донесување на наредба од страна на јавниот обвинител за започнување на истражната постапка.

Јавниот обвинител оценува дали постои основано сомневање, по прибавените докази. Во истражната постапка не се изведуваат доказите туку само се собираат за да може подоцна на јавна судска расправа кадешто постои начелото на контрадикторност да се изведат. За да покрене формално обвинение,јавниот обвинител оценува кои докази му се потребни.

Јавниот обвинител донесува наредба за спроведување на истражна постапка, доколку е пропишана казна затвор над 5 години за кривично дело кое се гони по службена должност ,додека за дела за кои е пропишана казна затвор до 5 години или главна парична казна не се донесува наредба за спроведување на истражна постапка. Не се донесува наредба за спроведување на истражна постапка и тогаш кога веќе дошло до спогодување помеѓу осомничениот и јавниот обвинител или пак откако јавниот обвинител ќе ја отфрли кривичната постапка.

Цел на истражната постапка е да се соберат доволно податоци и докази кои на јавниот обвинтел ќе му бидат потребни за да одлучи дали ќе се откаже од кривично гонење или ќе поднесе обвинение против осомничениот. Постои можност и за изведување на одредени докази на доказно рочиште доколку постои опасност за тие докази да не можат во текот на главната расправа да бидат изведени.

Доказите коишто во текот на предистражната постапка се веќе собрани не постои основ повторно да се собираат во истражната постапка ,од причина што би бил ист нивниот начин на собирање, но доколку станува збор за исказ на сведок тој може повторно во текот на истражната постапка да биде испрашан, само доколку би требало да даде изјава за некои нови околности за кои претходно не бил испрашуван или пак доколку

јавниот обвинител оценил дека на веќе кажаното во претходниот исказ му треба појаснување.

Целата истражна постапка треба да заврши во рок од 6 месеци од донесувањето на наредбата од страна на јавниот обвинител за започнување на истражната постапка. Доколку е потребен поголем временски период и доколку станува збор за сложени кривични дела, овој рок може да биде продолжен најдолго 15 месеци. Јавниот обвинител со донесување на обвинението ја завршува истражната постапка или ја запира истражната постапка. Тој има за обврска пред истекот на рокот до осомничениот и неговиот бранител да достави известување во кое за кривичното дело за кое е спроведена истражна постапка ќе даде опис, правна класификација на истото и напомена дека кај јавниот обвинител се наоѓаат списите од истражната постапка и дека имаат право на увид во списите и нивен препис.

Во известувањето е содржана и поука во која се наведува дека осомничениот и неговиот бранител имаат рок од 15 дена до јавниот обвинител да достават докази, или пак од него да бараат да собере одредени докази. Бараните докази Јавниот обвинител е должен да ги собере во рок од 30 дена.

Јавниот обвинител доколку оцени дека по изминатиот рок од 30 дена треба да ја запре истражната постапка ,за тоа мора да го извести осомничениот и неговиот бранител, но јавниот обвинител по истекот на овие 30 дена има нов рок од 15 дена во кој мора да донесе одлука дали да поднесе обвинение или да ја запре постапката.

Јавниот обвинител ја запира истражната постапка само доколку е застарено кривичното гонење или е опфатено со помилување или амнестија, доколку се појавиле околности кои го исклучуваат гонењето, доколку делото кое се става на товар на осомничениот се гони со приватна кривична тужба или пак не постојат докази дека осомничениот го сторил кривичното дело кое му се става на товар.

Запирањето на постапката се донесува со наредба која ја изготвува јавниот обвинител и мора да биде доставена до осомничениот и оштетиот, кои по приемот на истата имаат рок од 8 дена да поднесат приговор до повисокиот јавен обвинител, кој по истиот има рок од 30 дена да одлучи дали ќе го усвои и би донел решение со кое би ја

потврдил наредбата или пак решение со кое ќе го задолжи понискиот јавен обвинител да ја продолжи постапката.

Доколку осомничениот е во бегство или е недостапен, доколку по извршувањето на делото дошло до душевно заболување или растројство кај осомничениот поради која не би можел да учествува во постапката, или пак дошло до околности кои привремено го спречуваат кривичното гонење , Јавниот обвинител може да ја прекине истражната постапка. Ова запирање исто така се донесува со наредба од страна на Јавниот обвинител против која нема право на жалба.

19.6. Доказно рочиште

По барање на јавниот обвинител или пак на осомничениот,дозволено е во текот на истражната постапка одржување на доказно рочиште. За ова барање судија во претходна постапка одлучува во рок од три дена. Кога барањето е прифатено од страна на судијата, тој донесува решение во кое доказите кои ќе бидат изведени на доказното рочиште мора да се наведат и датумот на ова рочиште кое мора да биде во рок од десет дена откако е донесено решението.

Доказно рочиште може да се одложи само во одредени случаеви односно доколку е потребно вештачење на предмети, лице или место кои се подложни на одредени промени, доколку постои можност сведокот кој што треба да се испита на главната расправа поради болест или смрт да не може да присуствува или пак постојат околности сведокот да е спречен да сведочи или лажно да сведочи поради насилство , подмитување на главната расправа или закани.

Доказното рочиште го спроведува судија на претходна постапка,а на него се поканети осомничениот, неговиот бранител, јавниот обвинител и оштетениот. Доколку на ова рочиште не се појави некоја странка која е уредно поканета , а воедно својот изостанок не го оправда, ова не го одложува одржувањето на доказното рочиште. Судијата е надлежен да му додели нов бранител, доколку осомничениот остане без својот бранител.

Изведувањето на доказите се одвива исто како изведувањето на доказите на главната расправа.

20. Обвинување

Вториот стадиум во кривичната постапка е обвинувањето , и до обвинувањето се доаѓа со поднесување на обвинението до судот, од страна на јавниот обвинител .Во нашето законодавство се застапени три вида на обвинување, и тоа:

1. Обвинител акт: кој се поднесува од страна на јавниот обвинител по претходна завршена истражна постапка во редовната кривична постапка;
2. Обвинител предлог: кој се поднесува од страна на јавниот обвинител без претходна истражна постапка со можности за превземање некои истражни дејствија во скратена постапка;
3. Приватна тужба: се поднесува од страна на приватен тужител, кој има овластување да поведува кривично гонење, за дела од кои гонењето зависи од диспозицијата на приватниот тужител.

20.1. Обвинител акт

Обвинителниот акт јавниот обвинител го поднесува до судот ,во онолку примероци колку што има странки во постапката по завршувањето на претходната постапка, каде јавниот обвинител собрал докази кои водат до донесување на пресуда што е ослободителна .Овде начелото на акузаторност каде обвинителот одлучува за обемот и содржината на обвинителниот акт е запазено, но е запазена строго законската определена форма. Обвинителниот акт мора да биде поднесен во писмена форма, но постои и можност тој да биде поднесен усно ,но само во текот на главната расправа доколку би дошло до проширување на обвинението.

Откако ќе го прими обвинителниот акт, судот треба да одлучи дали обвинител акт е основан за тој да може да закаже главна расправа или пак како неоснован да го отфрли. Во обвинителниот акт треба да биде наведено името и презимето на осомниченият со

информации за тоа каде осомничениот се наоѓа дали во притвор или на слобода, опис на кривичното дело со место, време и начин на извршување, законски назив на кривичното дело, средството со кое е извршено, означување на судот каде главната расправа ќе се одржи и собраните докази врз кои обвинителниот акт се темели. Во прилог освен доказите, доколку осомничениот се наоѓа во притвор мора да се приложи и предлог на обезбедување на осомничениот. Дозволено е во еден обвинител акт да се наведат повеќе сторители или пак повеќе кривични дела.

Овие елементи во составот на обвинителниот акт се задолжителни и доколку во него би дошло до технички грешки, судијата обвинителниот акт го враќа кај јавниот обвинител за тој да може во рок од три дена да го исправи. Судијата при оцената на обвинителниот акт може да донесува одлуки самостојно или пак колегијално. Судијата самостојно донесува одлука тогаш кога за кривичното дело во обвинителниот акт е пропишана казна затвор до 10 години.

Судијата може да закаже и рочиште во состав од тројца професионални судии за оценување на основаноста на обвинителниот акт во кој е наведено кривично дело за кое е пропишана казна затвор во времетрање над 10 години. Советот кој е надлежен за оцена на обвинителниот акт може да донесе решение во кое би се прогласил за ненадлежен поради стварната и месната надлежност и целиот предмет да го предаде на судот кој е надлежен.

Судот има рок во времетраење од 24 часа во кој мора донесе одлука доколку во обвинителниот акт постои предлог за продолжување на притворот, да се пушти на слобода осомничениот или пак да се определи мерка со која ќе се обезбеди неговото присуство.

Жалбата овде не го задржува извршувањето на решението. При достават на обвинителниот акт до осомничениот мора неговите права да бидат пропишани , односно правото на приговор против обвинителниот акт во рок од 8 дена откако ќе го прими истиот , по кој совет од тројца судии ќе одлучи дали да го отфрли доколку е неоснован или ненавремен.

Овде е важно правото на здружување односно доколку во обвинителниот акт се наведени повеќе осомничени и приговор поднесат само дел од нив, судијата или советот

при одлучувањето ќе ги опфатат и оние кои не поднеле приговор. Осомничениет има право изјавата за признавање вина да ја поднесе во рок од 8 дена по приемот на обвинителниот акт. Осомничениот може оваа изјава да ја даде на рочиштето за оцена на обвинителниот акт. Осомничениот има должност да достави листа на докази кои ги предлага на судот за да се изведат во текот на главната расправа.

20.2. Рочиште за оцена на обвинителен акт

На ова рочиште е задолжително присуството на осомничениот, неговиот бранител и јавниот обвинител. Доколку не постои уредна достава рочиштето се одложува во рок од 15 дена, уредно поканетите странки коишто нема да се појават на ова рочиште и нивното отсуство нема да го образложат, нема да придонесат за одложување на ова рочиште. Рочиштето би се одржало и доколку осомничениот е во отсуство.

Ова рочиште започнува со воведен говор од страна на јавниот обвинител кој го образложува обвинителниот акт и се обраќа до присутните странки и до судот, јавниот обвинител ги образложува собраните докази кои за стореното кривично дело го товарат оомничениот поради што е и поднесен овој обвинителен акт. Одбраната стапува на ред веднаш по јавниот обвинител ,и таа истакнатиот приговор мора да го образложи, па доколку не постои приговор против обвинителниот акт, одбраната треба да образложи во кој дел обвинителниот акт го оспорува , да ги произнесе доказите што одат во прилог на осомничениот, пропустите во истражната постапка да ги воочи, и незаконските прибани докази да ги оспорува, да предложи докази за кои ќе бара на главната расправа да бидат изведени. Јавниот обвинител и одбраната наводите на спротивната страна можат само еднаш да ги контрираат. Рочиштето е прогласено за завршено, кога може да се донесе одлука од страна на судијата или советот за оцена на обвинителниот акт.

20.3. Обвинителен предлог

Обвинителен предлог се поднесува само за кривични дела во кои е пропишана казна затвор до пет години или пак парична казна, во рочиште во кое заседава судија поединец. Се поднесува од страна на Јавен обвинител.

Обвинителниот предлог е поедноставен и не ги има истите елементи како обвинителниот акт, односно обвинителниот предлог го содржи идентитетот на осомничениот, содржи краток опис на кривичното дело, името на судот каде главната расправа ќе се води, предлог докази што треба да се изведат и предлог да се огласи осомничениот за виновен, може да се стави и предлог за определување мерка за обезбедување на присуство.

Обвинителниот предлог не се оценува, и судијата поединец може да донесе одлука да го отфрли обвинителниот акт кога ќе осознае дека постои причина поради која може да се одбие обвинителниот акт или доколку не е надлежен за постапување.

20.4. Приватна тужба

Приватната тужба ја поднесува приватен тужител и таа ги има истите обележја како и обвинителниот предлог, само што во приватната тужба мерка за обезбедување на присуство не може да се бара.

21. Главна расправа

За главната расправа како стадиум може да се каже дека е и најважниот стадиум бидејќи во неа се изведуваат доказите од странките кои можат да бидат изведени само во текот на доказната постапка. Главната расправа е јавна, усна, контрадикторна и по нејзиното одржување се донесува пресуда, која е составена од процесни дејствија на странките и судот од претходно утврден законски редослед. Главната расправа се одвива според Законот за кривична постапка и таа е правична.

Важен елемент на главната расправа е донесувањето на пресуда која може да биде донесена по претходно изведување и оценување на доказите. За одржување на расправата постојат правила , па така лицата кои се присутни секогаш додека не седне судијата или пак советот задолжително треба да стојат ,од левата страна на советот секогаш седат јавниот обвинител или пак тужителот, додека обвинетиот и неговиот бранител на десната страна.

Пред главната расправа да започне претходи заседание кое воедно е и дел на главната расправа во кое: советот има должност да го објави предметот, да утврди дали сите повикани лица се присутни, да земе лични податоци од обвинетиот се со цел утврдување на неговиот идентитет, должен е да упати предупредување до сведоците и вештаците дека се должни да ја зборуваат само вистината и да им укаже за последиците за лажно сведочење и да внимава да не постои комуникација помеѓу сведоците што се сослушани и оние кои што сè уште не излегле да сведочат. За главната расправа битно е да се напомене дека барањето за изземање на судија или на судија-поротник, странките имаат право да го поднесат до започнување на главната расправа .

Главната расправа започнува со воведните говори кои секогаш ги има прв обвинителот или овластениот тужител, а подоцна бранителот или обвинетиот доколку нема свој бранител, каде ги изложуваат правните прашања по кои ќе решаваат, ги изложуваат собраните докази и решавачките факти. Овде може да се пријави и имотноправно барање.

По воведните говори следува задолжение на претседателот на советот, да го праша обвинетиот дали ја разбира содржината на обвинението и дали е свесен за што го обвинуваат и накратко обвинението да му го објасни, да му посочи дека има право да се брани со молчење, но и да се произнесе за вината, дека има право сведоците да ги испрашува и да го следи нивното сведочење.

Доколку обвинетиот се произнесе дека за сите дела или пак само за дел од нив ,се чувствува виновен, може да му се изрече пресуда за признавање на вината, но претходно претседателот на советот или пак судијата мора да оцени дали признанието е дадено без заблуда,доброволно и свесно за последиците кои произлегуваат од него, односно кои се

однесуват на имотноправното побарување доколку оштетениот го побарал надоместокот на трошоците во постапката и заминувањето веднаш во затвор доколку е таква санкцијата.

Доказната постапка е најзначајна фаза, од причина што пресудата се донесува врз основа на доказите кои се изведени. При изведувањето на доказите, за имотноправното барање предност има обинителот и оштетениот подоцна одбраната, обвинението има право на реплика , а одбраната на дуплика . Секоја странка од предложениот доказ има право да се откаже ,но само при претходна согласност на двете страни.

Суштински дел на постапката исто така се и сведоците.Сведоците чекаат надвор ,се додека не бидат повикани, а откако ќе бидат повикани тие можат да се испрашуваат вкрстено, директно и дополнително и притоа треба да им се укаже за последиците.

Секогаш сведокот треба да биде испрашуван од онаа странка што го повикала како сведок, инаку јавниот обвинител за да се утврдат фактите, настапува прв со директно испрашување со јасни и кратки прашања. Подоцна спротивната странка настапува со вкрстено испрашување, односно со прашања за факти кои претходно биле изведени од директното испрашување, се со цел исказот кој бил претходно даден од лажно сведочење да го елиминира.

По вкрстеното испрашување, дозволено е и дополнително испрашување од странката која го водела претходно директното испрашување, но само на прашања кои во текот на вкрстеното испрашување биле поставени. Техничките советници можат да им помогнат при дополнителното испрашување што го врши странката која го повикала сведокот, а воедно и при вкрстенето испрашување на странките.

На начин ист како и сведоците, како сведоци можат да се јават и вештите лица. Вештите лица изработуваат вешт наод и мислење и доколку ниту една од странките не побара испрашување на вештото лице ,неговиот вешт наод и мислење може да влезе во доказниот материјал , но доколку едната странка побара негово испрашување на главната расправа, а вештото лице не се испраша,тогаш неговиот вешт наод и мислење не влегува во доказниот материјал.

Одбраната како свој сведок исто така може да го предложи и обвинетиот ,кој ќе биде испрашуван на ист начин, но сето тоа спаѓа под ризик на одбраната. Доколку постојат писмени докази како на пример записниците, тие се читаат и секогаш се

доставуваат до судот во оригинал или како заверен препис, можат да постојат и материјални докази кои по барање од обвинетиот можат да му се покажат во текот на главната расправа или пак на сведоците или вештите лица.

Странките при завршувањето на доказната постапка ,имаат право да предложат и нови докази доколку тие се појавиле по изменетите околности ,но доколку не предложат доказна постапка во целост ќе биде завршена. По завршувањето на доказната постапка секоја странка настапува со своите завршни зборови. Секоја странка си ја брани својата страна и се стреми кон тоа да го докаже обвинението или пак да го оспори и ослободи обвинетиот од вина.

Бидејќи во нашиот систем се става акцент на ресоцијализација на личноста, главен фактор при одредување на санкцијата на обвинетиот претставува личноста на обвинетиот и неговата казнена историја. При давањето на завршните зборови повторно има редослед, во кој јавниот обвинител или тужителот е секогаш прв кој мора да го образложи и зацврсти обвинението и да ги произнесе фактите кои за обвинението се релевантни, подоцна оштетениот кој доколку побара имотноправно барање мора да го истакне и на крај настапува обвинетиот или неговиот бранител чија цел е да го побие обвинението и да го ослободи обвинетиот.

2. ВТОРА ГЛАВА
1.Вовед во кривичното право на Соединетите Американски Држави

Кога судиите донесуваат одлуки со реална последица, вообичаено е од истите да се очекува објаснување. Исто така, кога судиите даваат објаснување, вообичаено очекуваме тие да наведат причини зошто разноразните аргументи на онаа страна која изгубила во спорот се одбиени. Но дали треба да се смета за грешка случајот кога судечкиот суд не ги задоволува нормите за објаснување, особено кога судот за ревизија може лесно да замисли законски соодветни причини за одлуката на судечкиот суд?

Прашањето предизвикува одмерување на конкурентните општествени интереси во судската економија и фер третман на странките. Како општа работа, апелационите судови во Соединетите Американски Држави се прилагодија на страната на судската економија и истите одбија да спроведуваат норми на објаснување.

2.Принципи на кривичното право во Соединетите Американски Држави

Кривичното право, како што беше споменато, претставува тело на закони што ги дефинира кривичните дела, го регулира лишувањето од слобода, обвинението и судењето на осомничените лица и ги одредува казните и начините на третман што се применуваат за осудените престапници. Кривичниот закон е само еден од уредите со кои организираните општества ја штитат безбедноста на индивидуалните интереси и обезбедуваат опстанок на групата, односно на општеството.

Покрај тоа, постојат стандарди на однесување, што ги всадуваат семејството, училиштето и религијата, правилата на работното место, во канцеларијата или во компанијата, прописите на граѓанскиот живот спроведени со обични полициски овластувања како и санкциите достапни преку дејствија за деликти.

Разликата помеѓу кривичното право и деликтното право е тешко да се направи со вистинска прецизност, но генерално може да се каже дека деликтот е приватна повреда додека кривичното дело е определено како прекршок против јавноста иако вистинската жртва може да биде и индивидуа.

Традиционалниот пристап кон кривичното право е најпрво дека кривичното дело е дело што е морално погрешно.Целта на кривичните санкции беше да го натераат сторителот да надомести за направената штета и да ја отстранат неговата морална вина, казната требало да се изрекува сразмерно на вината на обвинетиот.

Во модерното време доминираа повеќе рационалистички и прагматични погледи. Писателите на просветителството како Чезаре Бекарија во Италија, Монтескје и Волтер во Франција, Џереми Бентам во Британија и П.Ц.А Фон Фојербах во Германија, сметале дека главната цел на кривичното право е спречување на криминалот.

Со развојот на општествените науки, се појавиле и нови концепти, како што се оние за заштита на јавноста и реформа на сторителот. Таквата цел може да се види во германскиот Кривичен Законик од 1998 година, кој ги опомена судовите дека „ќе се земат предвид ефектите што се очекува да ги има казната врз идниот живот на сторителот во општеството“.

Во Соединетите Американски Држави, моделот на Кривичен Законик, предложен од Американскиот правен институт во 1962 година, вели дека целта на кривичното право треба да биде следнава: „Да се даде правично предупредување за природата на однесувањето кое е прогласено за прекршок“ и исто така: „Да се промовира корекција и рехабилитавија на прекршителите“. Оттогаш, се обнови интересот за концептот на општа первенција, вклучувајќи го и одвраќањето на можните престапници и стабилизацијата и зајакнувањето на општествените норми.

2.1. Common law и code law

Постојат важни разлики помеѓу кривичното право на повеќето земји од англиско говорно подрачје и она на другите земји. Кривичното право на Англија и на Соединетите Американски Држави произлегува од традиционалното англиско обичајно право за кривични дела и има свое потекло во судските одлуки отелотворени во извештаите за решени случаи.

Англија постојано ги отфрла сите напори за сеопфатна законодавна кодификација на нејзиното кривично право, дури и сега не постои законска дефиниција за убиство во англиското право. Меѓутоа, некои земји од Конвелтот, особено Индија, донесоа кривични закони кои се засноваат на англиското заедничко право за кривични дела.

Кривичното право на Соединетите Американски Држави изведено од англиското обичајно право, во некои аспекти е приспособено на американските услови. Во поголемиот дел од американските држави, обичајното право за кривични дела е укинато со закон. Ефектот на таквите дејствија е дека на ниту едно лице не може да му се суди за какво било дело што не е наведено во Уставот на државата. Но, дури и во овие држави принципите на обичајното право продолжуваат да вршат влијание, бидејќи кривичните статути често се едноставно кодификација на обичајното право, а нивните одредби се толкуваат со повикување на обичајното право.

Во останатите држави понекогаш се случува гонење за обичајни прекршоци кои не се наведени во Уставот на односната држава, односно во нивните статути. Во неколку држави во федералниот кривичен законик, таканаречените казнени, или кривични кодекси се едноставно збирки на поединечни одредби со малку вложен напор за поврзување на деловите со целината или за дефинирање или спроведување на која било теорија за контрола со казнени мерки. Од средината на 20тиот век, движењето за кодификација и законска реформа постигна значителен напредок насекаде.

Моделот на Кривичниот Законик на Американскиот правен институт, поттикна темелно преиспитување и на федералното и на државното кривично право, а во повеќето држави беа донесени нови кодекси. Англија донесе неколку важни реформски закони, вклучувајќи ги и оние за кражба, сексуални престапи и убиства како и модерно законодавство за затвор, условна осуда, условни казни и општествено корисна работа.

3.Извори на казненото право на Соединетите Американски Држави

Во Соединетите Американски Држави владее Англосаксонската практика, која што се заснова врз интерпретациите што ги завзема Врховниот суд во однос на уставните одредби. За кривично правната област кокретно се релевантни толкувањата и одлуките

поврзани со четвртиот, петтиот и шестиот амандман на Уставот на Соединетите Американски Држави, во однос на федералниот систем на казненото процесно законодавство како и четиринаесеттиот амандман на Уставот на Соединетите Американски Држави, во однос на државните системи на казненото процесно законодавство.

3.1.Устав на Соединетите Американски Држави

Уставот на Соединетите Американски Држави е највисокиот закон во САД, а истовремено и најстар Устав во светот. Донесен е на Конвенцијата во Филаделфија на 17ти септември во 1787 година. Со него, Соединетите Американски Држави се претворени во федерална држава.

Уставот формално стапил на сила на 21 јуни 1788 година, а почнал да се применува од 13ти септември во 1788 година, додека новите државни органи почнале со работа на 4ти март во 1789 година.

Уставот на Соединетите Американски Држави, како и кај повеќето држави претставува примарен извор на правото и супериорен акт во однос на законите и другите правни акти кои што не се и не можат да бидат во спротивност со истиот, туку треба да ја остваруваат својата задача за доразработка, за оживотворување и за справедливоста на предвидените уставни начела и стандарди.

Имајќи ја предвид поставеноста на правниот систем и неговиот начин на регулирање од аспект на Соединетите Американски Држави, секоја држава мора да има свој Устав, но и тој поединечен Устав, пак, мора да биде во согласност со Уставот на Соединетите Американски Држави. Измените На Уставот на Соединетите Американски Држави, кои се случиле во 1971 година, резултирале со прифаќање на десет амандмани на Уставот кои за нас се познати уште како „The Bill of Rights“.

Тие ги регулираат основните фундаментални права на американските граѓани и ги заштитуваат од неправилни и незаконските однесувања на властите. Уставот утврдува и поделба на власта на законодавна – и тоа во првиот член од Уставот, извршна – во вториот

член од Уставот, судска – во член три од Уставот, кои функционираат врз основа на системот на рамнотежа, во Соединетите Американски Држави нарекуван и така познат како „checks and balances“ според кој секоја власт функционира одделно од останатите две власти, но секоја власт истовремено има можност да врши проверка на дејствијата на останатите две власти.

Федералната судска власт е самостојна власт, а федералните судови се заштитник на Уставот на Соединетите Американски Држави, бидејќи нивните одлуки овозможуваат заштита на правата и на слободите на американските граѓани. Судовите, ги интерпретираат законите и единствено овластување за донесување на закони на федерално ниво има Конгресот на Соединетите Американски Држави.

Иако толкувањето на Уставот на Соединетите Американски Држави се однесува исклучиво на федералните судови, од 1960 година, овие толкувања се почитуваат, освен од федералните судови и од страна на државите. Причината зошто поставеноста на работите е ваква се одлуките на Врховниот суд, во цела серија случаи, кога тој својата одлука ја засновал врз гаранцијата за процедурална правичност која е содржана во четиринаесетиот амандман кој е задолжителен за државните судски системи.

Толкувањата кои се однесуваат за четвртиот амандман на Уставот на САД добиле особено значење за државите кога Врховниот Суд побарал од државните судови да ги исклучат од листата на докази сите предмети одземени со повреда на гаранциите содржани во овој Амандман.

Ваквиот став подоцна се проширил и врз заштитата од себеобвинување содржана во петтиот амандман, како и врз правото на обвинетиот да ползува повеќе права поврзани за текот на судењето, во кои всушност и се среќаваме со правото на поротно судење, кое е содржано во шестиот амандман, а во овој труд во продолжение ќе биде темелно разбработено. Сите овие одлуки се извори на правото на САД.

Државите може да им предвидуваат и дополнително повеќе права на обвинетите, но минимумот определен со уставните одредби и со амандмани мора да постои во секоја држава и во секој поединечен Устав.

4.Законодавство

Законите во Соединетите Американски Држави, како што е веќе споменато, ги донесува Конгресот и државните законодавни тела и тие ја регулираат материјата што спаѓа во нивната надлежност. Конгресот на САД ги донесува законите што се обврзувачки за сите на федерално ниво, а државните законодавни тела ги регулираат прашањата кои што се во надлежност на државата. Од тука, во Соединетите Американски Држави постојат неколку видови закони кои што може да се групираат според формата, односно:

- Пишани закони, или познати како statutory law, што ги донесува Конгресот на САД, државниот законодавец или локалните власи во државите, во писмена форма и овие пишани закони имаат дејство кон сите, односно се однесуваат на општеството во целина – erga omnes;
- Прецедентно право, односно case law, кое е сочинето од судски одлуки што претставуваат нов начин на интерпретација на законите и исто така имаат статус на преседани во stare decisis процесот. Во овој случај судијата е обврзан да се придржува кон прецедентите воспоставени со некоја претходна судска одлука. Со прецедентот се востановува нов начин на интерпретација на законот.

Во Соединетите Американски Држави законите исто така може да се групираат и според областа, односно на следниов начин:

- Приватно право, односно private law, кое ги регулира правата и обврските на поединците меѓу себе и односот на поединецот со правните лица;
- Јавно право, public law, ги регулира односите на поединците со државните органи, обврската на државата да ги штити граѓаните под нејзин суверенитет, обврските на граѓаните спрема државите.

Во однос на кривичната постапка, се применуваат Федералните правила за кривична постапка, што последен пат се менувани во месец март 2009 година. Овие правила се однесуваат на постапувањето на федералните окружни судови, на федералните жалбени, односно апелациони судови на Врховниот суд на Соединетите Американски Држави. Слично на овие правила што се однесуваат на текот на кривичната постапка, постојат посебни Федерални доказни правила.

Во Соединетите Американски Држави карактеристично и поразлично е тоа што не постои посебно уставно судство, бидејќи сите федерални судови и судии може да донесуваат одлуки за прашања во однос на уставноста на федералните закони и на другите владини одлуки поврзани со случаите во кои тие решаваат. Феделарното судство во Соединетите Американски Држави го сочинуваат следниве:

- ✓ Врховен суд на Соединетите Американски Држави – US Supreme court;
- ✓ Апелационите судови – US Courts of appeal – има само еден апелационен суд за федералната област и 12 регионални апелациони судови во САД;
- ✓ Федерални обласни судови – US District courts се наоѓаат на најниско ниво на федералниот судски систем и за тоа во секоја федерална област постои по еден областен суд или вкупно има 94 обласни федерални судови колку што има и федерални области во САД;
- ✓ Суд за меѓународна трговија – Court of International Trade; и
- ✓ Суд за федерални барања – Court of Federal Claims.

Федералните судии во Врховниот суд на САД, во федералните апелациони судови, во федералните обласни судови и во Судот за меѓународна трговија се назначуваат без да им биде ограничен мандатот, односно се назначуваат со времетраење на функцијата – доживотно. Овие судии ги назначува Претседателот на Соединетите Американски Држави, а по претходно одобрение на Сенатот според член 3 од Уставот на САД. Федералните судии можат да бидат разрешени од функцијата само со постапка за утврдување кривична одговорност односно познатиот impeachment која се регулира во Уставот на Соединетите Американски Држави.

Како што беше споменато, Врховниот суд на Соединетите Американски Држави е највисок во судската пирамида и е составен од девет судии кои постапуваат во полн состав во сите случаи без исклучоци. Одлуките се донесуваат дискрециono и потребно е исто мислење на најмалку четворица од нив , за да се пресуди. Судиите во Судот за федералните барања се избираат со мандат од 15 години од страна на Претседателот на Соединетите Американски Држави, по претходно одобрение од страна на Сенатот, но не според постапката предвидена во член три од Уставот на САД.

Државниот судски систем, на државите им дава слобода во конципирањето на организацијата на судството и речиси секоја држава има различен за неа специфичен систем на судската власт. Сепак, државните судови може да се поделат во неколку општи категории:

- Судови со ограничена надлежност;
- Судови со општа надлежност
- Апелациони судови;
- Највисоки државни судови.

5. Поротата во САД

Порота е начин преку кој на обичните граѓани им се дава можност да бидат инволвирани во кривичниот судски систем. Постојат два типа на порота чија што улога се разликува во федералните судови: пресудна порота и голема порота. Пресудната порота ја сочинуваат 12 лица кои имаат задача да донесат одлука дали обвинетиот е сторител на делото, за кое што е обвинет. Пресудата на поротата задолжително мора да биде едногласна,и се донесува на заседание на поротата од затворен тип. На ова заседание ,право на присуство нема лице кое што е надвор од составот на поротници.

Големата порота брои од 16 до 23 лица кои се избрани од избирачките списоци и потребно е да има репрезентативен состав според структурата на населението. Членовите од кои е составена големата порота,се избираат за период не подолг од 18 месеци. Големата порота компаративно гледано во однос на пресудната порота ,има поспецификична функција поради тоа што обвинителите и адвокатите во федералните случаи вршат презентација на доказите на големата порота, се со цел таа да одлучи дали постои основано сомневање дека лицето е сторител на кривичното дело и дали судењето треба да се одржи.Ако одлуката на големата порота е дека постојат доволно докази, таа против обвинетиот поднесува обвинение.Сесиите на големата порота не се достапни за јавноста.

6. Полициско постапување

Гаранциите кои што се содржани во четвртиот амандман на Уставот на Соединетите Американски Држави ги штитат граѓаните од арбитрерни постапувања на полициските органи со кои се навлекува во сферата на приватност на граѓаните. Целта на четвртиот амандман од Уставот на САД е воспоставувањето на стандарди за постапување на полицијата, врз чија основа ќе се гради практиката на работа и функционирањето. Постојат толкувања дека четвртиот амандман претставува компромис помеѓу потребата на државата да пронајде ефикасен начин за прибирање на доказите и правото на граѓаните да не бидат непотребно и противзаконито вознемирувани, да не им се ограничуваат, ниту да бидат лишувани, од некои нивни права и слободи.

Значењето на одредбите од овој амандман се важни со оглед на фактот што се применува и на федерално и на државно ниво. Амандманот четири, опфаќа четири области, во кои нуди заштита на лицата, на домовите, на имотот и на преписката. Овој амандман го штити граѓанинот од противзаконито ограничување на движењето и од апсење, а неговиот имот, дом и преписка од противзаконити претреси и одземање на предмети. Навлегувањето во сферата на приватноста е дозволено само ако постои определен степен на сомневање и доколку е издаден налог за преземање на соодветното дејствие од надлежниот суд и ако не постојат легитимни очекувања на приватност.

Четвртиот амандман, всушност, содржи две главни клаузули, односно:

1. Разумност на преземеното дејствие односно запирања, прегледи, претреси, апсење;
2. Постоењето на судски налог за преземање на полициското дејствие.

Во оваа насока, судот е должен да оцени дали постојат разумни основи поради кои дејствието што го планира полицијата, може да биде оценето од страна на судот како оправдано дејствие и не води кон повреда на легитимните очекувања за приватност. По оцена на разумноста на дејствието, следна задача на судот во оваа ситуација е оценувањето дали постапувањето било во согласност со законските предвидени процедурални граници и дали при дејствието се почитувани условите определени со закон. Ова значи, по оцена на разумноста следува оцена на процедуралната законитост на секое дејствие што го превзема полицијата кон државјаните.

6.1. Претрес

Во истиот, четврти амандман на Уставот на Соединетите Американски Држави се регулира заштитата што ја уживаат граѓаните од противзаконити и неосновани претреси и од одземање предмети кои може да послужат како доказ во кривичната постапка.

Разумноста на која инстистира четвртиот амандман, претпоставува претежно јавен интерес наспроти загубата на индивидуалната приватност и слободата на движењето. Врховниот суд на САД зазел став дека при оцената на разумноста се зема предвид тежината на загрозеноста на јавниот интерес која се заштитува со одземањето на предметите, степенот до кој одземените предмети придонесуваат за поголема заштита на јавниот интерес и сериозноста на нарушувањето на индивидуалната слобода.

Во согласност со четвртиот амандман, Врховниот суд го дефинира претресот како упад на полицијата во сфера каде што поединецот има разумни очекувања на приватност. Одредбата на овој амандман не треба да се толкува буквално и судот заземал став дека основната цел на четвртиот амандман е да го штити поединецот, а не местото каде што се спроведува претресот што секако е правилна одлука.

По одлуката во еден случај на Врховниот суд, во вид на прецедентно право, под претрес се подразбира секое дејствие со кое се повредуваат легитимните очекувања за приватност кај поединецот спрема кој се преземаат полициски дејствија, а одземањето предмети е поврзано за полициско дејствување со кое се задира во имотот или во сигурноста на поединецот. Разумните очекувања пак за приватноста се однесуваат на домот и на помошните простории на домот кои се искористувани за живеење или за други животни потреби, а до кои имаат пристап лицата од конкретното домаќинство, односно лицата кои живеат во тој дом.

При извршувањето на претрес од страна на полицијата, на јавни површини и на места каде што сите луѓе имаат пристап во неограничен број нема потреба за ваквиот претрес полицијата да има налог бидејќи на ваквите места отсуствуваат разумни очекувања за приватност, за разлика од домот и при ваквиот претрес не се повредува ничија приватност ниту сопственост.

Разумноста на очекувањето за приватност не зависи од ставот и од размислувањето на обвинетиот, туку Врховниот суд се раководи од околностите на конкретниот случај и цени дали очекувањето за приватност е разумно од аспект на објективен набљудувач.

Што се однесува па до објаснувањето на тоа што се подразбира под поимот „разумно очекување“, Врховниот Суд исто така во овој поглед има заземано став дека во случаите кога на определено подрачје или објект полицијата ќе постави предупредување за забрането минување не може да се зборува дека постои основа некој разумно да очекува заштита на приватноста на тоа подрачје.

Но, во случај ако полицијата има поставено или постави прислушни уреди во телефонот на осомничениот, тој може да бара заштита според четвртиот амандман на Уставот на Соединетите Американски Држави поради разумно очекување дека има право на приватност во разговорите од телефон што е во негова сопственост. Ако пак, прислушните уреди се постават во кабина на јавна говорница ,очекувања за приватност не може да постојат и прислушуваниот не може да бара заштита според четвртиот амандман. Според јуриспруденцијата на Врховниот суд и во следниве случаи не постои повреда на приватноста: кога со хеликоптер се прелетува нечиј имот со цел да се види дали тој одгледува марихуана, или кога, на пример, се користи уред со цел добивање на некој електронски сигнал, а се со цел полесно откривање на локацијата на определно возило на автопат или слично.

Користењето на вакви електронски сигнали скриени во сад со хемикалии со цел да се утврди дали садот е се уште во домот на осомничениот, односно да се лоцира истиот, според прецедентното право на Врховниот Суд, спаѓа во категоријата на претрес и овде постои повреда на споменатото разумно очекување за приватноста на сопственикот на просторот бидејќи тој електронски сигнал дава информации за тоа што се случува во внатрешноста на домот на осомничениот, односно прима гласовни сигнали и разговори.

Доколку една полициска акција биде сметана за претрес, таа во принцип мора да биде оправдана со споменатото основано сомневање, но кај претрес при апсење ова дејствие се презема без налог за претрес, само заради заштита на самиот полициски службеник кој е на должност, а не поради постоењето на разумни очекувања да се пронајдат докази што ги поседува уапсениот.

Налогот за претрес задолжително треба да содржи прецизни податоци за лицето, точната адреса каде ќе се извршува претресот и наведување на доказите чие пронаоѓање се причина за претресот кој треба да се изврши и за кој е даден налогот за претрес. Налог се издава за дом и за помошни простории за живеење, за претрес на канцелариски простор каде што едно лице работи, за претрес на гаражни простории на хотелски соби, но од друга страна не и за претрес на автомобили, камиони, останати превозни средства како и за визуелно или електронско набљудување на отворен простор.

Полицијата не смее да го проширува опфатот на налогот за претрес и треба да ги примени потребните техники за да биде остварена целта на налогот. Доколку целта на налогот, односно на претресот е пронаоѓање противправно одземени предмети од живеалиштето, не смее да се пребаруваат делови како фиоки и работни маси каде што тој предмет не го собира, односно места каде што, според логиката на нештата не би можеле да се скријат предметите што се цел на конкретниот претрес.

Постои доктрина која е наречена “the prain view doctrine”, ако при спроведување законит претрес на простории, без разлика дали се приватни или службени простории, полициските службеници воочат предмети за кои кај нив се создало уверување дека постојат основи за сомневање дека се тие поврзани со кривично дело, односно дека се наменети за сторување на кривично дело или произлегле од сторено кривично дело, како и ако се работи за стоки кои што се надвор од промет, односно истите се илегални и нивното поседување е спротивно на закон, тие ќе бидат одземени, иако за нив не е издаден посебен и конкретен судски налог.

Судот во подоцнежна постапка од кривичен карактер ќе утврди дали тие можат и дали ќе добијат статус на доказ во кривичната постапка или не. Претресот пак, по претходно добиена согласност од осомниченият претставува состојба кога поради постоењето на согласност од осомниченият, полицијата не е потребно да има налог за претрес и притоа не постојат ниту ограничувања, ниту опасност за исклучување на пронајдените предмети, супстанци и слично од листата на доказите.

6.2. Апсење

Слободата на движењето на граѓанинот е основно човеково право како во Соединетите Американски Држави, така и во Република Северна Македонија. Апсењето го загрозува токму ова право и за тоа со овој чин мора да се работи внимателно. Ограничувањето на слободата на движење на граѓанинот кое нема за цел само обично распрашување, не може да се смета за запирање, туку автоматски истото прераснува во чин на апсење.

Апсењето е опфатено со четвртиот амандман и претставува лишување од слобода, а не ограничување на слободата на движењето. За да се пристапи кон апсење, полициският службеник мора да располага со докази во прилог на постоењето на основано сомнение, односно "probable cause" дека уапсеното лице сторило конкретно кривично дело.

Основаното сомневање е повисок степен на веројатност од основата за сомневање, но понизок степен од постоењето докази од кои произлегува убедување за вината кај обвинетото лице. Иако основаното сомневање не може да се квантифицира од аспект на потребни докази, односно тоа претставува фактично прашање, прифатен е ставот дека основано сомневање постои кога од доказите произлегува нешто повеќе од обично сомневање, но помалку од доказите потребни лицето да се смета за осудено.

Стандардот за основано сомневање е исполнет кога постојат доволни факти поврзани за конкретниот случај кои кај објективниот набљудувач ќе создадат убедување дека осомниченото лице го сторило делото што му се става на товар. Едно лице се смета за уапсено само во случај кога полицијата јасно и недвосмислено за тоа ќе го обавести, при тоа ќе му стави лисици, ќе го смести во полициско возило без да му каже дека тоа има некоја друга цел и кога ќе го однесе во полициска станица или некоја друга полициска просторија каде што престојуваат овие лица.

Апсењето како чин може да биде со налог и без налог. Како и претресот, апсењето без налог е можно кога постои верување дека определено лице сторило кривично дело, се подготвува да го стори кривичното дело, кога лицето е фатено при сторување на

кривичното дело или непосредно по неговото сторување – in flagranti. Можноста за апсење без налог е оправдана само кога постои некој од следниве случаи:

- Кога полицијата брка осомничено лице со цел истото да го уапси;
- Кога постои опасност од уништување или од губење на докази; и
- Кога е загрозен јавниот интерес или јавната безбедност и апсењето е од голема итност.

Апсењето со налог е апсење што полицијата го спроведува откако судијата кој утврдил дека е присутно основано сомнение, издал налог за апсење оти определено лице сторило конкретно кривично дело. Во налогот се содржани податоци за лицето кое треба да се уапси,и кое без одложување треба да се изведе пред суд. Налогот содржи податоци и за местото каде ќе се спроведе апсењето,а тоа најчесто е во домот на лицето што треба да се уапси.

Незаконитото апсење не го заштитува обвинетиот од натамошно судско постапување,но оневозможува предметите одземени при апсење да бидат користени како докази во судската постпака како и на изјавите дадени од страна на обвинетиот поради правилото за исклучување на незаконските прибавени докази. Во текот на апсењето се извршува и претрес на обвинетиот и тој може да се состои од наредба за празнење на џебовите на обвинетиот, отварање на предметите што обвинетиот ги носи со себе со цел полицискиот службеник да ја види нивната содржина, соблекување на дел од обувките и облеката и слично. Целта е при претресот да се пронајдат доказите што уапсеното лице ги поседува и да се спречи нивно криење,оштетување , уништување и слично.

Постои можност за дискрециono донесување на одлука од страна на полицијата дали ќе изврши апсење или не. Ваквите дискрециони одлуки се присутни во следниве случаи:

- кога станува збор за полесни кривични дела
- кога жртвата не бара кривично гонење
- кога жртвата е вклучена во инкриминирани дејствија
- кога криминалното однесување произлегува од обичаите на определени општествени слоеви.

6.3. Исклучување на доказите

Ова правило е од задолжителен карактер ,и се применува и на државно ,и на федерално ниво. Исклучувањето на докази се однесува на сите докази, кои се добиени како резултат на повреда на процесните правила за собирање на доказите,но и на посредно добиените докази познати како "плодови на отровното дрво". Одлуката за исклучување на доказите ја донесува надлежниот судија.

Судот е тој што го има суверeното право, да реши и одлучи кои докази ќе бидат земени во предвид, се со цел да биде донесена законита одлука без оглед на тоа што како расположлив доказ се понудила полицијата. Според Врховниот суд,исклучувањето на докази,произлегува од фактот што полицијата мора да ги почитува и следи уставните ограничувања и гаранции. Во случај кога полицијата влегла во станот за чијшто претрес имала налог без притоа да се претстави и пред почетокот на претресот да му објасни на сопственикот што ќе следи , исклучувањето на доказите не може да се примени.

Од правилото дека само кога не е издаден налог настапува исклучување на докази постојат исклучоци кога исклучувањето на доказите ќе се примени и покрај фактот што налогот е издаден. Исклучоците ги опфаќаат следниве ситуации:

- Доколку се презентирани невистини податоци пред судијата од страна на полицијата.
- Во случај кога полицијата го проширила опфатот на издадениот налог при извршувањето.
- Кога налогот има недостатоци кои се очигледни од аспект на негово извршување, па полицијата не можела да има очекувања кои се разумни во однос на валидноста на налогот.

Постојат извесни ограничувања на принципот за исклучување на доказите,кои не може да се оценат како исклучоци. Врховниот суд има заземено став дека и физичките(материјални) докази кои се добиени противзаконито и признанијата, може да се бидат употребувани како спорни докази во случај кога сведочењето на обвинетиот не е конзистентно со наводите што произлегуваат од доказите што се исклучени. Правилото за исклучување на доказите се применува врз директно добиените докази со повреда на

процесните правила(матријални докази,признанија,дадени изјави) и врз доказите што произлегле од изјави добиени нелегално. Ваквите посредно добиени докази имаат назив "плодови од отровно дрво" ,стекнати се противзаконито и не може да имаат место во листата на докази. Сепак доколку посредно добиениот доказ може доволно да се издвои од дејствието што е преземено нелегално постои можност тој да се користи. Ова се однесува на случај кога обвинетиот бил уапсен противзаконски, но се согласил полицијата да изврши претрес на неговиот дом откако е слободен.

6.4. Испитување

Според амандман 5 на Уставот на САД , Врховниот Суд има заземено став дека обврска на полицијата е да го предупреди секое осомничено лице за Миранда правата откако тоа е лишено од слобода,а пред да пристапи кон негово испитување.

Во предупредување за Миранда правата спаѓаат :

- ✓ предупредување дека лицето кое е осомничено,има право на молчење,и дека против него ќе може да се користи во судската постапка се што ќе каже.
- ✓ по сопствен избор има право на адвокат,а доколку за негово ангажирање нема пари-адвокатот ќе му биде поставен по службена должност.

Две суштински прашања се иницирани од испитувањето:

- ❖ Што се подразбира под "лишување од слобода"?

Во амандман 5 од Уставот на САД наведено е дека под лишување од слобода се подразбира било каква форма на апсење "arrest" во смисла на амандман 4 од Уставот на САД, кога според однесувањето на полицијата граѓанинот може да изведе заклучок дека за определен временски период од полицијата ќе биде задржан.

- ❖ Што се подразбира под "испитување"?

Според Врховниот суд овој термин се сфаќа во поширока смисла и ги опфаќа директните испрашувања и меѓусебните разговори на полициските службеници, а кои имаат за цел вклучување на осомниченият во разговорот и изнесување на податок што ќе има дејство инкриминирачко за него. Случајот кога е загрозен јавниот интерес, е

единствениот исклучок од правилото дека за Миранда правата лицето мора да биде предупредено. Испитувањето веднаш мора да биде прекинато,ако осомниченият нагласи дека сака да го користи правото на молчење и нема намера да зборува.

Построг статус има откажувањето од правото на бранител.Штом осомниченият побара бранител, испитувањето мора да запре веднаш,и се додека присуството на адвокатот не се обезбеди,осомниченият не може од страна на друг полициски службеник да биде испитуван ниту за друг случај. Се додека против осомниченият не биде поднесено формално обвинение,осомниченият ужива гаранции за правото да има бранител поради предупредувањата од Миранда случајот и заштита од себеобвинување. Лицето добива статус на обвинет со поднесување на формално обвинение и по автоматизам му следува право на бранител при секое кривично обвинение.

7. Кривична судска постапка

Во кривичните предмети судската постапка се одвива помеѓу обвинетиот и обвинителот кој го застапува Одделот за правосудство. Врз обвинителот паѓа товарот на докажување и тој за вината на обвинетиот мора да ја убеди поротата. Обвинетиот нема обврска да ја докажува својата невиност. Во текот на постапката судот не е странка,и има за цел да се грижи законот правилно да биде применет и во текот на судењето да донесува правни и фактички одлуки.

7.1. Изведување пред судски службеник

Уапсеното лице без непотребно одложување мора да биде изведено пред судски службеник. Изведувањето пред судски службеник има за цел тој првенствено да оцени дали за натамошно лишување од слобода постои основано сомнение. Уапсениот при изведување пред судијата,се известува за неговите уставни права и гаранции-право на адвокат,на поротно судење како и за правото на молчење. Уапсениот исто така се известува за обвинувањата кои се товарат против него. Ако обвинетиот нема адвокат тој

му го назначува или службата на јавни бранители или приватен адвокат назначен од судот,или адвокат кој е ангажиран преку организација за давање правна помош.

Откако адвокатот ќе пристигне,од обвинетиот се бара да се произнесе дали за обвиненијата за кои се товари се чувствува за виновен или невин.Одлука за статусот на обвинетиот во однос на неговото лишување од слобода се донесува на крајот-во случај кога судот ќе оцени дека нема услови за гаранција дали ќе се определи притвор,дали ќе се определи гаранција , дали обвинетиот врз основа на гаранција од трето лице ќе се ослободи,или пак обвинетиот врз основа на негово ветување дека ќе се појавува на судењето ќе биде ослободен.

Гаранцијата зависи од оцена на околностите од страна на судот, и таа не е право туку привилегија. Уапсениот може и без гаранција да биде ослободен ако тоа како оправдано го оцени судијата. Ваквиот случај претставува ослободување преку давање на писмена изјава од страна на обвинетиот дека ке биде присутен на главната расправа, а како релевантни околности се земаат семејните околности,вработувањето, врските со локалната заедница, односот на уапсениот и слично.

7.2. Начини на обвинување

Во Уставот на САД во амандман 5 е наведено дека ниту едно лице,без да биде осудено од страна на големата порота не може да биде осудено. Според амандман 5 од Уставот на САД, на сите обвинети лица им се гарантира дека пред големата порота нивниот случај ќе биде разгледан. Во прилог на постапувањето на големата порота постојат два аргументи:

- таа спречува обвинување поради лични и политички причини, и е контролор на обвинителот.
- нејзиното постапување бара од државниот обвинител пред започнување на постапката да превземе многу дејствија, со цел во прилог на вината на обвинетиот да ги прибере потребните докази.

Обвинетиот формално може да биде обвинет на неколку начини:

- обвинение на големата порота
- обвинителска информација
- обвинување што следи откако уапсеното лице ќе биде изведено пред суд ,кога се бара од него произнесување во однос на вината.

7.3. Прелиминарно сослушување

Прелиминарното сослушување има за цел да утврди , дали за одржувањето на формалното судење постојат доволно докази кои го оправдуваат. На товар на обвинителството е главната задача во докажувањето и таа се состои од утврдување дали постои основано сомневање со кое се оправдува одржувањето на формалното судење и продолжување на лишување од слобода на обвинетиот.

Прелиминарното сослушување не се одржува единствено за најлесните кривични дела и во следниве случаи:

- Кога настанало откажување од правотото на сослушување од страна на обвинетиот;
- Кога е поднесено обвинение против обвинетиот;

Прелиминарното сослушување претставува неформално,кратко и контрадикторно рочиште на кое учество имаат обете странки- бранителот и обвинителот заедно со обвинетиот, а се одвива пред судскиот службеник. Преку прелиминарното сослушување одбраната добива добра можност да добие информации за обвинителскиот случај. На сослушувањето мора да биде присутен обвинетиот, да има свој адвокат, може да предлага докази и може да ги сослуша сведоците на обвинителството.

Ако судијата утврди основано сомневање дека е сторено кривично дело и дека негов сторител е обвинетиот,обвинетиот може или да биде пуштен со гаранција или да остане во притвор и постапувањето продолжува со судење. Случајот се затвора и лицето се пушта на слобода ,ако не се утврди основано сомневање дека е сторено кривично дело,односно не се утврди дека обвинетиот е негов сторител.

7.4.Предсудски предлози

Според повеќето државни законодавства може да се одржи рочиште за решавање по определени претсудски предлози ,пред започнување на судењето. Предлози за исклучување на некои докази што ги изнело обвинителството според правилото за исклучување, поднесува одбраната. Обвинителството може да се жали на ваквите предлози на одбраната,притоа наведувајќи противаргументи. Можноста за претсудски предлози овозможува разјаснување на листата на доказите кои судот ги дозволил како законити и основани и избегнување да се одложи судењето. Приговор за застареност можно е да се истакне пред да се даде изјава во однос на вината од страна на одбраната. Најчести се барањата за оспорување на доказите и затварање на случајот, но како претсудски предлози може да се истакнат и приговори за недостатоци во поднесеното обвинение за составот на поротата, приговор на определен вештак, непочитување на правата на обвинетиот во претходното постапување на полициските органи.

Во оваа фаза од постапувањето,целта е да се открие случајот на спротивната страна-откривањето на доказите и сведоците кои ќе ги повика односно ќе ги презентира на судењето е обврска на секоја страна. Откривањето на сите изјави што обвинетиот ги поседува,како и резултатите од текстовите и научните проверки заради утврдување на релевантни факти е должност на обвинителството. Уставна обврска на обвинителството е сите докази што ги поседува, а го товарат обвинетиот да и ги открие на одбраната.

8.Судење

8.1. Карактеристики на судењето

Правото на брзо судење уште познато како судење во разумен рок и судење пред непристрасна порота во присуство на јавноста ,е право на секој обвинет. Овие гаранции без оглед дали за обвинението постапува државен судски или федерален орган ги ужива секој обвинет. Амандман 6 го гарантира и правото на порота која ќе биде непристрасна, правото обвинетиот да е запознат со обвинувањата кои се товарат против него, да може со

сведоците против него да се комфронтира, да му биде овозможено ангажирање на бранител и во своја полза да може да предлага сведоци.

8.2. Судење во разумен рок

Со цел обвинетиот да не чека предолго на започнувањето на судењето, Конгресот на САД предвидел рокови за постапување и тие рокови варираат од законодавството на една до законодавството на друга страна. Предвидени се два вида рокови во кривичните закони:

- првите, кои течат од моментот кога делото е сторено,и
- вторите, кои течат од моментот кога формалното судење е започнато.

Во однос на првите рокови,може да се заклучи дека тие уставно не се определени, но на државно ниво застапени се во сите кривични закони.Тоа се роковите кои се однесуваат на времето за застарување на гонењето. Според овие рокови , обвиненијата во рамките на утврден временски период откако кривчното дело ќе биде сторено,мора да бидат поднесени. Овој период вообичаено изнесува 5 години од денот на сторување на делото, но со оглед на фактот што ова право не е уставно предвидено,определени кривични дела како на пример убиството, воопшто не застаруваат. Правото на брзо судење уставно е предвидено во амандман 6 од Уставот на САД,не е пропишано колку може да изнесува неговото траење и тече од моментот кога формалното судење започнало. Оценатa за брзо судење зависи од околностите на одделен случај и претставува фактичко прашање, а се земаат во предвид периодите на одложување, причините за одложување и штетите што спрема обвинетиот ги предизвикало одложувањето.

8.3. Јавно судење

Обвинетиот има право на судење кое е јавно и кое може да биде следено од медиуми и публика. Странките може да бараат исклучување на јавноста ,на некои делови од судењето само доколку постои т.н претежен интерес. Јавноста може да биде исклучена

на делови од претсудското постапување ,на изрекување на пресудата и сл. Основа за повторување на постапката е неоправданото исклучување на јавноста, бидејќи според Амандман 6 од Уставот на САД на медиумите и јавноста правото на присуство мора да им се овозможи.

8.4. Поротно судење

Поротното судење е судење ,кое е дозволено за сите кривични дела, освен за оние кои спаѓаат во таканаречени најлесни дела. За овие дела казната затвор не надминува шест месеци. Обвинетиот од правото на поротно судење може да се откаже, но неговото откажување не е апсолутно и само ако истовремено постои согласност и од обвинителот поротно судење нема да има. Законските прописи за големината и составот на поротата се различни: таа не смее да брои помалку од шест,одлуки не донесува едногласно туку со мнозинство гласови,нејзиниот состав во однос на структурата на населението (пол ,социјален статус,боја на кожата,раса и сл.) треба да е репрезентативен. Постои и можност за поднесување аргументирани барања,за ислучување на некое лице од поротата доколку за негова дискредитација како личност презентираат аргументи. Кон дискриминација поради полот, расата, бојата на кожата социјална припадност не смее да води ниту едно од наведените барања.

9. Тек на судење

9.1. Воведни говори

Воведните говори на странките- на државниот обвинител и на обвинетиот се прва фаза од текот на постапката. Воведните говори имат за цел странката да ги изнесе претпоставките што треба да се потврдат или оспорат,главните аспекти што ќе бидат предмет на докажување, се наведува и кој е конечниот исход кон кој странката ќе се стреми во текот на судењето и кои докази ќе бидат предложени. Одбраната сама бира дали ќе биде активна во оваа фаза од постапувањето и дали ќе даде воведен говор,додека

воведниот говор на обвинителот е задолжителен. Слабостите на случајот што го изнел обвинителот е она кон што се осврнува одбраната во воведниот говор,се осврнува на доказите што обвинителот ги преложил и ја нагласува обврската на обвинителот вината на обвинетиот да ја докажува.

9.2. Дејствија на странките

По воведните зборови, обвинителот прв добива збор и има за задача да ги презентира доказите кои се собрани против обвинетиот,и тие може да бидат матријални и вербални докази. Суштинскиот дел од судењето,е презентацијата на доказите и секоја од странките претходно се подготвува со цел да го докаже својот концепт на вистина преку доказите што ќе ги презенира. Постапувањето на странките,правилата за предлагање и за изведување на докази,улогата на судот и поротата се утврдени со федералните доказни правила. Обвинителот мора да презентира докази што ќе ја докажат вината на обвинетиот.

Откако материјалните докази ќе бида презентирана од обвинителот,одбраната може да вложи устен приговор,се со цел да ја обезвредни силата на некој од предложените предмети,и со тоа тој од листата на материјални докази да биде изземен. Судијата решава кои предмети ќе добијат статус на физички докази релевантни за конкретниот предмет по изнесувањето на аргументите. Изјавите на сведоците дадени под заклетва дека ќе ја зборуват само вистината и ништо освен вистината се нарекуваат вербални докази. Обвинителот сведоците што тој ги предложил, директно ги испрашува според принципот “прашање-одговор “ на секој сведок, по што можноста за вкрстено испрашување на истиот сведок добива одбраната.

Сведоците што ги предложила одбраната се сослушуваат на ист начин-првин директно ги испрашува адвокатот,а потоа обвинителот ги испрашува вкрстено. Ако сведокот во текот на сослушувањето користи пишан матријал поради освежување на меморијата, примерок од пишаниот материјал треба да добие спротивната странка.

Во текот на судењето основната разлика меѓу обвинителот и обвинетиот е во обврските што ги имаат според законот. Од името на државата,државниот обвинител мора

да пронаоѓа нови и дополнителни докази ,со цел во конкретниот случај да го потврди тврдењето за вина на обвинетиот. Одбраната нема обврска да ја докажува невиноста на обвинетиот и не е задолжена да презентира нов или дополнителен доказ.

Бидејќи гонењето е во рацете на обвинителството и за некои факти важни за случајот на одбраната ќе мора да бара нови докази,одбраната нема можност да понуди заштита. Од обете страни е можно предлагање на вештаци. Доколку обвинителството претходно веќе извршило вештачење за фактот на кој се повикува одбраната ,на одбраната повикување на вештак може да и се дозволи, само ако докаже дека навистина е потребно да се слушне неговото мислење од аспект на крајниот исход на постапката.

9.3. Улога на судијата

Од судијата се очекува на обете странки да им овозможи да имаат еднаква положба во текот на постапувањето, да биде непристрасен и да се овозможи секоја од нив да има фер можност да го претстави сопствениот случај. Судијата по сопствена иницијатива може да повикува и сведоци за кои смета дека е потребно да учествуваат во постапката,и обете страни имаа право вкрстено да ги сослушуваат таквите сведоци. Судот има можност повиканите сведоци да ги распитува,без оглед дали сведоците се повикани по предлог на странките или ги повикал тој по сопствено наоѓање.

При сослушување од страна на судијата нужна е контрола и таа контрола има три цели :

- Презентацијата и сослушувањето фокусирани на утврдувањето на вистината да бидат ефективни.
- Во текот на сослушувањето да се избегне непотребно губење на време,со поставување на прашања за факти кои веќе се утврдени или се оценети како ирелевентни.
- Сведокот да се заштити од непотребни непријатности и од вознемирување.

Кога обвинетиот ќе биде подготвен да даде изјава за вина, судијата ќе го повика изјавата да ја даде под заклетва пред судот.Притоа обвинетиот мора да биде известен од страна на судот за:

- постоењето на кривична одговорност во случај на давање на лажен исказ под заклетва.
- постоењето на можност да се изјасни за невин.
- неговото право да биде застапуван од адвокат.
- природата на секое обвинение против него.
- паричната казна,периодот на слобода под надзор,максимално можната казна – затвор и др.

9.4. Улога на жртвата

Посебна регулатива која се однесува на жртвите во САД не постои. Федералните правила бараат консултирање на обвинителството со жртвата и со нејзиното семејство за начинот како обвинителството планира да го води случајот ,за очекуваниот краен исход, за можноста од спогодување и сл. Обвинителството не може да биде спречено од страна на жртвата да преземе определни дејствија,но на обвинителството ќе му биде особено тешко да го добие случајот доколку жртвата ја загуби меморијата.

9.5. Завршни обраќања

Завршните обраќања се состојат од сумирање на се она што во текот на судењето се одвивало, при што секоја странка до поротата ја упатува елаборацијата ,нагласувајќи ги оние факти што го аргументираат случајот, што страната во воведните зборови го изнела и што настојувала да го докаже во текот на судењето. Завршното обраќање е упатено до поротниците, кои за вината на обвинетиот донесуваат одлука. Обвинителството започнува со завршното обраќање , збор потоа добива одбраната, а по неа обвинителството може повторно да оспорува некои факти изнесени од одбраната.

9.6. Улогата на поротата и начин на донесување на одлука

Во зависност од тежината на кривичното дело,пропишано е дека за кривичните дела кои се потешки судењето се одвива пред порота,освен ако обвинетиот од правото на поротно судење се откажал,а при тоа со волјата на обвиниетиот обвинителството се согласило,а судот ваквиот став на обвинетиот го одобрил. Се избираат и дополнителни поротници за судења за кои судијата ќе ги оцени како посериозни и кои се очекува подолго да траат. Главна задача на поротниците е оцена на релевантните факти за случајот и на прашањето дали кај обвинетиот постои вина. Одлуката се донесува едногласно и по постигнатата одлука,поротата се враќа во судницата за да изврши соопштување на одлуката. Со својата одлука поротата може обвинетиот да го прогласи за виновен по сите точки од обвинението или да прогласи дека обвинетиот не е виновен по сите точки од обвинението, или за дел да го прогласи за виновен ,а за друг дел од точките од обвинението да го прогласи за невин.

10. Дејствија по завршување на судењето

10.1. Казнување

Казнувањето подразбира формално соопштување на пресудата од судот,при што судот ја определува казната по соопштената одлука на поротата во однос на вината. Судот без одложување треба да ја треба да ја соопшти казната. На федерално ниво,судијата е тој кој ја определува казната. На државно ниво постојат повеќе различни системи:

- Во некои држави постои бифуркација- за вината на обвинетиот одлука првин донесува поротата,а откако ќе ја соопшти во судница , повторно се повлекува на заседание кое е тајно за да ја определи казната.
- Во трети држави се определува нова порота,чија задача е да донесе одлука за казната.
- Постои можност обвинетиот да избира дали поротата или судијата ќе му ја определи казната-освен во случај на смртна казна,која може да се изрече само

доколку за вината на обвинетиот од страна на 12 анонимни поротници постои едногласна одлука.

10.2. Жалба

По завршувањето на целата постапка,по донесувањето на судската одлука ,по објавувањето на пресудата,судот има обврска обвинетиот да го поучи за неговото право да ја обжали пресудата, без оглед на изјавата што ја дал пред судот. Право на жалба обвинетиот има и пред државните и пред федералните судови. Жалбата се поднесува за погрешна примена на законот или за процедурални прашања,што значително влијаело врз крајниот исход на постапката. Жалбата во САД,повеќе се сфаќа како средство за разрешување правни прашања одошто начин првостепената пресуда да се укине и да се добие можност за повторно судење.

3.ТРЕТА ГЛАВА

3.1. Сличности и разлики помеѓу кривично – правниот систем на Република Северна Македонија и кривично – правниот систем на Соединетите Американски Држави

Треба да се има во предвид дека практично не постојат две идентични казнени постапки кога зборуваме за различни држави, односно за нивните правни системи, затоа што меѓусебно често и прилично се разликуваат казнените постапки на конкретни држави кои инаку доминанто припаѓаат на еден или друг казненопроцесен систем. Од тоа произлегува дека во оваа анализа во рамките на еден сумарен табеларен приказ ќе укажеме на некои најдоминантни карактеристики на едниот или другиот казнен систем споредбено. Кај овие два споредбени типови на казнената постапка ќе ги споредиме неколкуте основни карактеристики кои пред се се однесуваат на следните прашања:

1. Општите казненопроцесни проблематики како што е учењето за забраната за основни докази, (не)можноста на користење на т.н индиректни докази, односно индиции, начинот на организацијата на судот (порота/ професионален судија), значењето кое се дава на поединечни казненопроцесни начела како што е начелото на вистина, значењето на признавањето на вина како доказ и неговата поврзаност со останатите докази итн.
2. Организација на казнената постапка во смисла на стадиуми, каде спаѓаат прашањата како што се степенот на (не)формалност на истрагата, бројот на процесни стадиуми доминантниот начин на организација на главниот претрес, со доказно активен или пасивен кривичен суд итн.

Табела бр. 1 – Доминантни карактеристики помеѓу САД и РСМ

Доминантни Карактеристики	**Кривичната постапка во САД**	**Кривичната постапка во РСМ**
1	2	3
Основни карактеристики на функционалната организација на кривичниот суд	Судот се дели на: 1)поротен суд – составен од обични граѓани кои имаат задача да одлучат за не/постоењето на вина 2)судија професионалец кој се грижи за почитување и спроведување на процесните формалности, и ја изрекува кривичната санкција доколку претходно поротата донела одлука дека вината на обвинетиот е докажана.	Овде е присутен мешовит систем на организација на кривичниот суд, па така кога за полесни кривични дела судењето го води судија поединец, а за потешките кривични дела совет составен од три судии.
Степен на доказниот активитет, односно самоактивирањето на кривичниот суд	Во САД судот во постапката има пасивна улога, односно само се грижи за процесните формалности на постапката и не собира докази.	Во РСМ судот исто така има пасивна улога во постапката, односно тој се грижи за заштитата на правата на учесниците и за формалноста на постапката.

Начело на материјалната вистина	И овде судот има пасивна улога во докажувањето на обвинението, бидејќи на застапникот на обвинението му припаѓа целиот терет на докажување.	Во РСМ, судот исто така нема обврска во докажување на вината, таа должност ја има јавниот обвинител или приватниот тужител, а обвинетиот ги има сите потребни средства за одбрана.
Поделба на доказите на посредни и непосредни докази	Во САД само непосредните докази се земаат во предвид, и врз оснона на нив се базира целокупната доказна постапка.	Во РСМ исто така ,не може да се донесе одлука врз основа на посреден доказ (сведек кој не е очевидец).
Значење на признавање на вина	Признанието на вина во САД е најјак доказ и не се бараат дополнителни докази во случај кога има признавање.	Признанието на вина во РСМ исто така е цврст доказ постапката може да заврши со самото признавање, но судот има и активна улога при утврдувањето дали обвинетиот е свесен за имотноправните трошоци и барања и за последиците, и при утврдувањето на доброволноста на признанието.
Обврска на обвинетиот за активна одбрана	Овде обвинетиот не е должен да се брани и доколку не се брани тогаш во постапката доминира застапникот на обвинението. Доколку обвинетот одлучи да биде	Доколку одбраната не предложи негово испитување обвинетиот не се сослушува и Јавниот обвинител не може да му поставува директни прашања. Обвинетиот ја има

	сослушан може да одговара за давање лажен исказ.	можноста да се брани со молчење.
Концепција за плодовите на отровното дрво	Кога се работи за непосредни докази кои се прибавени на незаконски начин во САД важи правилото дека во никој случај не би биле земени во предвид за да се осуди или обвини , бидејќи тие докази се добиени на нелегален начин.	Во РСМ исто така има ограничување во доказите кои се допуштаат а тоа е телесниот преглед на обвинетиот и без негова согласност, претресот во домот на обвинетиот и без налог, но овие мерки како и условите на нивното изрекување, примена и обем во ЗКП се точно определени.
Задолжителна стручна одбрана на обвинетиот	Во повеќето кривични постапки обвинетиот по службена должност има право на бранител доколку за да си го приушти нема финансиски средства.Во случај обвинетиот да не сака бранител,тогаш во никој случај не му се доделува, туку истиот може и самиот да се брани.	Во РСМ за полесни кривични дела за коишто е предвидена казна до три години затвор присуство на бранител не е задолжително, додека за потешките кривични дела за кои е предвидена казна над три години затвор присуство на бранител е задолжително, ако истиот не ангажира бранител се поставува по сл.должност
Улогата на оштетениот и жртвата во кривичната постапка	Во САД оштетениот не може да оствари имотноправно побарување,ниту пак ја има доказната иницијатива. Додека жртвата може да биде	Оштетениот има право, да предлага докази, да му помага на јавниот обвинител во нивното изведување,да истакне имотноправно

	повторно повредена како последица на испрашувањата на одбраната или обвинителот во постапката.	побарување и слично. Додека жртвата може да истакне имотноправно побарување и да соработува со Јавниот обвинител и судот не дозволува жртвата при самото испрашување да биде малтретирана.
Непостоење на правило за обострано испитување на сведокот или вештакот	Секоја странка може да ангажира вешто лице да даде свој наод и мислење и на самото судење се врши испитување на на стручниот сведок или на вештакот и се врши така што прв директно го испитува оној што го предложил а после завршувањето на директното испрашување, другата страна има право на вкрстено испрашување, и потоа пак доаѓа до повторно сослушување на сведокот од страна на странката која го предложила.	И во РСМ секоја странка има право да користи свое вештачење, односно да ангажира свое вешто лице кое ќе даде наод и мислење. Карактеристично е кај нас што директни прашања поставува онаа страна која што го предложила, а вкрстени прашања спротивната страна, најважно е што вкрстено прашање не може да се дозволи доколку не произлегува од директното прашање или доколку воопшто не било поставено такво директно прашање.
Формална и неформална истрага	Овде без претходно добивање формална наредба од страна на судот или јавниот обвинител целата истрага ја	Кај нас истрагата ја води јавен обвинител и има формален карактер.Јавниот обвинител е надреден на правосудната

	води полицијата . Истрагата овде е целосно неформална и е ставена главна улога на полицијата.	полиција и и дава насоки и наредби за водењето на истрагата.
Непостоење на обврска на ЈО во текот на истрагата да собира докази кои одат во прилог на одбраната	Полицијата нема формална обврска да собира докази кои на одбраната и одат во прилог иако се очекува да не бидат „слепи“ за доказите кои на одбраната би биле во корист.	За разлика од САД кај нас ЈО има должност да ги собира сите докази со еднакво внимание, како доказите што го теретат обвинетиот така и тие што одат во прилог на неговата одбрана.
Активно учество на судот во истрагата	Полицијата ја води целата истрага ,додека во многу мал број на случаи Државниот обвинител. Во некои случаи постои комбинација на полициско-државна-обвинителска истрага.	Судот има мала улога и неговата улога се состои со тоа што по предлог на јавниот обвинител донесува наредби прислушкување на телефонски разговори,или за претрес на дом, решение за одредување на мерка притвор со кое се обезбедува присуството на обвинетиот или давање дозвола за прибирање податоци со посебни истражни мерки.
Судско обезбедување на докази	Не постои никаква можност за доказно ангажирање на судот во текот на истрагата бидејќи не може да се заснова пресуда на докази изведени во текот на	Се дозволува изведување на докази пред судија на претходна постапка доколку постои опасност тие докази да не можат да се повторат на

	истрагата, доколку истите на главниот претрес не се изведени.	главната расправа.
Целта на истрагата	Целта на истрага е единствено собирање на докази кои се потребни за покренување на обвинение.	Примарна цел на истрагата е донесување на одлука на Јавниот обвинител дали да покрене обвинение или да се откаже од кривично гонење, но и собирање на други докази за кои постои опасност дека нема да можат да се изведат при главната расправа.
Лимитирање на доказните предлози и непостоење на установата	Строго лимитирана форма со којашто предлагање на нови докази во текот на целата постапка не е дозволено,туку само на претходното рочиште.	Не постојат строги лимити за предлагање на изведување на нови докази, но на одбраната и е дозволено се до заклучувањето на главната расправа да предлага докази ,но истата може и да предлага нови докази во постапката по жалба.
Активна или пасивна улога на судот во доказната постапка	Судот е пасивен при изведувањето на доказите и во доказниот материјал кои му го презентираат странките во текот на судењето не смее никако да се меша.	Судот и овде исто така има пасивна улога и тој води грижа за формално правниот дел на изведувањето на доказите.
Начело на непосредност	Доказите кои се изведени во текот на истрагата освен	Кај нас исто така не се отстапува од начелото на

	исказот на самиот осомничен ако е даден во полиција или кај државниот обвинител не можат да се користат на главната расправа, другите искази без оглед на тоа дали се дадени со записник или аудио-видео запис (за судот по правило не постојат), сведоците мора да се испрашуваат пред судот, и не може да се чита нивната изјава дадена во текот на истрагата.	непосредност бидејќи судот, односно судијата предметот го започнува практично од почеток, тој не смее да донесе одлука врз основа на претходно изведени докази во текот на истрагата туку врз основа на докази само кои се изведени во текот на главната расправа.
Неможност на Судење во отсуство на обвинетиот	Во отсуство на обвинетиот не е дозволено судење .	Во нашето кривично законодавство судење во отсуство на обвинетиот е дозволено,но само во строго одредени законски услови и дозволено е повторување на постапката тогаш кога ќе се створат услови за негово присуство.
Постоење на порота	Во САД поротата ја донесува одлуката за прогласување на вина ,и поротата може да го прогласи обвинетиот за виновен по сите точки, само по неколку или пак за невин. Во одредени случаеви таа исто	Во РСМ не постои порота затоа што со судењето раководи и ја донесува одлуката за дела до 15 години затвор судија професионалец и двајца судии поротници, додека над 15 години затвор

	така може да донесе и одлука за санкцијата која ќе му ја одреди	двајца судии професионалци и тројца судии поротници.
Спогодба за вина	Постојат повеќе варијанти како што се: Редукција на обвинението така што обвинителот се фокусира на полесно кривично дело, односно полесен облик на кривично дело кое е предмет на обвинението .Во поглед на поединечни кривични дела откажување на обвинителот од кривично гонење. Постигнување на согласност на обвинителот и одбраната во поглед на казната чие изрекување ќе се предложи на судијата.	Кај нас помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот заедно со неговиот бранител постои спогодуваање за вина ,но само за видот и висината на казната, трошоците во постапката и имотно правното побарување.
Жалба	Се поднесува само за погрешна примена на законот што влијаело за погрешна целисходност на постапката или за процедурални прашања.	Се поднесува за суштествена повреда на одредбите на ЗКП, неправилно утврдена фактичка состојба, против одлуката за трошоците и против одлуката за казната.

Истражување

Статистика во однос на кривичните дела во Соединетите Американски Држави и на Република Северна Македонија

Статистика во Република Северна Македонија

Според Државниот завод за статистика, во Република Северна Македонија се пријавени полнолетни лица според групите на кривични дела.

- **Кривични дела против животот и телото**

Во 2017 година, пријавени полнолетни лица – 1122, во 2018 година – 943 пријавени полнолетни лица, во 2019 – 1006 пријавени лица, 2020 – 939 пријавени полнолетни лица кривични дела против животот и телото, додека 2021 година – 796 пријавени полнолетни лица.

- **Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот**

Во 2017 година – 407 пријавени полнолетни лица сторители на кривично дело против слободите и правата на човекот и граѓанинот, во 2018 година – 583 пријавени лица, додека пак 2019 – 429 пријавени полнолетни лица за ова дело, во 2020 година – 534 пријавени полнолетни пријавени лица и во 2021 – 477 лица.

- **Кривични дела против честа и угледот**

Во 2017 година, за ова дело биле пријавени само 11 лица, додека пак во 2018 година бројот бил намален на 7 лица, во 2019 година бројот се зголемил на 11 лица пријавени сторители за ова дело, за во 2020 пак да се намали на 5 лица. Во 2021 последна статистика е дека бројот на пријавени лица за кривични дела против честа и угледот е само 3 лица.

- **Кривични дела против бракот, семејството и младината**

Во 2017 година, за ова дело се пријавени 422 сторители, а во 2018 година, пријавени се 421 сторител за ова кривично дело. Во 2019 година, полнолетни лица сторители на кривични дела против бракот, семејството и младината се пријавени 470, а во 2020 - 422 лица. Бројот во 2021 година изнесува 353 лица пријавени за извршување на кривични дела против бракот, семејството и младината.

- **Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството**

Во 2017 година полнолетни лица кои биле пријавени за ова кривично дело биле 510 лица, а во 2018 година, бројот е намален на 310, додека во 2019 година сторители на кривично дело против јавните финансии, платниот промет и стопанството имало пријавено 344 лица. Во 2020 година пак, биле пријавени 419 лица, за последната статистика од 2021 година да извесува 376 пријавени лица за ова кривично дело.

- **Кривични дела против имотот**

Ова кривично дело убедливо ја држи највисоката стапка на пријави на сторители, односно по години претставено изгледа вака: Во 2017 година биле пријавени дури 24,595 лица за ова кривично дело, додека во 2018 година, биле пријавени 25,745 полнолетни лица за сторено кривично дело против имотот. Во 2019 година, оваа бројка драстично е намалена и изнесува 15,856 лица пријавени за сторување на кривичното дело, а во 2020 година пријавените полнолетни лица се 12,262. На крај, последните податоци за 2021 година покажуваат бројка од 12,816 пријавени лица за извршување на кривичното дело

- **Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот**

Иако поврзано со претходното кривично дело, ова кривично дело бележи многу помали броеви, односно за 2017 година, за ова кривично дело биле пријавени 399 лица, додека во 2018 година, бројот е зголемен на 419 пријавени полнолетни лица. Во 2019 година пак, биле пријавени 386 лица сторители на кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот. Во 2020 овој број бележи 275 пријавени лица, за последните податоци за 2021 година да покажуваат 331 пријавени лица за кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот.

- **Кривични дела против безбедноста во јавниот сообраќај**

Ова дело за 2017 година ги бележи следниве резултати, односно број од 2,882 пријавени полнолетни лица за сторување на истото. Во 2018 година, овој број останува сличен, односно изнесувал 2,849 пријавени лица за сторување на кривични дела против безбедноста во јавниот сообраќај, додека пак, во 2019 година малку е намален, односно бројот на пријавени полнолетни лица изнесува 2,710 полнолетни лица. Последните две години имаме најмал број за сторители на кривичното дело против безбедноста во јавниот сообраќај, односно овој број изнесува во 2020 2,679 лица, додека пак во 2021, изнесува 2,628 лица.

❖ **Кривични дела против државата**

Иако бележи најмали броеви за пријавени случаи на полнолетни лица кои го извршиле ова кривично дело, ова кривично дело има исто така големо значење и неговото спречување е клучно за безбедноста на државата. Во 2017 година, овој број бележи 15 пријавени полнолетни лица, додека пак за 2018 година бројот на пријавени лица за сторување на кривично дело против државата е намален на 3 лица. Во 2019 година, овој број изнесуваизнесува 32 пријавени полнолетни лица, а во 2020 изнесува 13 лица. Последните податоци за 2021 година, овој број изнесува 6 пријавени лица.

Статистика во Република Северна Македонија	*2017*	*2018*	*2019*	*2020*	*2021*
Кривични дела против животот и телото	1122	943	1006	939	796
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	407	583	429	534	477
Кривични дела против честа и угледот	11	7	11	5	3
Кривични дела против бракот, семејството и младината	422	421	470	422	353
Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството	510	310	344	419	376
Кривични дела против имотот	24,595	25,745	15,856	12,262	12,816
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	399	419	386	275	331
Кривични дела против безбедноста во јавниот сообраќај	2882	2849	2710	2679	2628
Кривични дела против државата	15	3	32	13	6

Статистика од Соединетите Американски Држави

Кога станува збор за статистичките податоци за Соединетите Американски Држави од областа на кривичното право, станува збор за многу поголеми и општи бројки, заокружени заради недоволни податоци за секое кривично дело. За тоа, ова истражување во полето на Соединетите Американски Држави ги опфаќа последните податоци од 2021 година. Соединетите Американски Држави како земја на развиен криминал, во себе крие

многу поголеми броеви за разлика од статистиката која беше претставена во Република Северна Македонија, односно:

За 2021 има регистрирано 13,537 инциденти со убиства и 14,716 прекршоци пријавени во Соединетите Американски Држави од 11,794 агенции, односно подрачја на ФБИ за спроведување на законот кои доставиле податоци за Националниот систем за известување на инциденти и оваа статистика за 2021 година, опфаќа 64% од вкупното население.

Во 2021 година, имало 90,308 инциденти на силување и 93,407 прекршоци пријавени во Соединетите Американски Држави од 11,794 агенции за спроведување на законот кои доставиле податоци за Националниот систем за известување заснован на инциденти и исто така опфаќа 64% од вкупното население.

Во 2021 година, имало 468,832 инциденти со тешки напади и 587,524 прекршоци пријави во Соединетите Американски држави, исто така од 11,794 агенции за спроведување на законот кои доставиле податоци за Националниот систем за известување заснован на инциденти и опфаќа 64% од вкупното население.

Во 2021 година, имало 4.145,374 инциденти со имотен криминал и сите 4.145,374 прекршоци пријавени во Соединетите Американски Држави од 11.794 агенции за спроведување на законот кои доставиле податоци за Националниот систем за известување заснован на инциденти и опфаќа 64% од вкупното население.

Во 2021 година, имало 26,608 инциденти со подметнување пожари и 26.608 прекршоци пријавени во Соединетите Американски Држави од 11.794 агенции за спроведување на законот кои доставија податоци за Националниот систем за известување заснован на инциденти и истото повторно покрива 64% од вкупното население.

Во 2021 година, имало 2.976,659 инциденти со кражби и 2.976,659 прекршоци пријавени во Соединетите Американски Држави од 11.794 агенции или подрачни единици на ФБИ, за спроведување на законот кои ги доставиле податоците за Националниот систем за известување заснован на инциденти и опфаќа 64% од вкупното население.

Во 2021 година, имало 555,543 инциденти со кражба на моторни возила и 555,543 прекршоци пријавени во Соединетите Американски Држави од 11,794 агенции за

спроведување на законот кои доставиле податоци за Националниот систем за известување заснован на инциденти и опфаќа 64% од вкупното население.

Статистика од Соединетите Американски Држави	*2021*	*прекршоци пријавени*
инциденти со убиства	13.537	14.716
инциденти на силување	90.308	93.407
инциденти со тешки напади	2.976.659	2.976.659
инцидентни со имотен криминал	468.832	587.524
инцидентни со подметнување пожари	4.145.374	4.145.374
инциденти со кражби	26.608	26.608
инциденти со кражба на моторни возила	555.543	555.543

Податоците кои ги покажуваат статистичките податоци за споменатите дела за 2021 година, според возраста на сторителот, можеме да го заклучиме следното:

- Сторителот е од 40 до 49 години во 27,031 од случаите;
- Сторителот е од 10 до 19 години во 35,150 од случаите;
- Сторителот е на возраст од 20 до 29 години во 58,560 од случаите;
- Сторителот има од 30 до 30 години во 59,972 од случаите;
- Во 109,725 случаи, односно останатите случаи, сторителот е непознат или пак, неговата возраст е непозната.

Што се однесува до жртвата во споменатите кривични дела, во 2021 година, распоредени по возраст, жртвите ги имале следниве години:

- Жртвата била на возраст од 60 до 69 години во 52,470 од споменатите случаи;
- Жртвата била на возраст од 50 до 59 години во 83,163 од споменатите случаи на кривични дела во Соединетите Американски Држави;
- Жртвата имала од 40 до 49 години во 99,896 од случаите на кривични дела;
- Жртвата била на возраст од 20 до 29 години во 114,260 од сторените кривични дела во 2021 година во Соединетите Американски Држави;

- Од 30 до 39 години била жртвата во најмногу случаи на кривично дело и тоа во 126,948 од случаите на кривични дела.

Заклучок

Анализирајќи ги казнените системи во РСМ и во САД можеме да се заклучи дека кривичната постапка во РСМ со новините од 2010 година кои на сила стапија во 2013 година стана многу поекспедитивен, поекономичен, пофункционален. Имено казнениот систем на РСМ во однос на признавањето на вина, спогодување за вина, воведе новини, и тоа претставува најголема придобивка бидејќи со тоа се скрати кривичната постапка во однос на фактот што се намали потребата од изведување на дополнителни докази, сослушувањеиз вешти лица, сведоци, а со тоа не само што се скратија трошоците на водење на постапката туку се скрати и самото време за водење на постапката.

Оваа новина произлезе од законодавството на САД каде што тие овој модус долго време го применуваат и при спроведувањето на истите модуси имаат доволно теорија и практика. Законодавството во РСМ при спроведувањето на реформите во кривичната постапка ги црпеше искуствата на законодавството во САД како позитивните така и негативните страни при примената на овие модуси.

Исто така уште една негативна страна на измените во кривичната постапка е делот кадешто јавното обвинителство ја отфрла кривичната пријава на оштетениот со решение и против ова решение дозволена е жалба до Вишото јавно обвинителство која е всушност и последна истанца што одлучува по жалбата.

Најголем допринос претставува признавањето на вина и спогодувањето за вина помеѓу обвинетиот, неговиот бранител и јавниот обвинител како и пресудите со кои се издава казнен налог по предлог на Јавен обвинител, сите овие постапки се скратени и за разлика од претходниот систем што беше застапен во РСМ во кој се водеа постапки што се долги и скапи, овие скратени постапки ја олеснија постапката бидејќи доказите не се изведуваат, а со тоа и трошоците во самата постапка се намалија.

Во САД спогодувањето за вина е застапено повеќе, додека во РСМ се применува во помал обем од причина што кај нас спогодување постои само за висината и видот на казната за разлика од САД каде што е пообемно. Во РСМ спогодувањето за вина како новина е позитивно од причина што се води и по принципот „кој признава пола му се простува“ и казната при спогодувањето може само да се намали, но не и да се зголеми.

Во САД полицијата има поголеми овластувања и право на донесување на самостојни одлуки за преземање на истражни мерки за разлика од РСМ, каде што полицијата не смее да преземе ни едно дејствие без одлука на судија во претходна постапка.

Можеме да заклучиме дека во РСМ се донесуваат објективни и стручни одлуки (пресуди) бидејќи со судењето во РСМ раководи стручен судија професионалец заедно со двајца судии поротници или пак совет од тројца судии и двајца судии поротници во Кривичен совет на повисокиот суд и сите тие се професионални, стручни правници.

Во САД поротата е составена од граѓани со различни професии и образование во обем во зависност од тежината на кривичното дело, и тие понекогаш одлуката можат да ја донесат врз основа на емоции, а не врз основа на стручно утврдување на фактичката состојба и притоа не се стручно правно оспособени.

Исто така во предност е тоа што во РСМ се предвидени бројни правни редовни и вонредни правни лекови, а со тоа и заштита на правата на обвинетиот се зголемува и му е дадена голема можност својата невиност да ја докаже, за разлика од САД каде што не се предвидени вакви лекови и дозволена им е само жалба за продедурални прашања или за погрешна примена на материјалното право.

Користена литература

Учебници

• Cronin, Audrey K. (2009). How Terrorism Ends: Understanding the Decline and Demise of Terrorist Campaigns. Princeton, NJ: Princeton Univ. Press.

• Feith, Douglas J. (2004). U.S. Strategy for the War on Terrrorism. Speech at the University of Chicago.

• Арнаудовски, Љ./ Груевска-Дракулевски, А. (2013) „Пенологија“ (прв и втор дел), Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2 Август С Штип, Скопје. / Arnaudovski, L./Gruevska – Drakulevski, A. (2013) "Penologija" (prv I vtor del), Praven fakultet "Justinijan Prvi" vo Skopje, 2 Avgust C-Stip, Skopje.

• Камбовски, В., (2004), Казнено право (општ дел), Култура, Скопје / Kambovski, V., Kazneno pravo (opst del), Kultura, Skopje

• Sulejmanov, Z., (2001), Kriminalna politika, Grafohartija, Skopje.

• Sulejmanov, Z., (2001), Krivicno pravo (opsht del), Grafohartija, Skopje.

Монографии и статии

• Ashworth, A., (2002), Sentencing, in Maguire, M., Morgan, R., & Reiner, R., (Eds.), The Oxford Handbook of Criminology, (third edition), New York: Oxford University Press Inc.

• Abbott, C, Paul Rogers and John Sloboda. (2006). Global Responses to Global Threats. Sustainable Security for the 21st Century, Oxford Research Group

• Barclay, G. & Tavares, C., (2003), International Comparisons of Criminal Justice Statistics 2001, RDS, London: Home Office

• Banović, B. (2009). Normativni okviri Evropske unije za borbu protiv terorizma, Revija za bezbednost, Beograd, vol. 3, br. 9, str. 52.

• Bilandžić, M. (2005). Sjeverna Irska između rata i mira. Zagreb: Golden marketing-Tehnička knjiga

• Burgoon, B. (2006.) “On Welfare and Terror: Social Welfare Policies and Political-Economic Roots of Terrorism”, Journal of Conflict Resolution,

• Buzan, B. (2006). "The 'War on Terrorism' as the New 'MacroSecuritisation'?" Oslo Workshop. Oslo.

• Calduch Cervera. R (2012). Impact of the economic crisis on defence policies: a comparative study, Complutense University of Madrid.

• Chappell, C. (2012). Germany, Poland and the Common Security and Defence Policy, Converging Security and Defence Perspectives in and Enlarged EU, Palgrave Macmilla, United Kingdom.

• Crouch, J. D. (2006). Press Briefing on the National Security Strategy. White House.

• Drew, Dennis M, Donald M. Snow. (2006). Making Twenty-First-Century Strategy An Introduction to Modern National Security Processes and Problems, Air University Press Maxwell Air Force Base, Alabama.

• Furedi, F (2018). How fear works, Culture of fear in the 21 st Century, Bloomsbury Continuum, UK.

• Hirsch, von A., (2003), Giving Criminals Their Just Deserts, in McLaughin, E., Muncie, J. & Hughes, G., (Eds.), Criminological Perspectives: Essential Reading, second edition, London: Sage Publications.

• Gaddis, John Lewis (2005). Surprise, Security and the American Experience.

• Kommer, M., (2004), Punitiveness in Europe Revisited, in ESC Criminology in Europe, Newsletter of the European Society of Criminology, Vol. 3, No. 1, Feb 2004

• Maguire, M., Morgan, R., Reiner, R., (2002) "The Oxford Handbook of Criminology", third edition, Oxford University Press. (превод од Владата). Мајкл Мегваер, Род Морган, Роберт Рајнер, (2010) „Оксфордски прирачник за криминологија", Нампрес Скопје.

• Making Punishments Work, Report of a Review of the Sentencing Framework for England and Wales, July 2001

• McLaughlin, E. & Muncie, J., (Eds.), (2001), The Sage Dictionary of Criminology, London: Sage Publications

• Milutinovic, M., (1984), KriminalnaPolitika, Beograd: Savremena Administracija O'Connell, Fiona (2011), "Comparative Research into Sentencing Guidelines

• Mechanisms", Research and Information Service Research Paper, Northern Ireland Assembly, NIAR, Paper 66/11, 16 June 2011.

• QC, David Thomas, (2002), The Sentencing Process, in McConville, M. & Wilson,

• G. (Eds.), The Handbook of The Criminal Justice Process, New York: Oxford University Press Inc.

• Sentencing Statistics 2003, England & Wales, (February 2005), Home Office Statistical Bulletin.

• Sentencing Statistics, England & Wales, Quarterly Brief, Jan to March 2004 (Crown Court), Oct to Dec 2003 (Magistrate's Court), (2004), Home Office Research Development Statistics

• US Sentencing Guidelines Commission Manual, (November, 1 2003)

• Груевска, А., (2004), „Намалување на стапката на рецидивизам во земјите на ЕУ и на Комонвелтот" во ЕВРОДИЈАЛОГ, Списание за европски прашања, br.7, Скопје: Студентски Збор, стр. 65-78).

• Gruevska, A (2004), "Namaluvanje na stapkata na recidivizam vo zemjite na EU I na komonveltot" vo EVRODIJALOG, Spisanie za evropski prasanja, br.7, Skopje: Studentski zbor.

• Груевска, Александра (2005) „Судско одмерување на казна: од теорија до практика - компаративен преглед" во Македонска ревија за казнено право и криминологија ISSN1409- 5327 (год. 12, br. 1, 2005), Казнена политика во Република Македонија, Материјали за шестото советување на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија, 2-ри Август С-Штип,

• Gruevska Aleksandra (2005) "Sudsko odmeruvanje na kazna: od teorija do praktika – komparativen pregled" vo Makedonska revija za kazneno pravo I kriminologija (god 12, br.1, 2005), Kaznena politika vo Republika Makedonija, Materijali za sestoto sovetuvanje na Zdruzenieto za krivicno pravo I kriminologija na Makedonija, 2-ri Avgus C-Stip,

• Груевска-Дракулевски, Александра (2012)„Казнената политика на судовите во Република Македонија во периодот 2007-2011", Македонска ревија за кривично право и криминологија, УДК343, година 18 и 19, Br.1-2, 2011/2012, ISSN 1409-5327, ЗКПКМ Скопје, 2 Август С Штип.

• Gruevska-Drakulevski, Aleksandra (2012) "Kaznenata politika na sudovite vo Republika Makedonija vo periodot 2007-2011", Makedonska revija za krivicno pravo I kriminologija, br. 1-2, godina 18 I 19, ZKPKM, Skopje, 2 Avgust C-Stip.

• Лажетиќ, Б. Г, (2003), Алтернативи на затворот, Скопје: Студентски Збор / Lazhetikj, B. G, (2003), Alternativi na zatvorot, Skopje: Studentski Zbor.

• Правилник за начинот на одмерување на казните (Службен весник на Република Македонија br.64 од 17.4.2014 година) / Pravilnik za nacinot na odmeruvanje na kaznite (Sluzhben vesnik na Republika Makedonija br.64 od 17.4.2014 godina).

• Пријавени, обвинети и осудени сторители на кривични дела во период од 1995 до 2003 година (полнолетни и малолетни), Статистички прегледи, Р.Македонија, Државен завод за статистика, Скопје / Prijaveni, obvineti I osudeni storiteli na krivicni dela vo period od 1995 do 2003 godina (polnoletni I maloletni), Statisticki pregledi, R.Makedonija, Drzhaven zavod za statistika, Skopje.

Нормативни акти

• Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски А. (2011) „ Закон за извршување на санкциите: интегрален текст со предговор, кратки објаснувања и регистар на поимите со прилози“, Скопје: „Студиорум“-Центар за регионални истражувања и соработка. / Arnaudovski, L

• Gruevska-Drakulevski A. (2011) "Zakon za izvrsuvanje na sankciite: integralen tekst so predgovor, kratki objasnuvanja I registar na poimi so prilozi", Skopje: "Studiorum"-Centar za regionalni istrazuvanja I sorabotka.

• Кривичен законик (Krivicen zakonik) („Службен весник на Република Македонија/ Sluzhben vesnik na Republika Makedonija“ br. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014,27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014 и 132/2014).

• Кривичен Законик (интегрален текст), (2004), Скопје: Агенција Академик / Krivicen zakonik (integralen teskt), (2004), Skopje: Agencija Akademik.

• ИЦХР/ ОХЦХР/УНОДЦ (2007 г.), Модел на кривичен законик, www.usip.org,

• Закон за одговорност на правни лица за кривични дела од 2005 г., идем. Германска сојузна служба за спречување на монопол, соопштение за јавноста од 11 февруари 2014 г.,

• Законот за одговорност на правни лица за кривични дела од 2005 г.

Веб страници

• http://www.oxfordresearchgroup.org.uk/sites/default/files/globalthreats.pdf

• http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/?uri=CELEX:32003F0568

• http://www.unodc.org/unodc/en/treaties/CAC/

• http://www.oas.org/juridico/english/Treaties/b-58.html

• https://au.int/en/treaties/protocol-amendments-protocol-statute-african-court-justice-and-human-rights

•http://www.oecd.org/corruption/oecdantibriberyconvention.html

• http://conventions.coe.int/Treaty/en/Treaties/Html/173.html

• http://conventions.coe.int/Treaty/EN/Treaties/Html/198.htm

• www.unodc.org/unodc/treaties/CTOC/index.html#Fulltext

• Конвенција за заштита на финансиските интереси на Европските заедници (1995), http://eur-lex.europa.eu

• Конвенција за борба против корупција со претставници на Европските заедници или претставници на земјите членки на ЕУ (1997), http://eur-lex.europa.eu

• http://eurlex.europa.eu

• ОЕЦД (јуни 2014 г.), Словенија: Извештај од фаза 3 за примената на Конвенцијата за борба против поткупувањето на странски функционери, препорака 2а, достапен на www.oecd.org

• ОЕЦД (јули 2016 г.), Словенија : Извештај и препораки од следењето на фаза 3 , достапни на www.oecd.org

• Европски суд на правдата, Оркем против Комисијата на Европските заедници (Orkem v Commission of the European Communities), предмет 374/87, Пресуда од 18 октомври 1989 г., достапна на http://eur-lex.europa.eu